Скриптата од областа маркетинг е насловена „Маркетинг: Модели на интегрирана комуникација“ - скрипта е напишана како продолжение на претходно публикувана скрипта по предметот Маркетинг насловена „Маркетинг: Истражување, стратегија и планирање“. Истата е инспирирана од недостатоците во процесот на комуникација на домашните компании, организации и институции, како и од воочената потреба за дополнителна едукација на студентите, менаџерите и воопшто граѓаните за маркетингот како област, но и различните начини (модели) на маркетинг комуникација. Во првиот случај, како најголем недостаток кај домашните компании го критикува работењето по инерција, со особени слабости во комуникацијата со потрошувачите, каде што се евидентни бројни погрешни тактики, практики на заведување и погрешно информирање или едноставно, слаб фокус на комуникацијата во целост. Ова дело е напишано со намера да исполни неколку цели: објективно, потполно и систематично научно опишување или дескрипција на прецизираната тематиката, како прв чекор во процесот на спознавање, преку увид во актуелната светска и домашна литература, како и преку анализа на работењето на компаниите, особено од аспект на маркетингот; научно објаснување на предметот на трудот, преку откривање на условите, причините и мотивите за текот на случувањата, врз основа на научната теорија и пракса; научно предвидување или прогноза, со насочување кон тенденцијата на менување на состојбите и следење на динамичките карактеристики на дефинираниот проблем; едукација на читателите во насока на разбирање на механизмите и суштината на маркетиншкиот комуникациски процес, со цел за зголемување на нивната свесност при прием на маркетинг пораките и ограничување (контрола) на влијанието на нивната содржина.

Според поставените цели, учебното помагало претставува синтеза на она што значи маркетингот како област, неговата поврзаност со интегрираната комуникација, со особен фокус на најефективните модели за стратешка интегрирана маркетиншка комуникација со целната публика. Опфатени се и елементите преку чија соодветна употреба може значително да се влијае на разбирањето и подобрувањето на маркетиншкиот комуникациски процес. Првиот дел нè воведува во разбирање на значењето на маркетингот и интегрираните маркетиншки комуникации, теоријата за интегрирани комуникации, однесувањето на потрошувачите. Вториот дел се однесува на моделите на интегрирана комуникација и нивните елементи, со чие изучување ќе се стекне знаење за правилен избор на еден наспроти друг модел, според потребите и поставените цели на праќачот на пораката. Третиот дел се однесува на основниот модел на комуникација, познат уште и како процес на комуникација, кој сè уште е еден од најчесто користените. Намената на ова учебно помагало е, пред сè, да служи како дополнителна литература за консултација при проучување на конкретни аспекти од маркетингот и маркетиншките комуникации.

**Евалуација на учебно помагало (практикум) од областа маркетинг**

Практикумот од областа маркетинг е насловен како и скриптата „Маркетинг: Модели

на интегрирана комуникација" – практикум. Претставува дополнување на материјалот во скриптата, со клучната разлика што изобилува со бројни примери од праксата кои ги објаснуваат тезите претставени во скриптата.

Учебното помагало е замислено да ја доближи праксата до теоријата, за нејзино полесно совладување од страна на студентите и пошироката јавност. Употребата на примери од праксата и студиите на случај од областа на маркетингот и маркетинг комуникациите, кои се дел од практикумот, издвојувањето на клучните придобивки и дополнителите извори на информации, дава прегледна структура која му помага на читателот да дојде до саканата информација и знаење на брз начин и да консултира дополнителна литература по потреба. Студиите на случај и примерите од праксата се вклучени за да го олеснат разбирањето на специфичната проблематика и се однесуваат на домашни и странски компании, организации, institиуции кои применувале правилни и/или погрешни тактики во маркетиншкиот комуникациски процес со целната група. Првиот дел опфаќа примери и студии на случај кои помагаат за разбирање на значењето на маркетингот и интегрираните маркетиншки комуникации, теоријата за интегрирани комуникации, однесувањето на потрошувачите. Вториот дел опфаќа примери, практични проблеми и решенија од реалниот сектор кои се однесуваат на дообјаснување на моделите на интегрирана комуникација и нивните елементи, со чие изучување ќе се стекне знаење за правилен избор на еден наспроти друг модел, според потребите и поставените цели на праќачот на пораката. Третиот дел преку примери го обработува основниот модел на комуникација, познат уште и како процес на комуникација, кој сè уште е еден од најчесто користените. Намената на ова учебно помагало е пред сè да служи како дополнителна литература за консултација при проучување на конкретни аспекти од маркетингот и маркетиншките комуникации.

**Евалуација на научен труд под реден број 1**

*Youth and Entrepreneurial Intentions in four South-East European Countries*

Во трудот се комбинирани варијаблите од теоријата на планираното однесување со дополнителни варијабли кои ги објаснуваат карактеристиките на личноста и контекстуалните променливи во општеството, со цел да се објаснат претприемачките намери на младите лица, преку примерок од 1200 студенти по економија и бизнис во четири земји од Југоисточна Европа: Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија и Србија. Резултатите покажуваат дека меѓу овие четири земји, претприемничките намери се највисоки во Македонија. Ова може да се објасни со личните перцепции на испитаниците, како што се личниот (релативно позитивен) став кон претприемништвото и перцепираната контрола на однесувањето (колку лицата веруваат дека придонесуваат за работите да се случат), кои позитивно влијаат на претприемничките намери и кои во просек се поголеми во Македонија. Друг впечатлив наод, спротивен од наодите во досегашната литература, е недостатокот на објаснување на моќта на контекстуалните варијабли (особено на бариерите за претприемништво) во овие земји кои се познати по нивната лоша бизнис клима. Оваа студија покажува дека иако младите лица во овие четири земји во транзиција имаат позитивен став кон претприемништвото, тие не покажуваат јасна претприемачка намера. Трудот ја дополнува постојната научна литература, а резултатите од него може да служат како основа за институционални и образовни промени.

**Евалуација на научен труд под реден број 2**

*Integrated marketing communication: evolution, defining and implementation*

Трудот има за цел да го објасни поимот на интергирана маркетинг комуникација, преку разработување на еволуцијата, дефинирањето и примента на оваа маркетиншка активност во работењето на деловните субјекти, организациите и институциите. Се поаѓа од премисата дека во обидите за дефинирање на (маркетинг) комуникацијата голема е веројатноста за секој од нас да дојде до различен заклучок за она што претставува комуникацијата, врз основа на индивидуалната употреба и разбирање на поимот. Се посочува дека потребата да се разбереме меѓусебе е една од основните човекови потреби, чии корени може да ги најдеме уште во формирањето на првата заедница, под влијание на вродениот инстинкт за преживување. Трудот почнува со етимолошкото значење на зборот (да споделиш,

информираш, обединиш или буквално, да го направиш вообичено, јавно, општо), преку увид во интелектуалните расправи по Првата и по Втората светска војна, па сè до анализа на размислувањата на бројни автори кои свесно ја означуваат комуникацијата како дисеминација на влијателни симболи кои го обликуваат јавното мнение, неретко вклучувајќи елементи на манипулација со народот. Се издвојува и значењето од маркетиншки аспект - размената на информации, од едноставна причина што комуникацијата во маркетингот не смее да биде еднонасочен процес, бидејќи праќањето на пораката до примателот не значи едновремено и ефективна комуникација, поради веројатноста пораката да биде погрешно разбрана, да не стигне до примателот или да не биде прифатена според очекувањата. Со тоа, трудот ја актуализра проблематиката на маркетиншкото комуницирање, неговото значење за успешно работење на компаниите на пазарот, но и опасностите од неговата погрешна употреба.

**Евалуација на научен труд под реден број 3**

*Inter-functional coordination: importance of employee communication in marketing activities of entrepreneurial companies in a developing economy*

Главната цел на овој труд е да се истражи значењето на интерфункционалната координација (IFC), односно вантрешното споделување на информации кои ги обликуваат маркетинг активностите и нивното влијание врз финансиските перформанси на претприемничките компании во економија во развој. Целите се: 1. Да се измери нивото на променливите кои ги објаснуваат IFC (IFC1: Сегашните и идните потреби на потрошувачите се дискутираат во сите одделенија; IFC 2: Кога одделот открива нешто важно за потрошувачите или за конкуренцијата, брзо ги известува останатите засегнати оддели; IFC 3: Постои широка комуникација помеѓу различни оддели во поглед на искуството на потрошувачите и промените на пазарот); 2. Да се одреди просечното ниво на IFC; 3. Да се потврди ефектот што IFC го има врз профитабилноста. Резултатите покажуваат дека компаниите од различни големини демонстрираат различно ниво на имплементација на IFC, односно средните и големите компании имаат повисоки просечни нивоа на IFC споредено со малите компании. Резултатите, исто така, го потврдуваат значајниот однос, како и директното влијание на нивото на IFC врз профитабилноста на бизнисот. Трудот има некои практични импликации: за да се постигне повисоко финансиско работење, компаниите мора да усвојат и да ја спроведат интерфункционалната координација како дел од процесот на пазарна ориентација. Вредноста на трудот произлегува од потврдувањето на значењето на односот меѓу IFC и профитабилноста, во различен бизнис сектор, со поинаков предмет на истражување од оние анализирани дотогаш во литературата.

**Евалуација на научен труд под реден број 4**

*Market segmentation factors: analysis of the confectionery industry in Macedonia*

Трудот го разработува сегментирањето на пазарот, како значајна маркетиншка активност, поаѓајќи од изборот на стратегијата на сегментација (недиференцирана, диференцирана, концентрирана или микромаркетинг) во зависност од балансот кој сака да го постигне претпријатието во однос на перцепираната дополнителна вредност и трошоците за остварување на истата. Ја прикажува сегментацијата како чекор кој може и треба да го открие: начинот на однесување при купување и навики во користење на производите; подготвеноста да се плати повисока цена за повисок квалитет; степенот на лојалност на брендот; потребите; социјалниот статус, концептот за себеси, животниот стил. Се поставува логичен след на активности, според кој по одредувањето на правецот на движење на сегментацијата, потребно е да се утврдат и методите/факторите по кои ќе се делат и опишуваат различните сегменти на потрошувачи, врз основа на соодветни карактеристики за да може подобро да се разбере профилот на потрошувачите во секој поединечен сегмент, сличностите помеѓу потрошувачите во рамките на еден сегмент и сличностите и разликите помеѓу сегменти. Во трудот се прикажуваат и методи/фактори за сегментација: географски фактори; демографски фактори; психографски фактори. Се заклучува дека сегментацијата на пазарот овозможува зголемување на конкурентската предност преку можноста да се креира соодветна понуда која најдобро ќе ги задоволува

потребите на потрошувачите во споредба со конкурентските, а како резултат на доброто познавање на сегментите на пазарот.

**Евалуација на научен труд под реден број 5**

*Persuasion and sales of ideas and products: third party technique in marketing communication*

Во овој труд се објаснува ефектот на трети лица (употребата на лидери и/или креатори на мислење во маркетинг комуникацијата е позната како техника на трети лица) во убедување на потрошувачите и пошироката јавност да го купат и пробаат производот кој е предмет на маркетиншката комуникација со целните групи. Фокусот е ставен на потенцијалната злоупотреба на ефектот на трети лица и манипулација со целната група, заради поголема продажба, особено во случај на незнаење на целната група дека лицето кое го промовира производот/услугата/идејата е платено за таа активност. Анализата покажува дека потрошувачите имаат искривена перцепција со која се преценува на ефектот на комуникациските пораки на генерализираните други лица, а се потценува ефектот на пораките врз себеси. Во маркетиншката комуникација се смета дека ако успееме да влијаеме на мислењето и ставовите на лидерот на одредена група, по автоматизам може да влијаеме и на останатите членови од групата која го следи. Трудот посочува на потребата од внимателно и информирано прифаќање на пораките од трети лица, заради можноста промотивните пораки да влијаат врз ставовите и однесувањето. Препораките се во насока на подобра едукација на населението за потенцијалните штетни ефекти, манипулација со мислењето, ставовите и однесувањето (создавање на консумеристичко општество), како и начините за препознавање на тактиките кои го поддржуваат и засилуваат таквото влијание.

**Евалуација на научен труд под реден број 6**

*Why Can't We Make It? The Cardinal Business Sins of Domestic Companies in a Transitional Economy*

Оваа анализа е фокусирана на деловните практики на компаниите во транзициска економија (Република Македонија), со фокус на финансиските и маркетиншките аспекти на работењето, вклучувајќи: различни начини на финансирање на компаниите во рана фаза на развој, алтернативни начини на финансирање, почетни инвестиции, финансирање на работен капитал, истражување на пазарот; пазарна ориентација; имплементација на елементи на маркетинг стратегија. Трудот е развиен врз основа на две хипотези: проактивен пристап на пазарот е значително корисен за финансиското работење на компаниите и соодветните начини на финансирање се клучни за опстанокот и растот. Резултатите покажуваат дека компаниите во опфатената транзициска економија имаат многу ограничувања во анализираните активности: недостаток на користење на различни начини на финансирање; несоодветна употреба на финансирање на обртни средства; неписменост во врска со управувањето со финансиите и инвестициите; само повремена имплементација на истражување на пазарот; средно ниво на пазарна ориентација; недостатоци во креирањето и примената на неколку елементи од маркетинг стратегијата. Анализата открива поврзаност на истражување на пазарот, повисоките нивоа на пазарна ориентација и имплементација на одредени елементи на маркетинг стратегија со повисока профитабилност. Трудот придонесува за елиминација на перцепираните слабости, со што се создава можност за понатамошен раст и развој. Резултатите

исто така може да обезбедат база и поддршка за истражување во други транзициони економии.

**Евалуација на научен труд под реден број 7**

*Дистрибутивните канали и предизвиците на земјите без излез на море*

Трудот ја разработува проблематиката на дистрибутивните канали, нивното значење за растот на компаниите и развојот на националните економии, како и предизвикот на земјите без излез на море. Се прави увид во потребата за примена на нови стратегии и повисок степен на ефективно планирање, координација и соработка меѓу националните економии и компаниите ширум светот. Во тој поглед посебно се поставува прашањето

како да се подобрат состојбите кај оние економии кои немаат директен излез на море, а со тоа се доведуваат во ситуација на „географска хендикепираност“ во однос на земјите со директен пристап до морските пловни патишта. Како предизвици на континенталните земји се истакнуваат оддалеченост и изолација, предизвик за нив претставува и зависноста од транзит преку суверена земја. Повеќето дискусии укажуваат на тоа дека постојат сложени односи меѓу континенталните земји односно т.н. транспортно изолирани од глобалните пазари и нивниот економски раст и логистички трошоци.

**Евалуација на научен труд под реден број 8**

_Глобалното донесување на стратегиски одлуки и улогата на транспортот: случајот на ЕУ_

Во трудот се анализира транспортната инфраструктура во поглед на најзиното значење за добро функционирање на економските активности на секоја земја и како клучен фактор за нејзино поврзување со бизнис пазарите ширум светот. Како економски придобивки од инвестициите во транспортната инфраструктура се идентификуваат долгорочна конкурентност, продуктивност, иновации, пониски цени и повисоки приходи, кои се од клучно значење за економскиот просперитет на секое општество. Транспортот се посочува како еден од најзначајните фактори за економски развој, бидејќи овозможува зголемена мобилност и поврзување на сите дестинации ширум светот, ја стимулира трговијата, формира нови пазари, има директно влијание во секторот на услуги (посебно туризмот). Напредокот во транспортната технологија има силен одраз во примената на нови методи во производните процеси, нови и зајакнати социјални, политички и економски врски помеѓу земјите во географскиот простор. Се заклучува дека секоја економија на национално и регионално ниво мора да го развива интересот во ревитализација на своите транспортни системи и да биде во чекор со глобалните предизвици.

**Евалуација на научен труд под реден број 9**

_Expectations and brand experience: Millennials - the generation that can shape the future service quality of companies in a developing economy_

Главната цел на овој труд е да се добие подобро разбирање за очекувањата на генерацијата позната како милениумци и да се истражи врската помеѓу степенот на нивното задоволство и неговото влијание врз брендот. Во овој труд се користи моделот на SERVQUAL за мерење на квалитетот на услугите кај потрошувачите со цел да се разберат нивните потреби и однесувања во повеќе од една генерациска група. Истражувањето ги испитува очекувањата на клиентите за квалитетот на услугите и ги споредува наодите со перцепциите за услугите во автомобилската индустрија во Македонија. Примарниот фокус на трудот е да се опише како милениумците, со нивните специфични карактеристики, може да го обликуваат идниот квалитет на услугите на претприемничките бизниси во економија во развој. Студијата покажа дека повеќето од клиентите (во однос на генерациите) се многу задоволни и лојални на компанијата. Резултатите покажуваат дека денешните купувачи, а особено Милениумците очекуваат нешто повеќе во однос на претходните генерации купувачи. Тие сакаат да бидат поврзани со брендот, очекуваат висок квалитет на услуга и имаат лесна и брза достапност до интернет и социјални медиуми за споделување на искуства и информации. Ова значи дека за да се задржат потрошувачите милениумци, компаниите треба да имаат предвид дека оваа генерација има поинаков начин на размислување и да бидат подготвени да го променат начинот на кој настапуваат на пазарот.

**Евалуација на научен труд под реден број 10**

_Impact of integrated communication on entrepreneurial companies’ financial performance - A developing economy_

Овој труд ја анализира тековната состојба на маркетиншките комуникациски процеси применувани од претприемничките компании во рамките на транзициска економија и влијанието на интегрираните комуникации врз профитабилноста. Резултатите посочуваат на позитивна врска, односно користењето на интегрирана комуникација доведува до зголемување на профитабилноста. Сепак, наместо интегрирани комуникации, компаниите,

без оглед на големината, им даваат приоритет на економската пропаганда и промоцијата на продажбата; најчесто користат нелични, масовни медиуми, главно телевизија. Од трудот може да се заклучи дека комбинација на неколку елементи од промотивниот микс, односно примена на интегрирани маркетинг комуникации влијае позитивно на профитабилноста; исто така и комбинацијата на медиуми за промоција има позитивно влијание врз профитабилноста. Заклучокот сугерира дека спроведување на интегрирана маркетинг комуникација резултира со позитивен ефект врз финансиските перформанси и ги зголемува шансите за инвестирање во понатамошниот развој.

**Евалуација на научен труд под реден број 11**

*Decisions about design and selection of marketing channels*

Во трудот се истражува значењето на стратегијата за дистрибуција, која произлегува од нејзиното учество во трошоците вклучени во цената, насочување на информациите во промотивната порака, поврзаноста со посакуваната пазарна позиција на производот. Се анализираат сите аспекти на дистрибуцијата - управување со сите функции (физички проток, промоција, нарачување и плаќање информации, преговарање, преземање на ризик) вклучени во каналот. Резултатите прикажуваат позитивна корелација на истовремена употреба на повеќе канали со успехот на брендот и потреба за интензивирање на дистрибуцијата за долгорочен успех во пласманот на производите. Се заклучува дека дистрибутивните канали не треба да вршат едноставна функција на продажба на пазарот, туку исто така треба да служат за интензивирање на побарувачката за постојните производи за развој на нови пазари и обезбедување подобра позиција на претпријатието на пазарот. Важна појдовна точка во дизајнирањето на дистрибутивната стратегија е маркетинг стратегијата, која мора да биде засилена со методот и видот на дистрибуцијата.

**Евалуација на научен труд под реден број 12**

*Distribution channels and optimizing competitiveness in business environment*

Трудот го анализира современиот систем на дистрибуција, кој ги опфаќа сите инструменти и пазарни активности кои можат да доведат до признавање и создавање потенцијал за ефект на пазарот. Зголемувањето на ефикасноста на дистрибутивните процеси има потенцијал да ги намали трошоците за готов производ, да го зголеми успехот на компанијата и да обезбеди најдобро ниво на грижа за потрошувачите. Постоењето на голема разновидност на информации на глобалните пазари го диктира нивото на компетентност на каналите за дистрибуција во една земја или регион. Комплексните и софистицирани информатички инфраструктури предизвикуваат интерактивни процеси во дистрибутивните активности. Експертите од овој домен се согласуваат дека таквото реструктурирање води кон економски раст, подобра распределба на ресурсите и, пред сè, поголема слобода на избор за потрошувачите.

**Евалуација на научен труд под реден број 13**

*Entrepreneurial Competition Orientation and Profitability: The Case of a Developing Economy*

Главната цел на овој труд е да се потврди значењето на имплементација на конкурентска ориентација (CO) како дел од пазарната ориентација за финансиските перформанси на претприемничките мали и средни претпријатија во економија во развој. Целите се: 1. Да се измери нивото на секоја од варијаблите на скалата (CO1: Раководството континуирано ги анализира предностите и слабостите на конкурентите; CO2: Редовно ги користиме информациите за нашите конкуренти во креирањето на стратегија; CO3: Кога натпреварувачот започнува кампања кон нашата позиција на пазарот, ние преземаме итна акција; CO4: Насочуваме клиенти, каде што имаме или можеме да развиеме конкурентска предност, CO5: Ја креираме нашата стратегија врз основа на детална и ефективна анализа на конкурентите). 2. Да се утврди просечното ниво на конкурентска ориентација во претприемничките мали и средни претпријатија; 3. Да се докаже ефектот на конкурентска ориентација врз профитабилноста. Резултатите покажуваат дека компаниите од различни големини демонстрираат различно ниво на имплементација на конкурентска ориентација

т.е. средни претпријатија имплементираат повисоки нивоа на секоја анализирана варијабла на СО, отколку малите компании. Резултатите, исто така, ги потврдуваат значајните врски меѓу петте димензии на СО, како и нивниот однос со профитабилноста на анализираните компании. Исто така, беше откриено и директно влијание на нивото на имплементација на СО врз профитабилноста на работењето. Трудот има некои практични импликации: докажува дека за да се постигне повисок финансиски перформанс, малите и средните претпријатија мора да усвојат и да спроведат повисоко ниво на конкурентска ориентација, како дел од процесот на пазарна ориентација.

**Евалуација на научен труд под реден број 14**

*Formal marketing planning and performance - the case of transitional economy*

Овој труд е инспириран од потребата да се идентификуваат слабостите во процесот на маркетинг планирање во компаниите во транзициска економија и ја анализира врската помеѓу континуираното формално планирање и бизнис перформансите (профитабилност и пазарна ориентација). Дескриптивната статистика прикажува повеќе слабости во процесот на планирање на маркетингот: ретка употреба на континуирано формално маркетинг планирање; недостаток на знаење за процесот на планирање; тенденција на погрешна употреба на аналитички алатки. Дедуктивната статистика покажува директна врска и зависност на профитабилноста и степенот на пазарна ориентација од спроведувањето на континуирано формално маркетинг планирање. Трудот нуди некои практични импликации: објаснува како корекција на тековните практики и ставови за процесот на маркетинг планирање може да доведе до подобри деловни резултати.

**Евалуација на научен труд под реден број 15**

*Geographical Pattern of Cultural Values, Entrepreneurship and Economic Development*

Во трудот се анализираат значењето и ефектот на глобализацијата и информатичките технологии кои го преобликуваат целокупниот образец на обичај на живот, културно производство, потрошувачка и трговија во светот на брзи промени и економска разновидност. Овој труд ги истражува комплексните интеракции помеѓу географскиот модел од една страна и културните, технолошки и социјални аспекти на претприемништвото од другата страна што ги генерира динамичните процеси на светската економија.

**Евалуација на научен труд под реден број 16**

*Предизвици на современиот банкарски маркетинг -интегрирани маркетинг комуникации: случајот на Република Македонија*

Овој труд ги анализира практиките на дел од македонските банки во процесот на комуникација со потрошувачите, од аспект на промотивниот микс кој го користат за воспоставување на долгорочни односи со потрошувачите. Основната цел на трудот е преку приказ на практиките во маркетинг активностите во банкарскиот сектор, да се поттикнат на размислување и останатите компании за употреба на слични активности, преку следење на најдобрите практики.

**Евалуација на научен труд под реден број 17**

*Процес на прифаќање на производите од потрошувачите (дифузија на иновации)*

Во трудот подетално е анализирана теоријата за „дифузија на иновации“. Според оваа теорија, процесот на прифаќање и усвојување на производот на пазарот познат како дифузија е, всушност, процес на комуницирање на иновацијата преку одредени канали (масовни медиуми и интерперсонални канали), во тек на време, помеѓу припадници на одреден социјален систем. При пласирање на нови производи на пазарот е значајно да се знаат основните фактори кои го условуваат прифаќањето на иновацијата и ја забрзуваат стапката на прифаќање, што бара и познавање и предвидување на однесувањето на потрошувачите. Во оваа насока, од особено значење е анализирање на однесувањето на различните типови на потрошувачите при прифаќање на нови производи.

**Евалуација на научен труд под реден број 18**

*Анализа на степенот на ориентација кон потрошувачите во МСП во Р. Македонија*

Основна цел во трудот е преку анализата на степенот на ориентација кон потрошувачите, да се добие јасна претстава за тековната состојба во домашните МСП во однос на анализа на потрошувачите, со што ќе се создаде основа за воочување на недостатоци, како и за предлог измени и подобрувања на состојбите. Резултатите посочуваат дека: просечните вредности на ориентација кон потрошувачите на домашните МСП се на средно ниво, а пронајдена е и врска помеѓу подобрите финансиски резултати и повисокиот степен на ориентација кон потрошувачите. Според тоа, во трудот се предложени корекции во тековните практики на претпријатијата, со кои ќе се зголеми нивото, т.е. степенот на ориентација кон потрошувачите.

**Евалуација на научен труд под реден број 19**

*Business environment factors and business performance: the case of Macedonia – a developing economy.*

Главната цел на оваа анализа е да се докаже дека некои специфични фактори на внатрешната (степенот на ориентација на клиентите преку анализа на потрошувачите и одговор на потребите на потрошувачите, како дел од пазарна ориентација и стратегија на компаниите), микро (преговарачката моќ на снабдувачите и потрошувачите, можноста за влез на нови учесници на пазарот, интензитетот на конкуренцијата) и макро (промени во технологијата, турбуленции на пазарот, раст на побарувачката) средината, директно влијаат на пазарниот удел и профитабилноста на компаниите во економија во развој и на тој начин им овозможуваат на компаниите да се фокусираат на оние од значење, што ќе овозможи поефикасно распределување на ограничените деловни ресурси. Дескриптивната статистика покажува дека: домашните компании во просек имаат ниски до средни нивоа на потрошувачка ориентација; факторите на микроживотната средина го прават пазарот многу конкурентен; макросредината на домашниот пазар се дефинира преку турбуленции на високо ниво, чести промени во технологијата и раст на средната побарувачка. Дедуктивната статистика покажува дека најсилното влијание врз деловните резултати произлегува од внатрешните фактори на околината, односно ориентацијата кон клиентите. Дополнително, се забележува значајна меѓусебна поврзаност меѓу факторите на макроживотната средина, односно промените во растот на технологијата и побарувачката, кои исто така влијаат на деловните перформанси, односно пазарното учество. Заклучокот наведува дека во економија во развој, каде што интензитетот на конкуренцијата и турбуленцијата на пазарот е висок, компаниите можат да постигнат подобри деловни резултати и посилна пазарна позиција преку промени во внатрешните фактори во однос на стратегијата и пазарна ориентација, т.е. ориентација на потрошувачите / клиентите.

**Евалуација на научен труд под реден број 20**

*Marketing planning: state of the art in a transitional economy*

Анализата во овој труд има две главни цели: 1. да ги идентификува слабостите во процесот на планирање на маркетингот, 2. да ја докаже поврзаноста на континуирано формално маркетинг планирање со бизнис перформансите, односно профитабилноста и пазарниот удел. Резултатите покажуваат дека компаниите имаат повеќе слабости во процесот на планирање на маркетингот (континуирано формално маркетиншко планирање се случува ретко, има недостаток на знаење во врска со систематскиот процес на планирање). Дополнително, беше откриена поврзаност и зависност на бизнис перформансите од континуирано формално маркетинг планирање. Трудот има одредени практични импликации: можности за корекција на постојните практики и развој на систематски процес на планирање на маркетингот. Исто така, резултатите може да бидат консултирани од страна на истражувачи и практичари од други транзициони економии.

**Евалуација на научен труд под реден број 21**

*Information Technology and Distribution Channels: Current Trends*

Истражувањето на овој труд е фокусирано на анализа и презентација на можноста за

примена на современи информатички технологии и алатки во маркетинг (дистрибутивниот) сектор. Анализирано е прашањето како најдобро, оптимално и со најмали трошоци да го постигнеме задоволството на клиентите. Главниот фокус и сила во организациите и вработените е важноста за исполнување на очекувањата на клиентите. Компаниите посветуваат посебно внимание на обработка на современи информациски модели и техники за задоволување на потребите и желбите на потрошувачите. Овие системи се користат за навремено информирање на клиентите за нови производи и услуги, попусти за цени, информации за местото, времето на движење и очекуваните датуми на пристигнување на нарачаниот производ итн. Ова често се постигнува со користење на новата GPS технологија и безжични технологии.

**Евалуација на научен труд под реден број 22**

*Marketing Strategy and Financial Performance: The Case of Chocolate Industry in Macedonia*

Во трудот се анализираат значењето и потребата од маркетинг стратегијата како комплетен план или инструмент специјално дизајниран за да постигне сет од маркетинг цели кои ќе влијаат на финансиските перформанси на компанијата. Имплементацијата на маркетинг стратегија и нејзиното влијание врз финансиските перформанси на компанијата станува многу важна како тема за практичарите, но исто така и за истражувачите заинтересирани за областите на маркетинг и финансии. Маркетинг стратегија предодредува избор на целни пазарни сегменти, позиционирање, маркетинг микс и распределба на ресурси. Авторите предлагаат маркетинг стратегија која вклучува два последователни чекори: прв - сегментација на пазарот и избор на целна група на потрошувачи и втор - креирање на маркетинг микс.

**Евалуација на научен труд под реден број 23**

*Aspects of Competitiveness - Achieving Competitive Advantage of Organizations in Macedonia*

Истражувањето направено во овој труд ќе придонесе за продлабочување на разбирањето на тековниот глобален процес и во иднина ќе ги поттикне организациите да пристапат кон приспособување и спроведување на севкупните реформи и функционирање на пазарната економија со поголемо знаење. Со цел да се зголеми конкурентноста, клучно е организациите да вршат активности кои имаат за цел да го стават во практика модерен маркетинг менаџмент. Имено, треба да се нагласи дека фазата на создавање конкурентни перформанси на организациите треба да биде составена од примарна фаза на редизајн и секундарно-индуктивна фаза. Резултатите од истражувањето треба да им помогнат на организациите во Република Македонија подобро да ја разберат сегашната состојба со која се обликуваат потребите за реинженеринг и прифаќање на нов систем на деловно работење, деловни стратегии насочени кон меѓународните пазари, човечки ресурси како доминантен фактор за зголемување на продуктивноста, примена на современи менаџмент, маркетинг, електронско работење, зајакнување на заемната доверба, претприемачки дух и професионализам итн.

**Евалуација на научен труд под реден број 24**

*Information technology and distribution channels: emerging trends and customer satisfaction*

Истражувањето на овој труд е фокусирано на анализа и презентирање на можноста за примена на современи информатички технологии и алатки во маркетингот. Посебно внимание се посветува на обработка на современи информациски модели и техники за задоволување на потребите и желбите на потрошувачите. Овие системи се користат за навремено информирање на клиентите за нови производи и услуги, одредени попусти за цени, информации за местото, времето на движење и очекуваните датуми на пристигнување на нарачаниот производ со користење на ГПС технологија, безжични технологии, како и создавање на различни средини и задоволство на потрошувачите.

**Евалуација на научен труд под реден број 25**

*Technological Industrial Development Zone - (DTIDZ) and international business hub: Macedonian experience*

Трудот го анализира начинот на кој владите на нациите имаат клучна улога во воспоставувањето макроекономска стабилност и обезбедувањето на стабилни политички, правни, макроекономски политики и социјални институции. Овие предуслови создаваат потенцијал за подобрување на националниот просперитет. Се образложува како владите можат да играат важна улога во промовирањето на развојот на продуктивноста преку инвестирање во инфраструктура и вештини, промовирање макроекономска стабилност и обезбедување соодветни рамки за микроекономија. Инвестициите во инфраструктурата го зголемуваат капиталот на земјата и ефикасноста со која може да се користат ресурсите на приватниот сектор. Јавните и приватните инвестиции во образованието и обуката резултираат со работна сила со подобри вештини што доведува до потенцијално повисок степен на продуктивност, поголема конкурентност, пониска невработеност и зголемени приходи и животен стандард. Дел од анализата разработува една од мерките за зајакнување на економскиот развој во РМ - технолошка индустриска развојна зона врз основа на концептот на индустриска слободна зона, за да помогне во обезбедувањето на најефикасна деловна клима во Југоисточна Европа.

**Евалуација на научен труд под реден број 26**

*Basic professional education and permanent improvement – career developement paths*

Трудот ја анализира потребата од континуирано подобрување на знаењата и вештините на вработените, со цел за напредок во личната кариера. Тековните турбулентни промени во животната средина и наметнатите барања за личен развој на вработените, создаваат потреба од фокус и, всушност, инсистираат на откривање на главните индивидуални цели и потребните активности на вработените за постигнување на нивните цели во кариерата. Постојаното подобрување кај сите вработени е всушност неопходност, што дополнително овозможува адаптација на промените во животната средина (промена на потребите на клиентите); промени во организацијата или во желбата на лицето за развој на кариера во иста или друга организација. Се заклучува дека овие процеси придонесуваат за започнување на нов професионален циклус и го подобруваат имицот на компанијата преку презентација и комуникација на потребите и придонесите на вработените.

**Евалуација на научен труд под реден број 27**

*E-commerce vs. e-banking - similarities and differences*

Во овој труд се прикажуваат разликите и сличностите помеѓу електронската трговија и електронското банкарство, како и нивното значење за работењето на компаниите. Е-трговијата се состои од купување и продавање на информации, производи и услуги преку компјутерски мрежи, како што се Интернет и електронска размена на податоци (EDI). Е-банкарството е една форма на е-трговија со одредени разлики и особености кои се карактеристични само во е-банкарство. За компаниите електронската трговија носи: разновидност и ниски бариери за влез, значајни можности за намалување на трошоците, капацитет за брзо креирање на деловни процеси и одлични можности за продажба преку границата. Од друга страна, во својата наједноставна форма, електронското банкарство во основа вклучува испорака на информации за банката и нејзините услуги преку почетната страница на Интернет. Пософистицираната интернет-базирана услуга им овозможува на корисниците пристап до нивните сметки, способност за пренос на пари помеѓу различни сметки, онлајн плаќања или аплицирање за заеми и други финансиски производи. Се заклучува дека секоја од овие потенцијални придобивки придонесува за зголемена конкуренција и способност да преземат лидерство на пазарот од докажани играчи на пазарот.

**Евалуација на научен труд под реден број 28**

*The impact of mobile technologies on e-banking*

Во овој труд се анализира влијанието на новите мобилни технологии врз работењето на банкарскиот сектор и промените во банкарските услуги. Банкарскиот сектор е под влијание на многу надворешни и внатрешни сили. Во однос на надворешните сили, технолошките промени најверојатно ќе имаат најголемо значење во овој сектор. Тие им помогнаа на банките да ги автоматизираат клучните деловни процеси со интегрирање на нивните системи. Системската интеграција е од суштинско значење за испорачување на истите информации во сите канали на дистрибуција, како што се електронско банкарство, телефонско банкарство, банкарство итн. Некои банки прават значителни инвестиции во мобилните системи за да имплементираат низа видови на деловни вредности преку зголемување на ефикасноста и намалување на трошоците, подобрување на оперативната ефикасност и услуги на клиентите за да обезбедат конкурентна предност. Се заклучува дека и покрај значајните успеси во спроведувањето на е-банкарството на глобално ниво, многу технолошки предизвици остануваат неискористени од страна на банките.

**Евалуација на научен труд под реден број 29**

*Entrepreneurial intentions in selected South-East European countries*

Овој труд има за цел да ги истражи претприемничките намери и факторите на влијание кои ги условиваат, во контекст на Југоисточна Европа. Во истражувањето беа анализирани следните варијабли: локус на контрола, склоност кон преземање на ризик, перцепирани фактори за поддршка, личен однос кон претприемништвото, перцептивна контрола во однесувањето, субјективна норма и претприемачка намера. Резултатите покажуваат дека личниот став кон претприемништвото, перцептивната контрола на однесувањето и субјективната норма позитивно и значително влијаат на претприемачката намера. Наодите од истражувањето овозможуваат подобро разбирање на претприемачките намери и факторите кои ги условуваат, во специфичниот посттранзициски контекст на земјите од Југоисточна Европа.

**Евалуација на научен труд под реден број 30**

*Commitment and policy to quality*

Во трудот се посветува внимание на значењето на менаџментот на целосен кавлитет, како деловна активност која придонесува за поголема ефективност на работењето на компаниите. Се поставува тезата дека TQM мора да започне на врвот со главниот извршен директор, но исто така и дека средниот менаџмент има особено важна улога - тие не само што мора да ги сфатат принципите на TQM, тие мора да одат понатаму и да ги објаснат истите и на луѓето за кои тие се одговорни. Подготовката и имплементацијата на правилно осмислена политика за квалитет, заедно со континуираниот мониторинг, го прави полесно производството или работата, ги минимизира грешките и го намалува отпадот.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката доц. д-р Тамара Јованов-Апасиева, покрај претходно опишаните наставно-образовни и научноистражувачки активности, има остварено и други активности од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

Дел од тие активности се публикација на трудови во стручни (научно-популарни) списанија:

Sofijanova, Elenica and Jovanov, Tamara (2015) *Конфликтно партнерство рефлектирано низ организациската зрелост на претпријатието.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 7 (7). pp. 33-40. ISSN 1857- 7628 http://eprints.ugd.edu.mk/13325/

Sofijanova, Elenica and Jovanov, Tamara and Andronikov, Darko and Janevski, Aco and Davcev, Ljupco (2015) *Managing change through management development process.* XX Savetovanje o biotehnologiji, 1. pp. 479-485. http://eprints.ugd.edu.mk/14405/

Jovanov, Tamara and Fotov, Risto and Sofijanova, Elenica (2014) *Улогата на малите и средните претпријатија во националното стопанство.* Yearbook, Faculty of Economics,

Goce Delcev University - Stip, 6 (6). pp. 17-27. ISSN 1857- 7628

Sofijanova, Elenica and Jovanov, Tamara and Andronikov, Darko and Janevski, Aco (2014) *Анализа на комуникацискиот процес во домашните МСП.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 6 (6). pp. 57-65. ISSN 1857- 7628

Davcev, Ljupco and Fotov, Risto and Jovanov, Tamara (2014) *Бизнис интелигенција-историски развој и перспективи.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 6 (6). pp. 65-77. ISSN 1857- 7628

Jovanov, Tamara and Fotov, Risto and Davcev, Ljupco (2014) *Значење и примена на пазарна ориентација во работењето на МСП.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 6 (6). pp. 87-99. ISSN 1857- 7628

Во однос на организациско-развојна дејност, кандидатката придонесува со активности во насока на ефикасно функционирање на Економскиот факултет, а со кои се верифицира нејзината посветеност и професионалност во високообразовниот процес. Такви се:

1. Членство во организациски и меѓународни уредувачки одбори на меѓународни списанија во земјава и во странство:

Д-р Тамара Јованов-Апасиева е член на уредувачки одбор и рецензент во научни списанија во земјава и во странство, како што се:

**Journal of economics** (http://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/about/editorialTeam), Издавач: Економски факултет, Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во организационен и уредувачки одбор;

**Balkan Social Science Review** (http://js.ugd.edu.mk/index.php/BSSR), Издавач: Правен факултет, Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, рецензент на научни трудови, индексирано во EBSCO, CEEOL;

**Eurasian Journal of Business and Management** (https://eurasianpublications.com/Eurasian-Journal-of-Business-and-Management/Editorial-Board.aspx), Издавач: Eurasian Publications, Турција, во меѓународен уредувачки одбор, индексирано во:EconLit, Ulrich’s Periodicals Directory,Scilit, Google Scholar, ECONIS, CrossRef, Directory of Research Journals Indexing, Open Academic Journals Index, SHERPA/Romeo, EZB - Electronic Journals Library, WorldCat, J-Gate, NewJour, DOAJ, RePEc, ProQuest;

**Ekonomski pregled** (http://www.hde.hr/pregled.aspx), Издавач: Hrvatsko društvo ekonomista, Хрватска, во меѓународен уредувачки одбор, индексирано во: ESCI - Emerging Sources Citation Index (WOS), SCOPUS, EconLit, Journal of Economic Literature International Bibliography of the Social Sciences: Economics Directory of Open Access Journals (DOAJ);

2. Учество во 5 факултетски комисии;
3. Учество во изработка на елаборати за прв и втор циклус студии на факултетот;
4. Учество на неколку работилници;
5. Учество во 5 проекти и сл.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката доц. д-р Тамара Јованов-Апасиева ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Комисијата цени дека кандидатката Тамара Јованов-Апасиева, д-р по економски науки од областа маркетинг, покрај доставената комплетна документација по објавениот Конкурс, како и исполнување на законските услови за избор во звање вонреден професор, покажува и перманентен интерес и желба за научно напредување.

Имено, кандидатката се истакнала со плодна педагошка активност, прикажувајќи висок корпус на знаење и стручност, како помлад асистент, а подоцна и во звањето асистент и доцент на повеќе предмети од областа маркетинг што ги изведува на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во изминатиот период.

Научноистражувачката работа на кандидатката е контиунуирана и ја потврдува нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната и поширокатa област, како и стручноста со која владее во наставно-научната област маркетинг, за којашто кандидатката конкурира. Ова се потврдува со многуте објавени научни и стручни трудови, учество на меѓународни и домашни конференции и семинари со научна проблематика.

Стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, исто така, се дел од биографијата и работното искуство на кандидатката, утврдено преку публикуваните трудови во стручни научно-популарни списанија, презентации на стручни конференции, учеството во комисии, организациски и уредувачки одбори на меѓународни списанија, организација на конференции, изготвување на елаборати и проекти.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно- апликативната и севкупната активност во периодот од избор во доцент до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатката доц. д-р Тамара Јованов-Апасиева преку остварени вкупно 344,4 поени (НО30+НИСУ278,4+САОР36).

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **доц. д-р Тамара Јованов-Апасиева да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област маркетинг.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Снежана Ристевска-Јовановска, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Анита Циунова-Шулеска, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Татјана Петковска, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р.б.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4.** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | / | | **30** |
| | **ВКУПНО** | **30** | | | | |
| **Р.б.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **3.** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (р.бр.13) | / | / | 1 | 15*1 =15 | **15** |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | (прв и единствен автор р.бр.2, 3 – вкупно 2)<br>2x9x1,3 поени = 23,4 поени<br><br>(прв автор р.бр 4, 5, 10, 11, 14, 17, 18, 19, 20, 22 – вкупно 10)<br>10x9x1 поени= 90 поени<br><br>(втор автор р.бр. 1, 6, 7, 8, 12, 15, 16, 21, 23, 24, 25, 26 – вкупно 12)<br>12x6x1 поени= 72 поени<br><br>(останати автори р.бр. 9, 27, 28 – вкупно 3)<br>3x3x1 поени= 9 поени<br><br>Вкупно=23,4+90+72+9= 194,4 поени | | | | **194,4** |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (р.бр. 29, 30) | 1 | 2 | 1 | 3 | **5** |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир (р.бр.42) | / | / | 1 | 6 | **6** |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство<br>- во земјава (р.бр. 38, 39, 47, 48)<br>- во странство (р.бр. 37, 40, 41, 43, 44, 45, 49) | 4 | 1,5 | 7 | 2 | **20** |
| **10.** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | **8** |
| **13.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 2 | / | / | **2** |
| **14.** | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | 1x3 поени=3 поени | | | | **3** |
| **15.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 1x4 поени = 4 поени<br>2x1 поен = 2 поени | | | | **6** |
| **17.** | Уредник на зборник на трудови од научен собир (р.бр.30) | 1 | 1 | / | / | **1** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **19.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал (р.бр.30) | 1 | 1 | / | / | **1** |
| **22.** | Студиски престој во странство | 2x8 поени = 16 поени | | | | **16** |
| **23.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 1x1 поен = 1 | | | | **1** |
| | **ВКУПНО** | **278,4** | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание (р.бр. 31, 33, 34, 35, 36) | 5 | 2 | / | / | **10** |
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (р.бр. 32) | / | / | 1 | 3 | **3** |
| **13.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 5 | / | / | **5** |
| **17.** | Елаборати и експертизи | 4 | 2 | / | / | **8** |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија | 5 | 2 | / | / | **10** |
| | **ВКУПНО** | **36** | | | | |
| | **Поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот** | **НО** | **НИ** | **САОР** | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **30** | **278,4** | **36** | | **344,4** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ БАНКАРСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1202-67/10 од 19.4.2019 година донесена на 170. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 18.4.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *банкарство* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- д-р Биљана Ангелова, редовен професор на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
- д-р Климентина Попоска, редовен професор на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член);
- д-р Неда Петроска-Ангеловска, вонреден професор на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 20.3.2019 година и во предвидениот рок се пријави Љупчо Давчев, доктор по економски науки, доцент на Економски факултет – Штип во наставно-научна област банкарство.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатот доц. д-р Љупчо Давчев, по распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено следниве документи:

1. Пријава;
2. Диплома за завршено соодветно образование – за одбранет докторски труд и стекната квалификација доктор на економски науки од областа на банкарството (1 оригинал и 3 копии заверени кај нотар, веродостојни на оригиналот);
3. Уверение за положени испити и стекната високообразовна квалификација – магистер на економски науки од областа на банкарството и финансиите, со просечен успех 8,93;
4. Уверение за положени испити и стекната високообразовна квалификација – дипломиран економист, со просечен успех 8,74;
5. Кратка биографија – Curriculum Vitae (4 копии);
6. Список на објавени научни и стручни трудови, т.е. референтни научни публикации според ЗВО 2018 во последните 5 години пред објавување на огласот за избор;
7. По еден примерок од трудовите (рецензирани трудови во референтни научни публикации согласно со ЗВО, достапни и на е-репозиториум на УГД);
8. Потврда/сертификат дека се служи со еден странски јазик;
9. Докторски труд (1 примерок во печатена форма);
10. Уверение за државјанство (1 оригинал);
11. Рецензирана скрипта од областа банкарство (1 примерок во печатена форма и достапна на е-библиотека на УГД);
12. Рецензиран практикум од областа банкарство (1 примерок во печатена форма и достапна на е-библиотека на УГД);
13. Дополнителни сертификати и потврди: сертификат за поседување на компјутерски вештини; сертификати за престој како визитинг професор во странство; сертификати за учество на научни собири во земјава и во странство; потврда за учесник во욕 уреднички и организациски одбор на меѓународни списанија во земјава и во странство; потврда за учество во комисии во работата на Економски факултет при УГД; потврда за ментор на студиски програми на Економски факултет при УГД; благодарница за соработка и унапредување на работењето на Совет на млади при Општина Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Љупчо Давчев** е роден на 10.5.1985 година во Штип. Основно образование завршува во ОУ „Ванчо Прќе“ во Штип. Средно образование завршува во средното училиште „NOVA” во Скопје. По завршување на средното образование се запишува на додоплимски студии на факултетот ACT (American College of Thessaloniki) - The Anatolia School of Business во Солун, Р. Грција, каде што ги завршува додипломските студии со двојна насока - Финансии и Меѓународен бизнис. Веднаш по завршувањето на додипломските студии се запишува на постдипломски студии на факултетот ACT (American College of Thessaloniki) - The Anatolia School of Business во Солун, Р. Грција, каде што ги завршува постдипломските студии, насока Финансии и банкарство, со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Stock Market Events in Macedonia“ и стекнување на научен степен магистер на економски науки. По завршување на постдипломските студии се запишува на докторски студии на Економскиот институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, кои успешно ги завршува со одбрана на докторската дисертација на тема „*Инвестиционо банкарство и портфолио инвестиции - перспективи за развој во РМ*” и се стекнува со научен степен доктор по економски науки. Додипломските студии ги завршува со просек 8,74, додека постдипломските студии ги завршува со просек 8,93.

Кандидатот д-р Љупчо Давчев од 2006 година бил вработен во Компанијата „Мултикрем” - Штип и како финансиски менаџер има голем придонес во развојот и растот на оваа компанија, како и во успешноста во управувањето во областа на финансиите. По завршувањето на магистерските студии, д-р Љупчо Давчев од 2009 година е избран за помлад асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, каде што држел вежби по предметите Банкарство, Банкарски менаџмент, Кредитна политика, Монетарна економија, Основи на финансии, Осигурување, Макроекономија и многу други. Во 2013 година е избран за асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, каде што држел вежби по предметите: Банкарство, Банкарски менаџмент, Кредитна политика, Монетарна економија, Основи на финансии, Осигурување, Макроекономија и многу други. Во време на својата работа како финансиски менаџер, и како дел од соработничкиот кадар на Економскиот факултет во Штип, има посетувано многу обуки, предавања, конференции, кои имаат голем придонес во неговата стручност и компетентност во областа на банкарството и финансиите.

Од 2014 год. до денес, д-р Љупчо Давчев работи како доцент во областа банкарство. За време на овој изборен период кандидатот има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност преку одржување на вежби и предавања, објавување на научни и стручни трудови во референтни научни публикации, т.е. домашни и меѓународни списанија, учество на меѓународни конференции и публикации од конференции, изработка на скрипти и практикуми, учество во проекти, престои во странство како визитинг професор и слично.

Негов научен интерес првенствено се банкарството, монетарната економија, банкарскиот менаџмент, инвестициското банкарство, електронското банкарство, кредитната политика, како и други сродни области од економските науки. Има учествувано на бројни домашни и меѓународни симпозиуми, научни расправи, стручни собири, конференции, средби, семинари, обуки и јавни дебати, во земјава и во странство (Шпанија, Австрија, Италија, Турција, Грција, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска и др.). Учествувал во повеќе научноистражувачки проекти од национален и меѓународен карактер и досега има објавено над 70 научни и стручни трудови, поглавја, делови од книги, истражувачки студии и есеи. Организатор е и на бесплатни обуки за млади лица, претприемачи и невработени, од областа на банкарството и финансиите.

Кандидатот има одлично познавање и на работа со компјутери: Ms Office: Word, Excel, PowerPoint, Visio, Microsoft Outlook; Business in a Box; SPSS.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. **Има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира:**

Д-р Љупчо Давчев е доктор на економски науки, при што јавно ја одбранил докторската дисертација на 24.8.2011 година, а јавно е промовиран во доктор на економски науки на 18.9.2012 година.

Докторската дисертација е од областа банкарство со наслов „Инвестиционо банкарство и портфолио инвестиции - перспективи за развој во Република Македонија”.

2. **Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и на втор циклус за секој циклус посебно (се наведува остварениот просек на студиите на прв и остварениот просек на студиите на втор циклус)**

Д-р Љупчо Давчев на прв циклус студии како дипломиран економист има остварен просечен успех од 8.74.

Д-р Љупчо Давчев на втор циклус студии, како магистер на економски науки има остварен просечен успех од 8.93.

3. **Доцент од научната област во којашто се избира**

На 10.10.2014 година д-р Љупчо Давчев е избрана во доцент од областа банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

4. **Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации**

| **а) Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија што ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Научна публикација (списание) | Година и линк |
| 1. | **Davcev, Ljupco** and Hourvouliades, Nikolas | *Impact of Interest Rate and Inflation on GDP in Bulgaria, Romania and FYROM* | Journal of Balkan and Near Eastern Studies, 20 (1). pp. 131-147. ISSN 1944-8953 **Indexing: Thomson Reuters Social Sciences Citation Index (SSCI) 0,466** | 2017 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19658<br><br>http://www.tandfonline.com/toc/cjsb20/current |
| 2. | Rajh, Edo and Jovanov, Tamara and Budak, Jelena and Ateljevic, Jovo and **Davcev, Ljupco** and Ognjenovic, Kosovka | *Youth and Entrepreneurial Intentions in four South-East European Countries.* | International Review of Entrepreneurship (IRE), 16 (3). pp. 355-382. ISSN 2009-2822, Indexing: **Thomson-Reuters' Web of Science ESCI citations index** | 2018, http://eprints.ugd.edu.mk/20530/ |
| 3 | Jovanov, Tamara and **Davcev, Ljupco** and Boeva, Aneta | *Market segmentation factors: analysis of the confectionery industry in Macedonia* | Macedonian International Journal of Marketing, 4 (8). pp. 79-97. ISSN 1857-9787, Indexing: **EBSCO** | 2018, http://eprints.ugd.edu.mk/20286/ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | **Davcev, Ljupco** and Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica | *Why Can't We Make It? The Cardinal Business Sins of Domestic Companies in a Transitional Economy* | Regional Studies on Economic Growth, Financial Economics and Management, 7. pp. 119-138. ISSN 2364-5067, Springer International Publishing, Indexing: **Thomson-Reuters' Web of Science *Conference Proceedings Citation Index - Social Science & Humanities (CPCI-SSH)*** | 2018, http://eprints.ugd.edu.mk/19740/ |
| 5 | Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and **Davcev, Ljupco** and Temjanovski, Riste | *Impact of integrated communication on entrepreneurial companies' financial performance - A developing economy* | Financial Environment and Business Development, 4. pp. 29-41. ISSN 2364-5067, Springer International Publishing, Indexing: **Thomson-Reuters' Web of Science *Conference Proceedings Citation Index - Social Science & Humanities (CPCI-SSH)*** | 2017, http://eprints.ugd.edu.mk/16717/ |
| 6 | Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and **Davcev, Ljupco** and Temjanovski, Riste | *Entrepreneurial Competition Orientation and Profitability: The Case of a Developing Economy* | Procedia - Social and Behavioral Sciences, 207. pp. 652-661. ISSN 1877-0428, ELSEVIER, Indexing: **Scopus, Impact factor: SCImago Journal Rank (SJR): 0.156i** | 2016, http://eprints.ugd.edu.mk/14403/ |
| 7 | Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and **Davcev, Ljupco** and Gjoreski, Gjoko | *Анализа на степенот на ориентација кон потрошувачите во МСП во Р. Македонија* | Macedonian International Journal of Marketing, 1 (2). pp. 49-56. ISSN 1857-9795, Indexing: **EBSCO** | 2015, http://eprints.ugd.edu.mk/13329/ |
| | | | | |
| **б) Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | | | | |
| 8. | Hourvouliades, Nikolas and **Davcev, Ljupco** | *Banking concentration and developments in FYROM: A country in transition.* | Cogent Economics & Finance. ISSN 2332-2039 | 2014<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/10161 http://www.tandfonline.com/doi/pdf/10.1080/2332203... |
| 9. | Boskov, Tatjana and Radjenovic, Zarko and **Davcev, Ljupco** | *Digital Innovations In The World Of Finance.* | SocioBrains, International scientific refereed online journal, 5 (52). pp. 139-144. ISSN 2367-5721 | 2018 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20995 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Boskov, Tatjana and Radjenovic, Zarko and **Davcev, Ljupco** | *National Payment Systems Development in Balkan Countries.* | SocioBrains, International scientific refereed online journal, 5 (52). pp. 237-241. ISSN 2367-5721 | 2018 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20997 |
| 11. | Boskov, Tatjana and Radjenovic, Zarko and **Davcev, Ljupco** | *The Role of the Central Bank in the National Payment System: Evidence for Macedonia.* | SocioBrains, International scientific refereed online journal, 5 (52). pp. 145-152. ISSN 2367-5721 | 2018 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20996 |
| 12 | Jovanov, Tamara and **Davcev, Ljupco** and Boeva, Bogdanka | *Marketing Strategy and Financial Performance: The Case of Chocolate Industry in Macedonia* | Journal of Economics, 1 (1). ISSN 1857-9973, Faculty of Economics – Shtip | 2016, http://eprints.ugd.edu.mk/15801/ |
| 13 | Kareska, Katerina and **Davcev, Ljupco** | *Challenges in modern management and modern business that Macedonian organizations face in gaining competitive advantage.* | Journal of Economics. ISSN 1857-9973 | 2016 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17527 |
| 14 | Temjanovski, Riste and Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and **Davcev, Ljupco** | *Technological Industrial Development Zone - (DTIDZ) and international business hub: Macedonian experience* | Journal of Economics, 1 (2). ISSN 1857-9973 | 2016, http://eprints.ugd.edu.mk/17094/ |
| 15 | Nakevska, Aleksandra and **Davcev, Ljupco** | *Lending conditions during the global economic crisis.* | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 11 (1). pp. 262-267. ISSN 1857-923X | 2015 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14740 |
| 16 | Sofijanova, Elenica and Jovanov, Tamara and **Davcev, Ljupco** | *Basic professional education and permanent improvement – career developement paths* | International Journal "Knowledge", 4 (5). pp. 98-102. ISSN 978-608-65653-8-1 | 2014, http://eprints.ugd.edu.mk/11578/ |
| 17 | **Davcev, Ljupco** and Fotov, Risto and Sofijanova, Elenica and Jovanov, Tamara | *E-commerce vs. e-banking - similarities and differences* | International Journal "Knowledge", 7. pp. 143-148. ISSN 978-608-65653-7-4 | 2014, http://eprints.ugd.edu.mk/11579/ |
| 18 | Madzova, Violeta and Sajnoski, Krste and **Davcev, Ljupco** Science & Technologies, 4 (7). pp. 116-121. ISSN 1314-4111 | *The process of de-Euroisation in the Macedonian banking sector in the period of sovereign debt crisis.* | Science & Technologies, 4 (7). pp. 116-121. ISSN 1314-4111 | 2014 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11576 |
| 19 | **Davcev, Ljupco** and Hourvouliades, Nikolas | *The structure of GDP as an indicator for economic development: a note on the economy of FYROM.* | International Journal of Research in Business Management, 2 (2). pp. 33-42. ISSN 2347-4572 | 2014 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/10158 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 20 | **Davcev, Ljupco** and Fotov, Risto and Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica | *The impact of mobile technologies on e-banking* | International Journal "Knowledge", 4 (5). pp. 256-261. ISSN 978-608-65653-8-1 | 2014, http://eprints.ugd.edu.mk/11577/ |
| **в) Зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | | | | |
| 21 | Hourvouliades, Nikolas and Davcev, Ljupco | *The influence of foreign investments on employment and economic growth in FYROM.* | International Redete Conference Proceedings: Researching economic development and entrepreneurship in transition economies. ISSN 2233-1034 | 2014 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/10157 |
| 22 | Rajh, Edo and Budak, Jelena and Ateljevic, Jovo and Davcev, Ljupco and **Jovanov, Tamara** and Ognjenovic, Kosovka | *Entrepreneurial intentions in selected South-East European countries* | Economic development and entrepreneurship in transition economies: Is free trade working for transitional and developing economies?, 5 (1). ISSN 978-99938-46-54-3, Faculty of Economics, Banja Luca | 2017, http://eprints.ugd.edu.mk/17862/ |
| 23 | Sofijanova, Elenica and **Jovanov, Tamara** and Davcev, Ljupco | *Commitment and policy to quality* | VI International scientific and practical conference: Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective, 1 (1). pp. 131-136. | 2016, http://eprints.ugd.edu.mk/18682/ |

5. **Има способност за изведување на високообразовна дејност**

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Љупчо Давчев со наставно-образовна и научноистражувачка дејност започнува во 2008 година како волонтер-асистент на Економски факултет при УГД – Штип, каде што бил ангажиран на следниве предмети: Банкарство, Банкарски менаџмент, Монетарна економија, кредитна политика, Финансиски сметководство, Меѓународни сметководствени стандарди, Менаџмент на човечки ресурси, Менаџмент и лидерство. Во тој период д-р Љупчо Давчев одржува вежби по гореспоменатите предмети, подготвува материјали за вежби и помага во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори, помага во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор и преглед на тестовите на студентите.

Врз основа на јавен конкурс, кандидатот д-р Љупчо Давчев во октомври 2009 година е избрана во наставно-научно звање помлад асистент на Економски факултет при УГД – Штип, во областа банкарство. Д-р Љупчо Давчев како помлад асистент има одржувано вежби по следните предмети: Банкарство, Банкарски менаџмент, Монетарна економија, Инвестиционен менаџмент, Кредитна политика, Финансиски сметководство, Меѓународни сметководствени стандарди, Менаџмент на човечки ресурси, Менаџмент и лидерство. Основни активности во тој изборен период му биле: одржување на вежби на студентите од прва до четврта студиска година, подготовка на материјали за вежби, дежурање на колоквиуми и испити, преглед на тестовите на студентите, подготовка на студиски програми и елаборати, учество во издавање на годишни зборници на факултетот, организација на меѓународна конференција, и др.

Врз основа на јавен конкурс, кандидатот д-р Љупчо Давчев во октомври 2012 година е избрана во наставно-научно звање асистент на Економски факултет при УГД – Штип, во областа банкарство. Д-р Љупчо Давчев како асистент одржува вежби по следниве предмети: Банкарство, Банкарски менаџмент, Монетарна економија, Инвестиционен менаџмент, Менаџмент на мал бизнис, Кредитна политика, Финансиски сметководство, Меѓународни сметководствени стандарди, Менаџмент на човечки ресурси, Менаџмент и лидерство. Основни активности во тој изборен период му биле: одржување на вежби на студентите од прва до четврта студиска година, подготовка на материјали за вежби, дежурање на колоквиуми и испити, преглед на тестовите на студентите, подготовка на студиски програми и елаборати, учество во издавање на годишни зборници на факултетот, организација на меѓународна конференција и др.

Во октомври 2014 година, кандидатот д-р Љупчо Давчев врз основа на јавен конкурс е избрана во наставно-научното звање доцент во областа банкарство на Економски факултет при УГД – Штип, на која позиција работи до денес. Како доцент, кандидатот ги предава следниве предмети: Банкарство, Банкарски менаџмент, Кредитна политика, Инвестициско банкарство, Електронско банкарство, Монетарна економија. Во времето на академскиот ангажман како *доцент* кандидатот има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност изразена преку:

- редовно одржување на предавања и вежби;
- објавени преку 35 научни и стручни трудови;
- објавени скрипти и практикуми;
- учества на меѓународни конференции;
- менторства на дипломски трудови;
- менторства на магистерски трудови;
- учество во настава на втор циклус студии;
- член во комисии за оценка на магистерски трудови;
- учество во научни проекти и сл.

Освен преку редовното одржување на предавања и вежби, континуирана работа со студентите и издавање на скрипти, практикуми и трудови, учеството на комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови, наставно-образовната работа на кандидатот д-р Љупчо Давчев се гледа и потврдува преку позитивната оценка од самоевалуацијата. Во септември 2015 година, кандидатот д-р Љупчо Давчев е избран за продекан на Економски факултет при УГД – Штип, на оваа позиција работи до денес.

Во прилог на документацијата за избор, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот доц. д-р Љупчо Давчев ги достави следните трудови:

**Докторска дисертација**

Давчев, Љупчо (2011) „Инвестиционо банкарство и портфолио инвестиции-перспективи за развој во Република Македонија”. Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје.

**Учебни помагала (скрипта и практикум)**

Давчев, Љупчо (2019) „Електронско банкарство - скрипта”. ISBN 978-608-244-602-8. http://e-lib.ugd.edu.mk/807

Давчев, Љупчо (2019) „Електронско банкарство - практикум”. ISBN 978-608-244-601-1. http://e-lib.ugd.edu.mk/806

**Научни трудови објавени во меѓународно научно списание**

**а**) Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија што ќе ја утврди Националниот совет за високо образование

Davcev, Ljupco and Hourvouliades, Nikolas (2017) *Impact of Interest Rate and Inflation on GDP in Bulgaria, Romania and FYROM.* Journal of Balkan and Near Eastern Studies, 20 (1). pp. 131-147. ISSN 1944-8953 Indexing: **Thomson Reuters Social Sciences Citation Index (SSCI) 0,466**

Rajh, Edo and Jovanov, Tamara and Budak, Jelena and Ateljevic, Jovo and Davcev, Ljupco and Ognjenovic, Kosovka (2018) *Youth and Entrepreneurial Intentions in four South-East European Countries.* International Review of Entrepreneurship (IRE), 16 (3). pp. 355-382. ISSN 2009-2822, Indexing: **Thomson-Reuters' Web of Science ESCI citations index** http://eprints.ugd.edu.mk/20530/

Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco and Boeva, Aneta (2018) *Market segmentation factors: analysis of the confectionery industry in Macedonia.* Macedonian International Journal of Marketing, 4 (8). pp. 79-97. ISSN 1857-9787, Indexing: **EBSCO** http://eprints.ugd.edu.mk/20286/

Davcev, Ljupco and Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica (2018) *Why Can't We Make It? The Cardinal Business Sins of Domestic Companies in a Transitional Economy.* Regional Studies on Economic Growth, Financial Economics and Management, 7. pp. 119-138. ISSN 2364-5067, Springer International Publishing, Indexing: **Thomson-Reuters' Web of Science *Conference Proceedings Citation Index - Social Science & Humanities (CPCI-SSH)*** http://eprints.ugd.edu.mk/19740/

Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and Davcev, Ljupco and Temjanovski, Riste (2017) *Impact of integrated communication on entrepreneurial companies' financial performance - A developing economy.* Financial Environment and Business Development, 4. pp. 29-41. ISSN 2364-5067, Springer International Publishing, Indexing: **Thomson-Reuters' Web of Science *Conference Proceedings Citation Index - Social Science & Humanities (CPCI-SSH)*** http://eprints.ugd.edu.mk/16717/

Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and Davcev, Ljupco and Temjanovski, Riste (2016) *Entrepreneurial Competition Orientation and Profitability: The Case of a Developing Economy.* Procedia - Social and Behavioral Sciences, 207. pp. 652-661. ISSN 1877-0428, ELSEVIER, Indexing: **Scopus, Impact factor: SCImago Journal Rank (SJR): 0.156i** http://eprints.ugd.edu.mk/14403/

Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and Davcev, Ljupco and Gjoreski, Gjoko (2015) *Анализа на степенот на ориентација кон потрошувачите во МСП во Р. Македонија.* Macedonian International Journal of Marketing, 1 (2). pp. 49-56. ISSN 1857-9795, Indexing: **EBSCO** http://eprints.ugd.edu.mk/13329/

**б)** Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови

Hourvouliades, Nikolas and Davcev, Ljupco (2014) *Banking concentration and developments in FYROM: A country in transition.* Cogent Economics & Finance. ISSN 2332-2039

Boskov, Tatjana and Radjenovic, Zarko and Davcev, Ljupco (2018) *Digital Innovations In The World Of Finance.* SocioBrains, International scientific refereed online journal, 5 (52). pp. 139-144. ISSN 2367-5721

Boskov, Tatjana and Radjenovic, Zarko and Davcev, Ljupco (2018) *National Payment Systems Development in Balkan Countries.* SocioBrains, International scientific refereed online journal, 5 (52). pp. 237-241. ISSN 2367-5721

Boskov, Tatjana and Radjenovic, Zarko and Davcev, Ljupco (2018) *The Role of the Central Bank in the National Payment System: Evidence for Macedonia.* SocioBrains, International scientific refereed online journal, 5 (52). pp. 145-152. ISSN 2367-5721

Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco and Boeva, Bogdanka (2016) *Marketing Strategy and Financial Performance: The Case of Chocolate Industry in Macedonia.* Journal of Economics, 1 (1). ISSN 1857-9973, Faculty of Economics – Shtip http://eprints.ugd.edu.mk/15801/

Kareska, Katerina and Davcev, Ljupco (2016) *Challenges in modern management and*

*modern business that Macedonian organizations face in gaining competitive advantage.* Journal of Economics. ISSN 1857-9973

Temjanovski, Riste and Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and Davcev, Ljupco (2016) *Technological Industrial Development Zone - (DTIDZ) and international business hub: Macedonian experience.* Journal of Economics, 1 (2). ISSN 1857-9973 http://eprints.ugd.edu.mk/17094/

Nakevska, Aleksandra and Davcev, Ljupco (2015) *Lending conditions during the global economic crisis.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 11 (1). pp. 262-267. ISSN 1857-923X

Sofijanova, Elenica and Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco (2014) *Basic professional education and permanent improvement – career developement paths.* International Journal "Knowledge", 4 (5). pp. 98-102. ISSN 978-608-65653-8-1 http://eprints.ugd.edu.mk/11578/

Davcev, Ljupco and Fotov, Risto and Sofijanova, Elenica and Jovanov, Tamara (2014) *E-commerce vs. e-banking - similarities and differences.* International Journal "Knowledge", 7. pp. 143-148. ISSN 978-608-65653-7-4 http://eprints.ugd.edu.mk/11579/

Madzova, Violeta and Sajnoski, Krste and Davcev, Ljupco (2014) *The process of de-Euroisation in the Macedonian banking sector in the period of sovereign debt crisis.* Science & Technologies, 4 (7). pp. 116-121. ISSN 1314-4111

Davcev, Ljupco and Hourvouliades, Nikolas (2014) *The structure of GDP as an indicator for economic development: a note on the economy of FYROM.* International Journal of Research in Business Management, 2 (2). pp. 33-42. ISSN 2347-4572

Davcev, Ljupco and Fotov, Risto and Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica (2014) *The impact of mobile technologies on e-banking.*International Journal "Knowledge", 4 (5). pp. 256-261. ISSN 978-608-65653-8-1 http://eprints.ugd.edu.mk/11577/

**Меѓународни научни публикации: научни трудови презентирани на меѓународни научни собири**

**в)** Зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји

Hourvouliades, Nikolas and Davcev, Ljupco (2014) *The influence of foreign investments on employment and economic growth in FYROM.* International Redete Conference Proceedings: Researching economic development and entrepreneurship in transition economies. ISSN 2233-1034

Rajh, Edo and Budak, Jelena and Ateljevic, Jovo and Davcev, Ljupco and Jovanov, Tamara and Ognjenovic, Kosovka (2017) *Entrepreneurial intentions in selected South-East European countries.* Economic development and entrepreneurship in transition economies: Is free trade working for transitional and developing economies?, 5 (1). ISSN 978-99938-46-54-3, Faculty of Economics, Banja Luca http://eprints.ugd.edu.mk/17862/

Sofijanova, Elenica and Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco (2016) *Commitment and policy to quality.* VI International scientific and practical conference: Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective, 1 (1). pp. 131-136. Штип, Р. Македонија http://eprints.ugd.edu.mk/18682/

Во прилог на документацијата за избор, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот доц. д-р Љупчо Давчев достави и сертификати за учество во меѓународни конференции, работилници и проекти.

**Учество на конференции и работилници во земјава и во странство**

Rajh, Edo and Jovanov, Tamara and Budak, Jelena and Davcev, Ljupco and Ateljevic, Jovo and Ognjenovic, Kosovka (2018) *Entrepreneurial Intentions in Selected Southeast European Countries.* In: Entrepreneurship and knowledge-based economy, 14-15 Feb 2018, Zagreb, Croatia. http://eprints.ugd.edu.mk/19660/

Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and Davcev, Ljupco and Temjanovski, Riste and Mitev, Goran (2017) *Make it happen: business steps for competitive market positioning of SMEs in developing economy.* In: 22nd EBES Conference, 24-26 May 2017, Rome, Italy. http://eprints.ugd.edu.mk/17863/

Rajh, Edo and Budak, Jelena and Ateljevic, Jovo and Davcev, Ljupco and Jovanov, Tamara and Ognjenovic, Kosovka (2016) *Redete 2016: Entrepreneurial Intentions in Selected South - East European Countries.* In: Researching Entrepreneurship and Economic Development 2016, Oct 2016, Belgrade, Serbia. http://eprints.ugd.edu.mk/16594/

Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco (2016) *BREXIT - what happened.* In: Euro-Asia Forum in Politics, Economics and Business (EAFPEB), 21-22 July 2016 , Belgrade, Serbia. http://eprints.ugd.edu.mk/16149/

Sofijanova, Elenica and Jovanov, Tamara and Andronikov, Darko and Davcev, Ljupco and Janevski, Aco (2016) *Management system of personality corelated with organizational behavior.* In: The teacher of the future - Ninth International Scientific Conference, 17-19 June 2016, Durres, Republic of Albania. http://eprints.ugd.edu.mk/15968/

Sofijanova, Elenica and Jovanov, Tamara and Andronikov, Darko and Davcev, Ljupco and Janevski, Aco (2016) *Diferentiation and integration in building of organizational structure.* In: The teacher of the future - Ninth International Scientific Conference, 17-19 June 2016, Durres, Republic of Albania. http://eprints.ugd.edu.mk/15969/

Davcev, Ljupco and Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica (2016) *The cardinal business sins of domestic companies in a transitional economy.* In: 19th EBES Conference - Istanbul, May 26-28 2016, Istanbul, Turkey. http://eprints.ugd.edu.mk/16147/

Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco (2015) *Влијанието на владините субвенции за странските директни инвестиции, наспроти нивниот ефект врз економскиот раст.* In: Ефектот на странските директни инвестиции во технолошко индустриските развојни зони врз македонската економија, 03 Dec 2015, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/14404/

Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and Davcev, Ljupco and Temjanovski, Riste (2015) *Impact of integrated communication on entrepreneurial companies' finacial performance: a developing economy.* In: 16th EBES Conference, May 2015, Istanbul, Turkey. http://eprints.ugd.edu.mk/13772/

**Научен проект (од национално и од меѓународно значење)**

Davcev, Ljupco and Jovanov, Tamara and Rajh, Edo and Budak, Jelena (2018) *Испитување на претприемачкиот потенцијал со фокус на претприемачките намери на младите лица во земји во развој.* Проект финансиран од Универзитет „Гоце Делчев" – Штип во соработка со Економски институт – Загреб, Хрватска http://eprints.ugd.edu.mk/19664/

Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco (2015) *Јакнење на деловните капацитети на жените претприемачи во Република Македонија, како земја во развој (2015-2018).* Проект финансиран од Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, http://eprints.ugd.edu.mk/12766/

Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco (2014) *Проект за обуки за теоретски и практични знаења и вештини на претприемачи од областа на менаџментот, маркетингот и финансиите „Сега, но како!?".* Проект во соработка со Општина Штип http://eprints.ugd.edu.mk/11838/

**Кратка евалуација на сите трудови:**

**Евалуација на докторската дисертација**

**„Инвестиционо банкарство и портфолио инвестиции - перспективи за развој во Република Македонија"**

Докторската дисертација „Инвестиционо банкарство и портфолио инвестиции - перспективи за развој во Република Македонија" од д-р Љупчо Давчев опфаќа теми поврзани со основата, начинот и принципите на работа на инвестициските банки и нивното место во финансискиот систем со посебен осврт на портфолио инвестициите како неразделен дел за успешно функционирање при инвестирањето. Објаснувајќи го во целост инвестициското банкарство и степенот на развој кој го има достигнато во својата работа, оваа дисертација дава основа, анализа и правци за перспективен развој на инвестициското банкарство во Република Македонија.

Кандидатот добро го обработил подрачјето на научно истражување. инвестициското банкарство и портфолио инвестициите се делови од финансискиот систем кои веќе неколку децении ја креираат економската иднина во развиените земји. Експанзијата на овој сектор,

во поглед на големината и географската покриеност, придонесува и влијае на делокругот, но и на структурата на економијата и финансискиот систем во целина.

Развојот на инвестициското банкарство е во суштина поврзан со развојот на капиталните и соединети финансиски пазари каде што активностите на инвестициското банкарство се позиционирани. Развојот на капиталните и финансиските пазари е рефлексија на интеракцијата помеѓу определени економски сили од една страна и регулаторните рамки од друга страна. Во согласност со ова треба да се спомене дека институционалните и социјалните фактори се поврзуваат со дистрибуцијата и употребата на правата на сопственост на финансиските инструменти и начинот на кој ова ги ефектира структурата и промените во карактерот на индустријата.

Доколку би се анализирале идните случувања во финансискиот систем и покрај периодичните падови, економските, социјалните и институционалните фактори би требало да продолжат со нивното влијание во однос на експанзија и дополнително ширење на инвестициското банкарство, со што промените во регулаторната рамка на финансискиот систем на глобално ниво, неизбежно ќе следат. Сосема очекувано е глобализацијата на светската економија да донесе пораст во релативното значење на инвестициското банкарство во земји како што е Република Македонија, а со тоа и целосен напредок на финансискиот систем во државата. И покрај поместувањето од овој тренд, поради последната финансиска криза, сепак е јасно дека местото на финансиските пазари и инвестициското банкарство се наоѓа во центарот на глобалното банкарство и финансии.

Токму поради ова, доследната обработка на инвестициското банкарство и портфолио инвестициите на меѓународно ниво придонесува во поставување на добра основа за примена на воспоставените начини на работа и во нашата држава. Очекувано е дека начинот на инвестирање и анализа од страна на банките ќе се движи во друг правец со понатамошното навлегување на инвестициското банкарство и заземање на соодветното место во нашиот финансиски систем. Опфатените инструменти и техники на инвестициското банкарство и портфолио инвестициите се добра теоретска основа за начинот на кој би требало да се анализира и соодветно да се реагира при работата на инвестициските банки во Република Македонија. Оваа тема има придонес како во однос на научното обработување на целосната процедура која се користи при инвестирањето, така и во однос на практичната примена на овие анализи при инвестирање од страна на банките. На ист начин, трудот настојува преку научната обработка на техниките и инструментите на инвестициското банкарство да го објасни начинот на кој тие се применуваат во пракса. Оваа докторска тема претставува заокружен приказ на современите концепти на инвестициското банкарство и можностите за нивна примена во Република Македонија.

**Евалуација на учебно помагало (скрипта) од областа банкарство**
**Електронско банкарство - скрипта**

Во скриптата „Електронско банкарство“се застапени четири тематски точки. Во првата точка насловена како „Електронско банкарство - поим и дефиниција“ авторот се фокусира на дефинирање на тоа што претставува електронското банкарство, како и развојот, етапите на развој и влијанијата кои се застапени во етапите на развој на електронското банкарство. Во оваа глава авторот објаснува и кои технологии и системи, како и уреди за имплементација на електронското банкарство се застапени во развиените западноевропски земји, од кои поголем дел се прифатени и во Р. Македонија, од страна на клиентите и банките.

Втората точка ги адресира предностите и недостатоците на електронското банкарство. Се разбира дека овие предности и недостатоци се анализираат од двете страни, односно од страна на клиентот и од страна на понудувачот на овој тип на банкарство, а тоа се банките. Поделбата овде е направена со причина да се издвојат различностите и да се воочат сличностите во однос на предностите и недостатоците и од страна на клиентите и од страна на банката.

Во третата точка од трудот авторот ги објаснува законските регулативи на меѓународно ниво, потоа законската регулатива во Р. Македонија, ризиците при употреба на електронското банкарство и заштитата од таквите ризици. Авторот во оваа глава објаснува

дека брзиот развој на интернетот во светски размери и развојот на електронската трговија создадоа нови можности за измами и злоупотреби на интернет кои можат да се случат при електронските плаќања. Ова претставува сѐ поголема грижа и за потрошувачите и за банките, поради што се бараат адекватни одговори на овој проблем и на национално и на меѓународно ниво. Надминувањето на безбедносните ризици бара напори за колективна акција во земјите, учесниците на пазарот и регулаторните тела, со цел да се постигнат унифицирани стандарди за електронско работење. Предуслов за спроведување на разни трансакции преку интернет, вклучувајќи и електронски плаќања, е дека постои правна еднаквост помеѓу хартиените и електронски форми на плаќање, што е и една од целите на законите за електронска трговија.

Четвртата точка Електронското банкарство во Р. Македонија - состојби и анализи реално ја отсликува ситуацијата на употреба и примена на електронското банкарство во финансискиот систем на Р. Македонија. Македонскиот банкарски сектор води активна битка за промовирање на нови технологии на е-банкарство кон своите клиенти. Иако е очигледно дека целиот труд има ефект по бројот на сметки кои се отвораат и прегледуваат онлајн и сѐ поголемиот број на трансакции кои се вршат преку интернет – сепак секторот останува доста неразвиен во нашата земја. Старите навики тешко се менуваат, па клиентите остануваат пасивни кон најавените новитети или ги користат во ограничена форма. Тоа најлесно се гледа по користењето на платежните картички како средство за повлекување готовина наместо како средство за безготовинско плаќање.

Наредната декада ќе биде од огромен предизвик за банкарскиот сектор бидејќи ќе биде под притисок на внесување нови и порадикални иновации и од друга страна задржување на довербата на своите клиенти. Исто така останува огромниот предизвик да се подигне свеста на македонскиот клиент, без разлика дали е правно или физичко лице за предностите на е-банкарството. Како сфера на услуги е-банкарството нуди низа бенефити и за понудувачот и за корисникот на услугите. Брзиот проток на информации, краткото време на вршење трансакции, универзалноста на пристапот од која било локација во кое било време, намалените трошоци за работа и останатите позитивни аспекти кои произлегуваат од електронското банкарство се од огромна полза за економија во развој како нашата.

**Евалуација на учебно помагало (практикум) од областа банкарство „Електронско банкарство – практикум“**

Во практикумот „Електронско банкарство“ се застапени две тематски точки. Во првата точка насловена како „Електронско банкарство во банките во Р.Македонија“ авторот се фокусира на објаснување и анализа на тоа што се случува во македонските банки од аспект на примена и имплементација на електронското банкарство. Во оваа глава авторот објаснува и кои технологии и системи, како и уреди за имплементација на електронското банкарство се застапени и прифатени во Р. Македонија од страна на клиентите и банките. Овде до детали се објаснува што се применува во секоја банка во Р. Македонија, од токени, мобилни програми за електронско банкарство, веб услуги, пос терминали, платежни картички итн.

Втората точка ги адресира платежните картички и нивната примена во Р. Македонија. Овој дел се фокусира на дефинирање на платежните картички, предности и недостатоци во користењето, класификација на платежните картички, нивна примена, како и можните злоупотреби и начини на заштита. Оваа глава ја објаснува и примената на платежните картички во Р. Македонија, анализа на употребата во последните години, како и злоупотребите кои се забележани во Р. Македонија.

**Евалуација на научен труд под реден број 1**

*Impact of Interest Rate and Inflation on GDP in Bulgaria, Romania and FYROM.*

Влијанието на каматните стапки и инфлацијата врз растот на БДП беше предмет на долги дебати и многу истражувачки студии: од чисто теоретска анализа на каналите преку кои се остварува ова, до емпириски студии на широк панел на земји. Поради овие споделени аргументи за влијанието на каматните стапки и инфлацијата врз растот на БДП, како

област на анализа во овој труд, ги зедовме Македонија, Бугарија и Романија. Првата земја не е дел од ЕУ, последните две се, но не се членки на еврозоната. Целта на анализата е да се испита влијанието на овие варијабли врз БДП, од една страна во земјата која сè уште е на пат да влезе во ЕУ, а од друга страна за двете земји кои се очекува да влезат во заедничката монетарна унија. Трудот ја испитува постојната теорија за да создаде аналитичка рамка за влијанието на каматната стапка и инфлацијата врз БДП, а потоа квантитативно да ја оцени важноста на овие варијабли за економскиот раст во трите земји. Се спроведуваат анализа на ко-интеграција со три варијабли (каматна стапка, инфлација и раст на БДП) и Granger causality анализа за да се испитаат односите меѓу овие варијабли. Unit root тестови ќе се применуваат со цел да се испитаат односите меѓу соодветните серии на податоци. Нашиот цел период е од 2000 г. до денес, нудејќи релативно позитивен прв период до доаѓањето на должничката криза до крајот на 2000-тите, што доведе до строги мерки на штедење и дефлациски гапови во повеќето земји. Основна цел на овој труд е да ги истражи врските помеѓу монетарните и фискалните мерки, особено за земјите во развој кои се стремат кон економски раст без силна домашна валута.

**Евалуација на научен труд под реден број 2**

*Youth and Entrepreneurial Intentions in four South-East European Countries*.

Во трудот се комбинирани варијаблите од Теоријата на планираното однесување со дополнителни варијабли кои ги објаснуваат карактеристиките на личноста и контекстуалните променливи во општеството, со цел да се објаснат претприемачките намери на младите лица, преку примерок од 1200 студенти по економија и бизнис во четири земји од Југоисточна Европа: Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија и Србија. Резултатите покажуваат дека меѓу овие четири земји, претприемничките намери се највисоки во Македонија. Ова може да се објасни со личните перцепции на испитаниците, како што се личниот (релативно позитивен) став кон претприемништвото и перцепираната контрола на однесувањето (колку лицата веруваат дека самите придонесуваат за работите да се случат), кои позитивно влијаат на претприемничките намери и кои во просек се поголеми во Македонија. Друг впечатлив наод, спротивен од наодите во досегашната литература, е недостатокот на објаснување на моќта на контекстуалните варијабли (особено на бариерите за претприемништво) во овие земји кои се познати по нивната лоша бизнис клима. Оваа студија покажува дека иако младите лица во овие четири земји во транзиција имаат позитивен став кон претприемништвото, тие не покажуваат јасна претприемачка намера. Трудот ја дополнува постојната научна литература, а резултатите од него може да служат како основа за институционални и образовни промени.

**Евалуација на научен труд под реден број 3**

*Market segmentation factors: analysis of the confectionery industry in Macedonia*.

Трудот го разработува сегментирањето на пазарот, како значајна маркетиншка активности, поаѓајќи од изборот на стратегијата на сегментација (недиференцирана, диференцирана, концентрирана или микромаркетинг) во зависност од балансот што треба да го постигне претпријатието во однос на перцепираната дополнителна вредност и трошоците за остварување на истата. Ја прикажува сегментацијата како чекор кој може и треба да го открие: начинот на однесување при купување и навики во користење на производите; подготвеноста да се плати повисока цена за повисок квалитет; степенот на лојалност на брендот; потребите; социјалниот статус, концептот за себеси, животниот стил. Се поставува логичен след на активности, според кој по одредувањето на правецот на движење на сегментацијата, потребно е да се утврдат и методите/факторите по кои ќе се делат и опишуваат различните сегменти на потрошувачи, врз основа на соодветни карактеристики, за да може подобро да се разбере профилот на потрошувачите во секој поединечен сегмент, сличностите помеѓу потрошувачите во рамките на еден сегмент и сличностите и разликите помеѓу сегменти. Во трудот се прикажуваат и методи/фактори за сегментација: географски фактори; демографски фактори; психографски фактори. Се заклучува дека сегментацијата на пазарот овозможува зголемување на конкурентската предност преку можноста да се креира соодветна понуда која најдобро ќе ги задоволува

потребите на потрошувачите во споредба со конкурентските, а како резултат на доброто познавање на сегментите на пазарот.

**Евалуација на научен труд под реден број 4**

Why Can't We Make It? The Cardinal Business Sins of Domestic Companies in a Transitional Economy

Оваа анализа е фокусирана на деловните практики на компаниите во транзициска економија (Република Македонија), со фокус на финансиските и маркетиншките аспекти на работењето, вклучувајќи: различни начини на финансирање на компаниите во рана фаза на развој, алтернативни начини на финансирање, почетни инвестиции, финансирање на работен капитал, истражување на пазарот; пазарна ориентација; имплементација на елементи на маркетинг стратегија. Трудот е развиен врз основа на две хипотези: проактивен пристап на пазарот е значително корисен за финансиското работење на компаниите и соодветните начини на финансирање се клучни за опстанокот и растот. Резултатите покажуваат дека компаниите во опфатената транзициска економија имаат многу ограничувања во анализираните активности: недостаток на користење на различни начини на финансирање; несоодветна употреба на финансирање на обртни средства; неписменост во врска со управувањето со финансиите и инвестициите; само повремена имплементација на истражување на пазарот; средно ниво на пазарна ориентација; недостатоци во креирањето и примената на неколку елементи од маркетинг стратегијата. Анализата открива поврзаност на истражување на пазарот, повисоките нивоа на пазарна ориентација и имплементација на одредени елементи на маркетинг стратегија со повисока профитабилност. Трудот придонесува за елиминација на перцепираните слабости, со што се создава можност за понатамошен раст и развој. Резултатите

исто така може да обезбедат база и поддршка за истражување во други транзициони економии.

**Евалуација на научен труд под реден број 5**

Impact of integrated communication on entrepreneurial companies' financial performance - A developing economy

Овој труд ја анализира тековната состојба на маркетиншките комуникациски процеси применувани од претприемничките компании во рамките на транзициска економија и влијанието на интегрираните комуникации врз профитабилноста. Резултатите посочуваат на позитивна врска, односно користењето на интегрирана комуникација доведува до зголемување на профитабилноста. Сепак, наместо интегрирани комуникации, компаниите, без оглед на големината, им даваат приоритет на економската пропаганда и промоцијата на продажбата; најчесто користат нелични, масовни медиуми, главно телевизија. Од трудот може да се заклучи дека комбинација на неколку елементи од промотивниот микс, односно примена на интегрирани маркетинг комуникации влијае позитивно на профитабилноста; исто така и комбинацијата на медиуми за промоција има позитиво влијание врз профитабилноста. Заклучокот сугерира дека спроведување на интегрирана маркетинг комуникација резултира со позитивен ефект врз финансиските перформанси и ги зголемува шансите за инвестирање во понатамошниот развој.

**Евалуација на научен труд под реден број 6**

Entrepreneurial Competition Orientation and Profitability: The Case of a Developing Economy

Главната цел на овој труд е да се потврди значењето на имплементација на конкурентска ориентација (CO) како дел од пазарната ориентација за финансиските перформанси на претприемничките мали и средни претпријатија во економија во развој. Целите се: 1. Да се измери нивото на секоја од варијаблите на скалата (CO1: Раководството континуирано ги анализира предностите и слабостите на конкурентите; CO2: Редовно ги користиме информациите за нашите конкуренти во креирањето на стратегија; CO3: Кога натпреварувачот започнува кампања кон нашата позиција на пазарот, ние преземаме итна акција; CO4: Насочуваме клиенти, каде што имаме или можеме да развиеме конкурентска

предност, CO5: Ја креираме нашата стратегија врз основа на детална и ефективна анализа на конкурентите). 2. Да се утврди просечното ниво на конкурентска ориентација во претприемничките мали и средни претпријатија; 3. Да се докаже ефектот на конкурентска ориентација врз профитабилноста. Резултатите покажуваат дека компаниите од различни големини демонстрираат различно ниво на имплементација на конкурентска ориентација т.е. средни претпријатија имплементираат повисоки нивоа на секоја анализирана варијабла на CO, отколку малите компании. Резултатите, исто така, ги потврдуваат значајните врски меѓу петте димензии на CO, како и нивниот однос со профитабилноста на анализираните компании. Исто така, беше откриено и директно влијание на нивото на имплементација на CO врз профитабилноста на работењето. Трудот има некои практични импликации: докажува дека за да се постигне повисок финансиски перформанс, малите и средните претпријатија мора да усвојат и да спроведат повисоко ниво на конкурентска ориентација, како дел од процесот на пазарна ориентација.

**Евалуација на научен труд под реден број 7**

*Анализа на степенот на ориентација кон потрошувачите во МСП во Р. Македонија*

Основна цел во трудот е преку анализата на степенот на ориентација кон потрошувачите да се добие јасна претстава за тековната состојба во домашните МСП во однос на анализа на потрошувачите, со што ќе се создаде основа за воочување на недостатоци, како и за предлог-измени и подобрувања на состојбите. Резултатите посочуваат дека: просечните вредности на ориентација кон потрошувачите на домашните МСП се на средно ниво, а пронајдена е и врска помеѓу подобрите финансиски резултати и повисокиот степен на ориентација кон потрошувачите. Според тоа, во трудот се предложени корекции во тековните практики на претпријатијата, со кои ќе се зголеми нивото, т.е. степенот на ориентација кон потрошувачите.

**Евалуација на научен труд под реден број 8**

*Banking concentration and developments in FYROM: A country in transition*

Македонија припаѓа на економиите во транзиција кои беа сведоци на значајни структурни промени во нивните домашни пазари во текот на 2000-тите. Ние ја испитуваме еволуцијата на банкарството, конкуренцијата од 2003 до 2011 година која го опфаќа првиот период на економски раст проследено со акутна финансиска криза која сè уште ги загрозува европските земји. Ние го применуваме индексот Херфиндал-Хиршман и CR3 и CR5 индикаторите за да се направи проценка на банкарската концентрација на пет индустриски варијабли. Нашите наоди го покажуваат тоа дека пазарот постојано работи под олигополски, ако не и монополски, услови каде што водечките три или пет институции доминираат на пазарот. Странските новодојденци и развојот на законодавството не ја сменија ситуацијата во текот на изминатите 10 години и клиентите на банката се чини дека ги задржаа своите преференци непроменети, останувајќи лојални на нивните претходни избори. Овој труд го анализира банкарскиот сектор и неговата профитабилност од 2008 година и за време на економската криза, како и оперативните перформанси и идните трендови во врска со овој сектор.

**Евалуација на научен труд под реден број 9**

*Digital Innovations In The World Of Finance*

Овој труд ги анализира дигиталните иновации, кои во последните години во финансиите привлекоа силно влијание од јавните власти и учесниците во финансискиот сектор, поради нивното ветување за намалување или целосно отстранување на неефикасностите во перформансите на малопродажни исплати, вклучувајќи ги и оние поврзани со недиректните трансакции на потрошувачите. Технолошките иновации, исто така, претставуваат предизвици и некои од нив се од правна природа. Со технолошките иновации кои сè уште се во формативна фаза, од суштинско значење е да се идентификуваат и да се оценат тие предизвици со цел подобро да се разбере кои од нивните апликации ги поттикнуваат и ублажуваат ризиците кои можат да ја дестабилизираат ефикасноста и безбедноста на плаќањата.

Постоечката литература за развој на е-пари е ограничена. Некои автори го лоцираат проблемот со кој се соочува еволуцијата на е-пари на страната на побарувачката. Тие тврдат дека употребата на системите за електронско плаќање бараат многу предуслови, како што се релативно високото ниво на приходи и образование, кои не се неопходни за употреба на други платежни инструменти.

**Евалуација на научен труд под реден број 10**

*National Payment Systems Development in Balkan Countries*

Надворешната трговија и меѓународните економски односи на земјите се многу важни, бидејќи тие се засноваат на економскиот интерес на земјите и интересот на нивните економии. Секоја национална економија во процесот на соработка со другите зејмји го наоѓа својот интерес, ја мери својата позиција и врши поголеми или помали употреби на надворешната трговија, во зависност од степенот на отвореност на економијата кон светотската економија и други фактори кои влијаат врз надворешната трговија. Ова е тесно поврзано со платниот промет. Платежните операции ги претставуваат сите исплати направени во готовина помеѓу домашни (правни и физички лица), како и помеѓу домашни и странски лица. Плаќањата меѓу нив се вршат за стоки и услуги и за трансакции на финансиски средства. Овие работи се вршат преку комерцијалните банки и банката делува како посредник во своето име и ги врши во име на клиентот. Во овој труд се презентирани карактеристиките на платните системи и можности во балканскиот регион.

**Евалуација на научен труд под реден број 11**

*The Role of the Central Bank in the National Payment System: Evidence for Macedonia*

Значењето на платниот промет се манифестира преку неговата улога на секоја пазарна економија, како витална компонента на финансиската инфраструктура. Платежниот систем е инфраструктура која овозможува пренос на средства помеѓу субјектите за извршување на нивните меѓусебни обврски. Платежниот систем е основното средство за ефикасно спроведување на монетарната политика на централната банка. Дизајнот од платниот систем во основа треба да ги исполнува спецификациите на одредена земја. Во овој труд се анализира важноста на платниот систем и улогата на Централната банка. На крајот, се поврзуваат јавната политика, централната банка и националниот платен систем и неговата улога за развој на операциите за плаќање.

**Евалуација на научен труд под реден број 12**

*Marketing Strategy and Financial Performance: The Case of Chocolate Industry in Macedonia*

Во трудот се анализираат значењето и потребата од маркетинг стратегијата како комплетен план или инструмент специјално дизајниран за да постигне сет од маркетинг цели кои ќе влијаат на финансиските перформанси на компанијата. Имплементацијата на маркетинг стратегија и нејзиното влијание врз финансиските перформанси на компанијата станува многу важна како тема за практичарите, но исто така и за истражувачите заинтересирани за областите на маркетинг и финансии. Маркетинг стратегија предодредува избор на целни пазарни сегменти, позиционирање, маркетинг микс и распределба на ресурси. Авторите предлагаат маркетинг стратегија која вклучува два последователни чекори: прв - сегментација на пазарот и избор на целна група на потрошувачи и втор - креирање на маркетинг микс.

**Евалуација на научен труд под реден број 13**

*Challenges in modern management and modern business that Macedonian organizations face in gaining competitive advantage*

Крајот на XX и почетокот на XXI век го означува почетокот на новата „динамична ера“ на бизнисот. Постојаните брзи промени, брзиот индустриски развој и глобализација поттикнуваат на ново размислување за начинот на дејствување на организациите и нивните функции со цел да се добие конкурентна предност. Модерениот менаџмент и модерните бизнис модели се основа за градење на успешна организација која ќе биде конкурентна.

Конкурентна предност е остварени од оние организации кои се подготвени за радикални промени и кои применуваат методи и концепти на континуирано подобрување. Одржлива конкурентска предност се постигнува од организации кои значително се издвојуваат, односно организации кои се способни да ги зголемат своите перформанси во споредба со конкуренцијата, примена на иновативни техники, развој на нови супериорни производи со градење на силен бренд и позитивен имиџ. Имено, трудот го испитува влијанието на современите предизвици врз целокупното функционирање на организации во производството и во услужниот сектор, со цел да се постигне конкурентска предност.

**Евалуација на научен труд под реден број 14**

*Technological Industrial Development Zone - (DTIDZ) and international business hub: Macedonian experience*

Трудот го анализира начинот на кој владите на нациите имаат клучна улога во воспоставувањето макроекономска стабилност и обезбедувањето на стабилни политички, правни, макроекономски политики и социјални институции. Овие предуслови создаваат потенцијал за подобрување на националниот просперитет. Се образложува како владите можат да играат важна улога во промовирањето на развојот на продуктивноста преку инвестирање во инфраструктура и вештини, промовирање макроекономска стабилност и обезбедување соодветни рамки за микроекономија. Инвестициите во инфраструктурата го зголемуваат капиталот на земјата и ефикасноста со која може да се користат ресурсите на приватниот сектор. Јавните и приватните инвестиции во образованието и обуката резултираат со работна сила со подобри вештини што доведува до потенцијално повисок степен на продуктивност, поголема конкурентност, пониска невработеност и зголемени приходи и животен стандард. Дел од анализата разработува една од мерките за зајакнување на економскиот развој во РМ - технолошка индустриска развојна зона врз основа на концептот на индустриска слободна зона, за да помогне во обезбедувањето на најефикасна деловна клима во Југоисточна Европа.

**Евалуација на научен труд под реден број 15**

*Lending conditions during the global economic crisis*

Овој труд ја анализира работата на банките, која се заснова на неколку значајни карактеристики, меѓу кои се: депозитна и кредитна функција, финансиско посредување, платниот промет, учество во монетарната политика и посредување со дополнителни услуги. Најзастапена функција е кредитирањето на граѓаните и правните субјекти. Всушност, кредитирањето е прифатено како најпрактичен начин на финансирање на инвестициите или покривање на трошоците во време кога е тоа најмногу потребни за клиентот. Светската економска криза посебно ги погоди кредитобарателите, бидејќи ја зголеми побарувачката за кредити од една страна, но од друга страна ги променија условите за добивање заеми, првенствено поради енормното зголемување на кредитниот ризик, односно неможноста на должниците да ги отплаќаат заемите во рамките на договорениот временски период.

**Евалуација на научен труд под реден број 16**

*Basic professional education and permanent improvement – career developement paths*

Трудот ја анализира потребата од континуирано подобрување на знаењата и вештините на вработените, со цел за напредок во личната кариера. Тековните турбулентни промени во животната средина и наметнатите барања за личен развој на вработените создаваат потреба од фокус и, всушност, инсистираат на откривање на главните индивидуални цели и потребните активности на вработените за постигнување на нивните цели во кариерата. Постојаното подобрување кај сите вработени е всушност неопходност, што дополнително овозможува адаптација на промените во животната средина (промена на потребите на клиентите); промени во организацијата или во желбата на лицето за развој на кариера во иста или друга организација. Се заклучува дека овие процеси придонесуваат за започнување на нов професионален циклус и го подобруваат имиџот на компанијата преку презентација и комуникација на потребите и придонесите на вработените.

**Евалуација на научен труд под реден број 17**

*E-commerce vs. e-banking - similarities and differences*

Во овој труд се прикажуваат разликите и сличностите помеѓу електронската трговија и електронското банкарство, како и нивното значење за работењето на компаниите. Е-трговијата се состои од купување и продавање на информации, производи и услуги преку компјутерски мрежи како што се интернет и електронска размена на податоци (EDI). Е-банкарството е една форма на е-трговија со одредени разлики и особености кои се карактеристични само во е-банкарство. За компаниите електронската трговија носи: разновидност и ниски бариери за влез, значајни можности за намалување на трошоците, капацитет за брзо креирање на деловни процеси и одлични можности за продажба преку границата. Од друга страна, во својата наједноставна форма, електронското банкарство во основа вклучува испорака на информации за банката и нејзините услуги преку почетната страница на интернет. Пософистицираната интернет базирана услуга им овозможува на корисниците пристап до нивните сметки, способност за пренос на пари помеѓу различни сметки, онлајн плаќања или аплицирање за заеми и други финансиски производи. Се заклучува дека секоја од овие потенцијални придобивки придонесува за зголемена конкуренција и способност да преземат лидерство на пазарот од докажани играчи на пазарот.

**Евалуација на научен труд под реден број 18**

***The process of de-Euroisation in the Macedonian banking sector in the period of sovereign debt crisis***

Како и во другите балкански земји, евроизацијата во Република Македонија беше процес кој започна со воведувањето на еврото во ЕУ, прво со поставување на еврото како официјално сидро кон денарот како македонска национална валута, а подоцна и со зголемување на употребата на еврото депозитните и кредитните активности на македонските банки.

Сепак поради шокови создадени во периодот на постфинансиска криза и суверена должничка криза во земјите на еврозоната започна процесот на деевроизација - прво во македонскиот банкарски сектор, а подоцна и во другите сектори на македонската економија.

Овој труд има за цел да ги претстави ефектите од процесот на деевроизација на македонските банки, со анализа на овој феномен во три различни ставки на билансот на состојба на банкарскиот сектор: ликвидни средства, кредитно портфолио и депозитна база, преку методите на споредување и тренд анализа.

**Евалуација на научен труд под реден број 19**

***The structure of GDP as an indicator for economic development: a note on the economy of FYROM***

Кризата на глобално ниво ја потврди потребата за развој на производствениот сектор во Македонија како клучен елемент за намалување на трговскиот дефицит. Ефектите од кризата покажуваат дека Македонија нема економска структура способна за развој без прилив на странски капитал. Прашањето дали економската структура на Македонија е компатибилна со сегашното ниво на развој и дали земјата има одржлив економски развој во последните десет до петнаесет години треба да се одговори негативно.

Всушност, последната економска криза потврди дека развојниот модел што го применува Македонија не е одржлив. Иако процесот на приватизација заврши, приватната сопственост и либерализацијата не ги покажуваат очекуваните ефекти. Компаниите не се конкурентни на меѓународните пазари и не почнаа да создаваат нови продуктивни работни места во производство и извозно ориентирани сектори. На макро ниво, има развиен модел базиран на фиксен девизен курс и слаба економија, хроничен трговски дефицит и потпирање на приливот на странски капитал. Очигледно, економскиот модел треба да се промени. Македонија бара радикална промена на економската политика, со брзо преструктурирање на економијата и нови економски и законските услови за инвестиции во производството и други извозно ориентирани економски сектори. Сите овие треба да се направат паралелно со општиот развој на инфраструктурата и човечките ресурси. Со цел да се започне

инвестицискиот циклус, кој ќе повикува на побрз економски развој, овој труд ја анализира потребата за промена на економската структура, која може да биде анализирана од страна на структурата на БДП, како главен макроекономски агрегат во економијата.

**Евалуација на научен труд под реден број 20**

***The impact of mobile technologies on e-banking***

Во овој труд се анализира влијанието на новите мобилни технологии врз работењето на банкарскиот сектор и промените во банкарските услуги. Банкарскиот сектор е под влијание на многу надворешни и внатрешни сили. Во однос на надворешните сили, технолошките промени најверојатно ќе имаат најголемо значење во овој сектор. Тие им помогнаа на банките да ги автоматизираат клучните деловни процеси со интегрирање на нивните системи. Системската интеграција е од суштинско значење за испорачување на истите информации во сите канали на дистрибуција, како што е електронско банкарство, телефонско банкарство, банкарство итн. Некои банки прават значителни инвестиции во мобилните системи за да имплементираат низа видови на деловни вредности преку зголемување на ефикасноста и намалување на трошоците, подобрување на оперативната ефикасност и услуги на клиентите за да обезбедат конкурентна предност. Се заклучува дека и покрај значајните успеси во спроведувањето на е-банкарството на глобално ниво, многу технолошки предизвици остануваат неискористени од страна на банките.

**Евалуација на научен труд под реден број 21**

*The influence of foreign investments on employment and economic growth in FYROM*

Односот и влијанието на странските директни инвестиции (СДИ) врз економскиот раст и невработеноста беше предмет на долги дебати. Во глобални рамки, односот помеѓу СДИ и економскиот раст е предмет на многу истражувачки студии: од чисто теоретска анализа на каналите преку кои се остварува ова, мотивите и детерминантите на инвестициите, до емпириските студии на широк панел на земји. Поради овие споделени аргументи за влијанието на странските директни инвестиции врз економскиот раст и невработеноста, како област на анализа во овој труд ја зедовме Македонија, земја во транзиција, која има свои особености во приливите на СДИ, што користи или сака да користи СДИ како форма на брз економски раст. Целта на овој труд е да се испита влијанието на странските директни инвестиции (СДИ) врз економскиот раст и невработеноста во Македонија. Трудот ја испитува постоечката теорија за да создаде аналитичка рамка за односот помеѓу СДИ и економскиот раст и невработеноста, а потоа квантитативно да ја оцени важноста на овие инвестиции во економскиот раст и невработеноста. Теоретската литература, разработена во овој труд, укажува на тоа дека странските директни инвестиции влијаат врз економскиот раст и невработеноста преку следните канали: трансфер на технологија и know-how, надградба на работната сила, интеграција во глобалната економија, зголемување на конкуренцијата и развој во земјата домаќин и реорганизација на домашните фирми и намалување на тешкотиите во спроведувањето на економските политики. Теоретската литература и емпириската литература укажуваат на еднакви заклучоци за влијанието на СДИ врз економскиот раст и невработеноста. Странските директни инвестиции (СДИ) привлекуваат големо внимание и интерес во секоја земја, особено во земјите во транзиција. Оттука, секоја земја-домаќин се залага за промовирање и привлекување на странски директни инвестиции поради нивниот придонес во економијата, нудејќи прифатливи давачки, даноци и финансиски стимулации за привлекување на СДИ. Во овој контекст, напорите што владите ги прават за привлекување СДИ значително ги намалуваат буџетските приходи (поради трошоците за привлекување на СДИ, како и директни субвенции за буџет кои им се дозволени на странските инвеститори) кои инаку би можеле да се користат за инвестиции во образованието и инфраструктурата, што автоматски го забрзува економскиот раст на земјата, која на долг рок станува попривлечна за инвестирање.

**Евалуација на научен труд под реден број 22**

*Entrepreneurial intentions in selected South-East European countries*

Овој труд има за цел да ги истражи претприемничките намери и факторите на влијание кои ги условиваат, во контекст на Југоисточна Европа. Во истражувањето беа анализирани следните варијабли: локус на контрола, склоност кон преземање на ризик, перцепирани фактори за поддршка, личен однос кон претприемништвото, перцептивна контрола во однесувањето, субјективна норма и претприемачка намера. Резултатите покажуваат дека личниот став кон претприемништвото, перцептивната контрола на однесувањето и субјективната норма позитивно и значително влијаат на претприемачката намера. Наодите од истражувањето овозможуваат подобро разбирање на претприемачките намери и факторите кои ги условуваат, во специфичниот посттранзициски контекст на земјите од Југоисточна Европа.

**Евалуација на научен труд под реден број 23**

*Commitment and policy to quality*

Во трудот се посветува внимание на значењето на менаџментот на целосен квалитет, како деловна активност која придонесува за поголема ефективност на работењето на компаниите. Се поставува тезата дека TQM мора да започне на врвот со главниот извршен директор, но исто така и дека средниот менаџмент има особено важна улога - тие не само што мора да ги сфатат принципите на TQM, тие мора да одат понатаму и да ги објаснат истите и на луѓето за кои тие се одговорни. Подготовката и имплементацијата на правилно осмислена политика за квалитет, заедно со континуираниот мониторинг, го прави полесно производството или работата, ги минимизира грешките и го намалува отпадот.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот доц. д-р Љупчо Давчев, покрај претходно опишаните наставно-образовни и научноистражувачки активности, има остварено и други активности од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

Дел од тие активности се публикација на трудови во стручни (научно-популарни) списанија:

Davcev, Ljupco and Nikolovska Vrateovska, Dance (2015) *Влијанието на финансиските институции врз економскиот раст и финансиската стабилност.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, VII (1). pp. 57-67. ISSN 1857- 7628

Sofijanova, Elenica and Jovanov, Tamara and Andronikov, Darko and Janevski, Aco and Davcev, Ljupco (2015) *Managing change through management development process.* XX Savetovanje o biotehnologiji, 1. pp. 479-485. http://eprints.ugd.edu.mk/14405/

Davcev, Ljupco and Fotov, Risto and Jovanov, Tamara (2014) *Бизнис интелигенција-историски развој и перспективи.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 6 (6). pp. 65-77. ISSN 1857- 7628

Jovanov, Tamara and Fotov, Risto and Davcev, Ljupco (2014) *Значење и примена на пазарна ориентација во работењето на МСП.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 6 (6). pp. 87-99. ISSN 1857- 7628

Во однос на организациско-развојната дејност, кандидатот придонесува со активности во насока на ефикасно функционирање на Економскиот факултет, а со кои се верифицира неговата посветеност и професионалност во високообразовниот процес. Такви се:

1. Продекан на Економскиот факултет при УГД од 2015 година до денес;
2. Членство во организациски и меѓународни уредувачки одбори на меѓународни списанија во земјава и во странство:

Д-р Љупчо Давчев е член на уредувачки одбор и рецензент во научни списанија во земјава и во странство, како што се:

**Journal of economics** (http://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/about/editorialTeam), Издавач: Економски факултет, Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во организациски одбор;

**Eurasian Journal of Business and Management** (https://eurasianpublications.com/Eurasian-Journal-of-Business-and-Management/Editorial-Board.aspx), Издавач: Eurasian Publications, Турција, во меѓународен уредувачки одбор, индексирано во: EconLit, Ulrich's

Periodicals Directory, Scilit, Google Scholar, ECONIS, CrossRef, Directory of Research Journals Indexing, Open Academic Journals Index, SHERPA/Romeo, EZB - Electronic Journals Library, WorldCat, J-Gate, NewJour, DOAJ, RePEc, ProQuest;

3. Учество во факултетски комисии;
4. Учество во изработка на елаборати за прв и втор циклус студии на факултетот;
5. Учество на неколку работилници;
6. Учество во проекти и сл.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот доц. д-р Љупчо Давчев ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Комисијата цени дека кандидатот Љупчо Давчев, доктор по економски науки од областа банкарство, покрај доставената комплетна документација по објавениот конкурс, како и исполнување на законските услови за избор во звање вонреден професор, покажува и перманентен интерес и желба за научно напредување. Кандидатот се истакнал со плодна педагошка активност, прикажувајќи висок корпус на знаење и стручност, како помлад асистент, а подоцна и во звањето асистент и доцент на повеќе предмети од областа банкарство што ги изведува на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во изминатиот период.

Неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и поширокатa област, како и стручноста со која владее во наставно-научната област Банкарство, за којашто кандидатот конкурира ја потврдува посветеноста и континуитетот на научноистражувачката работа на кандидатот д-р Љупчо Давчев. Ова се потврдува и со многуте објавени научни и стручни трудови, учество на меѓународни и домашни конференции и семинари со научна проблематика.

Стручно-апликативната и организациско-развојната дејност исто така се дел од биографијата и работното искуство на кандидатот, утврдено преку публикуваните трудови во стручни научно-популарни списанија, презентации на стручни конференции, учеството во комисии, организациски и уредувачки одбори на меѓународни списанија, организација на конференции, изготвување на елаборати и проекти. Стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на д-р Љупчо Давчев и неговата посветеност на Факултетот се гледаат и преку неговото дејствување од 2015 година како продекан.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно- апликативната и севкупната активност во периодот од избор во доцент до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот доц. д-р Љупчо Давчев преку остварените 289 поени (НО+НИСУ+САОР) во долунаведената табела.

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, **доц. д-р Љупчо Давчев да биде избран во звањето вонреден професор во научната област банкарство.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Биљана Ангелова, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Климентина Попоска, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Неда Петроска-Ангеловска, вонреден професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р.б. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **4.** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | / | | **30** |
| | **ВКУПНО** | **30** | | | | |
| **Р.б.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **3.** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (р.бр.1 и р. бр.6) | / | / | 2 | 15*2 =15 | **30** |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | (прв автор р.бр 4, 17, 19, 20 – вкупно 4)<br>4x9x1 поени= 36 поени<br><br>(втор автор р.бр. 3, 8, 12, 13, 15– вкупно 5)<br>5x6x1 поени= 30 поени<br><br>(останати автори р.бр.2, 5, 7, 9, 10, 11, 14, 16, 18– вкупно 9)<br>9x3x1 поени= 27 поени<br><br>Вкупно=36+30+27= 93 поени | | | | **93** |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (р.бр. 21, 22, 23) | 1 | 2 | 2 | 3 | **8** |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир (р.бр.27) | / | / | 1 | 6 | **6** |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (постер/ усно), концерт во земјата и во странство<br>- во земјава (р.бр. 31, 35)<br>- во странство (р.бр. 28, 29, 30, 32, 33, 34) | 2 | 1,5 | 6 | 2 | **15** |
| **10.** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | **8** |
| **13.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 2 | / | / | **2** |
| **15.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 1x4 поени = 4 поени<br>1x1 поен = 1 поени | | | | **5** |
| **17.** | Уредник на зборник на трудови од научен собир (р.бр.23) | 1 | 1 | / | / | **1** |
| **19.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал (р.бр.23) | 1 | 1 | / | / | **1** |
| **22.** | Студиски престој во странство | 2x8 поени = 16 поени | | | | **16** |
| **23.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 1x1 поен = 1 | | | | **1** |
| | **ВКУПНО** | **186** | | | | |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание (р.бр. 36, 37, 38, 39) | 4 | 2 | / | / | **8** |
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (р.бр. 24, 25, 26, 27) | / | / | 4 | 3 | **12** |
| **13.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 5 | / | / | **5** |
| **17.** | Елаборати и експертизи | 10 | 2 | / | / | **20** |
| **24** | Продекан | 1 | 8 | / | / | **8** |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија | 10 | 2 | / | / | **20** |
| | **ВКУПНО** | **73** | | | | |
| | **Поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот** | **НО** | **НИ** | **САОР** | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **30** | **186** | **73** | | **289** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМСКА ТЕОРИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1202-67/18 од 19.4.2019 година донесена на 170. седница на наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 18.04.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *економска теорија* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- академик Гоце Петрески, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
- д-р Трајко Славески, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член);
- д-р Круме Николоски, редовен професор на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 20.3.2019 година и во предвидениот рок единствено се пријави **доц. д-р Дарко Лазаров**.

Комисијата внимателно ги разгледа приложените документи и материјали и утврди дека кандидатот д-р Дарко Лазаров, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во согласност со барањата во Конкурсот ги доставил следниве документи:

1. Пријава;
2. Универзитетска диплома за доктор на економски науки (оригинал + 3 копии заверени на нотар);
3. Кратка биографија (CV) (четири примероци);
4. Потврда за познавање на странски јазик;
5. Уверение за државјанство;
6. Список на објавени научни и стручни трудови (и по еден примерок од трудовите издадени во меѓународни списанија и меѓународни конференции);
7. Еден примерок од докторскиот труд;
8. Уверение за положени испити на прв и на втор циклус студии.

Врз основа на приложената документација, Комисијата има чест да му го поднесе на Наставно-научниот совет на Економски факултет следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Дарко Лазаров** е роден на 8.4.1984 година во Штип. Основното и средното гимназиско образование го завршува во родниот град. Во учебната 2002/2003 година се запишува на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и дипломира во 2007 година, со просечен успех од 8.57.

Во академската 2007/2008 г. се запишува на постдипломски студии на Економскиот институт во Скопје, на насоката Меѓународна економија и истите ги завршува со просечен успех од 9.71. Во 2009 година со одбрана на магистерскиот труд „*Сиромаштија, нееднаквост и квалитет на живот во Република Македонија*“, се стекнува со звање магистер на економски науки.

Во 2011 година се запишува на докторски студии на Економскиот факултет во Белград, за подоцна да ја пријави својата докторска дисертација под наслов „*Анализа на детерминантите на динамиката на македонската економија во контекст на институционалната економија и новата теорија на раст*” на Економски факултет

при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, под менторство на академик Гоце Петрески. Со успешната јавна одбрана на 13.6.2014 година се стекнува со звањето доктор на економски науки.

Во 2007 година, д-р Дарко Лазаров се вработува како помлад асистент во областа економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Во 2010 година тој е избрана за асистент, а потоа во 2013 година е реизбран во истата област. Во тој временски период остварува забележителни научноистражувачки и наставно-образовни активности.

На 1.10.2014 г. е избран за доцент на Економскиот факултет во наставно-научната област економска теорија. За време на овој изборен период кандидатот има забележителни наставно-образовни и научноистражувачки активности како што се: наставно-образовен ангажман на предметите Основи на економија, Микроекономија, Макроекономија и Економија на иновации на наставните кампуси во Штип, Струмица и во Скопје, како и наставниот ангажман на предметите Основи на економија на Правен факултет и Микроекономија на Факултет за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип; раководител на Катедра за економија, дел од комисија за изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус студии на Економски факултет; учесник на повеќе реномирани меѓународни конференции; остварени студиски и истражувачки престои на европски универзитети; објавени научни и стручни трудови во меѓународни списанија индексирани во најпрестижните научни бази како што се Web of Science и Scopus; автор или коавтор на неколку монографии, книги и поглавја во книги; автор на скрипта и практикум од областа на економската теорија; член и раководител во неколку научни и стручно-апликативни проекти и слично.

Добитник е на наградата за најдобар млад економски истражувач во областа на макроекономија што ја доделува Народна банка на Република Македонија (НБРМ).

Кандидатот д-р Дарко Лазаров и денес работи на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип како доцент во наставно-научната област економска теорија.

**Законски услови согласно со чл. 166, ст. 1 од Законот за високо образование („Сл. весник на РМ" 82/2018) што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор**

1. **Просечен успех од најмалку 8.00 (осум) на интегрираните студии од прв и втор циклус студии**

   Остварен просечен успех на прв циклус студии од 8.57 и остварен просечен успех на втор циклус на студии од 9.71;
2. **Доктор на науки од научната област во којашто се избира**

   Доктор на економски науки од научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје во 2014 година;
3. **Доцент од научната област во која се избира**

   На 1.10.2014 година д-р Дарко Лазаров е избран за доцент во научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
4. **Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации**

   Има објавено повеќе научни трудови од соодветната научна област во референтни научни публикации кои се во целост наведени во доставениот список на трудови и приложени со копија од секој труд, а овде ги издвојуваме следниве шест трудови како позначајни:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Lazarov Darko and Petreski Goce | Human Capital as a Binding Constraint to Economic Growth: The Case of Macedonia. | Croatian Economic Survey, 18 (1). pp. 35-70. ISSN 1330-4860 (2016) Индексирано во Web of Science и Scopus | 1994 |
| 2 | Lazarov Darko and Miteva-Kacarski Emilija and Nikoloski Krume | An empirical analysis of stock market development and economic growth: the case of Macedonia. | South East European Journal of Economics and Business, 11 (2). pp. 71-81. ISSN 2233-1999 (2016) Индексирано во Web of Science и Scopus | 2008 |
| 3 | Petreski Goce and Lazarov Darko | Drivers of Economic Growth: A Comparative Analysis of Macedonia and Bulgaria. | Economic Studies Journal (6). pp. 3-16. ISSN 02053292 (2017) Индексирано во Scopus | 1998 |
| 4 | Lazarov Darko and Kocovski Mitko | Empirical analysis of Macedonian export structure: the role of metal industry | Industry Journal, 45 (1). pp. 148-160. ISSN 0350-0373 (2017) Индексирано во Ebsco | 1973 |
| 5 | Lazarov Darko and Kocovski Mitko | Empirical estimation of the multiplicative effects of steel industry in Macedonia by using input-output model | UTMS Journal of Economics, 7 (1). pp. 25-35. ISSN 1857-6974 (2016) Индексирано во Ebsco | 2010 |
| 6 | Lazarov, Darko and Kocovski, Mitko | Economic impact analysis of steel industry in Republic of Macedonia: the case of Makstil a.d Skopje. | Journal “Economic Outlook“, 18 (2). pp. 13-28. ISSN 1450-7951 ISSN 2334-7570 (2016) Индексирано во Ebsco | 2010 |

***Наставно-образовна дејност***

Наставно-образовниот ангажман на доц. д-р Дарко Лазаров се протега уште од 2007 година, кога е избран за помлад асистент за наставно-научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Во 2010 година тој е избрана за асистент, а потоа во 2013 година е реизбран во истата научна област. Во тој временски период остварува забележителни научноистражувачки и наставно-образовни активности.

На 1.10.2014 година е избран за доцент на Економскиот факултет во наставно-научната област економска теорија. Во временскиот период на избор во звање доцент е ангажиран на прв циклус студии на предметите Основи на економија, Микроекономија, Макроекономија и Економија на иновации, додека на втор циклус студии кандидатот бил ангажиран на предметот Напредна економија. Во истиот период, кандидатот е раководител на Катедрата за економија и член на комисија за изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус студии на Економски факултет.

Кандидатот бил ментор и член на повеќе дипломски и магистерски трудови како дел од наставно-образовниот процес на студентите на прв и на втор циклус студии на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Тој во моментот е класен

раководител, согласно со Кредит-трансфер системот – ЕКТС на студентите од насоката Бизнис економија на наставниот кампус во Скопје.

Освен на матичниот, тој е ангажиран на Правниот факултет и на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип на предметот Основи на економија и микроекономија, и ангажиран на универзитетскиот предмет Бизнис економија. Во спроведување на наставно-образовните активности во рамките на своите предмети организира повеќе гостувања на претставници на бизнис секторот, универзитетски професори од странство и експерти од релевантни институции како што се претставници од Светска банка, МАНУ, Народна банка на Македонија и други.

Во наставно-образовната дејност, кандидатот е автор на рецензирана скрипта и практикум по предметот Основи на економија и микроекономија.

***Научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Дарко Лазаров има забележителни научноистражувачки апликативни активности. Во продолжение е наведена листа на научни трудови објавени во референтни научни публикации, научни трудови презентирани или објавени на меѓународни научни собири, научни проекти, монографии и научни книги и други научноистражувачи референци.

**I. Научни трудови објавени во референтни научни публикации**

Lazarov, Darko and Petreski, Goce (2016) *Human Capital as a Binding Constraint to Economic Growth: The Case of Macedonia.*Croatian Economic Survey, 18 (1). pp. 35-70. ISSN 1330-4860 online / 1846-3878

Lazarov, Darko and Miteva-Kacarski, Emilija and Nikoloski, Krume (2016) *An empirical analysis of stock market development and economic growth: the case of Macedonia.* South East European Journal of Economics and Business, 11 (2). pp. 71-81. ISSN 2233-1999

1. Petreski, Goce and Lazarov, Darko (2017) Drivers of Economic Growth: A Comparative Analysis of Macedonia and Bulgaria. Economic Studies journal (6). pp. 3-16. ISSN 02053292

Lazarov, Darko and Kocovski, Mitko (2017) *Empirical analysis of Macedonian export structure: the role of metal industry.* Industry Journal, 45 (1). pp. 148-160. ISSN 0350-0373

Lazarov, Darko and Kocovski, Mitko (2016) *Empirical estimation of the multiplicative effects of steel industry in Macedonia by using input-output model.* UTMS Journal of Economics, 7 (1). pp. 25-35. ISSN 1857-6974

Lazarov, Darko and Kocovski, Mitko (2016) *Economic impact analysis of steel industry in Republic of Macedonia: the case of Makstil a.d Skopje.* Journal "Economic Outlook", 18 (2). pp. 13-28. ISSN 1450-7951 ISSN 2334-7570

Lazarov, Darko and Lakovic, Tanja and Miteva-Kacarski, Emilija (2017) *Does Financial Information Transparency and Objectivity Matter for Stock Market Development? A Panel Regression Analysis for The Selected European Countries.* Research Papers of the Wroclaw University of Economics (482). pp. 121-129. ISSN 1899-3192

Petreski, Goce and Lazarov, Darko (2014) Analysis of Transmission Channels and Mechanism of the Global Economic Crisis from Developed to South-East European Countries. Journal of Empirical Economics, 3 (3). pp. 121-132. ISSN 2310-3280

Lazarov, Darko and Lakovic, Tanja and Miteva-Kacarski, Emilija (2017) *The Quality of Financial Information and Stock Market Development: A Panel Data Study for the European Economies.* "Contemporary Trends and Challenges in Finance", Springer Proceedings in Business and Economics , 22. pp. 145-153. ISSN 2198-7254

Petreski, Goce and Lazarov, Darko (2015) *The innovation capacity and economic growth: Empirical estimation for the CEE countries.*Economic recovery in the post-crisis period. pp. 53-63. ISSN 978-608-212-052-2

**II. Научни трудови презентирани на меѓународни и домашни научни собири**

Lazarov, Darko (2019) *New Methodology for increasing the Export Competitiveness of Macedonian economy.* 4th Meeting of Exporters' Club , 28 February, 2019, Economic Chamber of Macedonia.

Lazarov, Darko (2019) *<u>A Comparative Analysis of Macedonian and Bulgarian Growth Model: Current Perspective and Future Challenges.</u>* Bulgarian-Macedonian Talks, 24-27 January, 2019, Pravets, Bulgaria.

Lazarov, Darko and Kocovski, Mitko and Jovanov, Martin (2018) *<u>Export performance and industrial opportunities of metals and metalworking sector in Republic of Macedonia.</u>* VIII International Congress of Metallurgists of Macedonia METALLURGY, MATERIALS AND ENVIRONMENT, 30-3 May, Ohrid.

Josheski, Dushko and Lazarov, Darko (2018) *<u>New Keynesian macroeconomics: Empiricaly tested in the case of R.Macedonia.</u>* In: World Economics Association (WEA) Conferences, No. 1 2018, Monetary Policy after the Global Crisis, 15th February to 15th March, 2018.

Lazarov, Darko and Azeski, Branko (2018) *<u>Извозна диверзификација и модерна реиндустријализација како фундаментални процеси за забрзување на растот на македонската економија.</u>* Идните предизвици на економскиот развој и економските политики на Република Македонија, МАНУ, 4-5 Oct 2018, Ohrid, Macedonia.

Fidanoski, Filip and Lazarov, Darko and Kiril, Simeonovski and Sergi, Bruno (2017) *<u>Where macroeconomic and financial instability meets economic growth in Macedonia?</u>* Financial Services Indices, Liquidity and Economic Activity, 23-24 May, 2017, Bank of England, London.

Slaveski, Trajko and Lazarov, Darko (2017) *<u>Industrial policies in selected CEE countries: An overview.</u>* Second World Congress of Comparative Economics "1917 –2017: Revolution and Evolution in Economic Development", May, 2017, St. Peteresrburg. Russia.

Lazarov, Darko and Kocovski, Mitko and Konatar, Aleksandar (2017) *<u>The analysis of industrial and export opportunities of Macedonian economy.</u>* International scientific conference on Economics and Management - EMAN 2017, March, 2017, Ljubljana, Slovenia.

Sergi, Bruno and Lazarov, Darko and Fidanoski, Filip and Rossi, Fabrizio (2016) *<u>Does corporate governance matters to financial markets?</u>* Future of Business and Finance: Challenges and Prospects after the Crisis, 14-15 Dec 2016, Szczecin, Poland.

Lazarov, Darko and Kocovski, Mitko (2016) *<u>The analysis of Macedonian export performance: the role of metal industry.</u>* ECIN 2016: International Economics and Management Conference, 22 Sept 2016, Belgrade, Serbia.

Lazarov, Darko and Slaveski, Trajko (2016) *<u>Empirical estimation of macroeconomics and institutional specific determinants of capital market development in the CEE countries.</u>* 14th EACES conference: Comparative Economic Development in the Long Run, 8-10 September, 2016, Regensburg, Germany.

2. Lazarov, Darko and Kocovski, Mitko and Stojkovic, Natasa (2016) <u>Bridging the industry - academia skill gap: a conceptual investigation with special emphasis on the Republic of Macedonia</u>. Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective International Conference, Stip, Macedonia.

Lazarov, Darko and Kocovski, Mitko (2015) *<u>Empirical estimation of the multiplicative effects of steel industry for Macedonian economy.</u>* International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism "Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & menagement", 9-11 Oct 2015, Skopje, Macedonia.

Lazarov, Darko and Slaveski, Trajko (2014) *<u>Macroeconomic volatility and economic growth: Empirical estimation for the CEE countries.</u>* Macroeconomic volatility and economic growth: Empirical estimation for the CEE countries, 18-20 Oct 2014, Antalya, Turkey.

**III. Учебни помагала (рецензирана скрипта и практикум)**

3. Lazarov, Darko (2018) <u>Бизнис економија: селектирани микроекономски теории и концепти - скрипта</u>. University Goce Delcev, Stip. ISBN 978-608-244-590-8

4. Lazarov, Darko (2018) <u>Бизнис економија: основни квантитативни микроекономски методи - практикум</u>. University Goce Delcev, Stip. ISBN 978-608-244-589-2

**IV. Монографија или научна книга (во земјава)**

5. Petreski, Goce and Lazarov, Darko and Olivera, Kosotoska (2017) <u>Pathways of Transition: Empirical analysis of Macedonian and Bulgarian Economy</u>. Macedonian Academy of Sciences and Arts (MANU), Skopje. ISBN 978-608-203-197-2

**V. Дел од монографија или научна книга (во странство)**

6. Lazarov, Darko and Petreski, Goce (2018) Export Opportunity, Economic Growth and Structural Change: A Case for Industrial Policy in the Republic of Macedonia. Progress in Economic Research. Nova Science Publishers, New York, USA, pp. 155-182. ISBN 978-1-53613-340-0

7. Slaveski, Trajko and Lazarov, Darko (2017) The Impact of Institutions on Economic Growth in the Central and Eastern European Countries before and during the Global Economic Crisis. Eurasian Economies in Transition. Cambridge Scholars Publishing, United Kingdom, pp. 108-122. ISBN 1-4438-1266-8

**VI. Докторска дисертација и магистерски труд**

8. Lazarov, Darko (2014) Анализа на детерминантите на динамиката на македонската економија во контекст на институционалната економија и новата теорија на раст. Докторска дисертација, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

9. Lazarov, Darko (2009) Сиромаштија, нееднаквост и квалитет на живот во Република Македонија. Магистерски труд, Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

**VII. Меѓународни и домашни научни проекти**

Temjanovski, Riste and Lazarov, Darko and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Arsova, Monika (2018) *Transport infrastructure as well as a generic resource to boosting the economic growth of the Republic of Macedonia*. Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Nikoloski,Krume and GorgievaTrajkovska,Olivera and Lazarov,Darko and Dimitrova, Janka and Miteva-Kacarski, Emilija and Georgieva Svrtinov, Vesna and Koleva, Blagica (2015) *Влијанието на квалитетното финансиско известување и корпоративно управување врз ефикасноста на инвестициите и пазарот на капитал во РМ*. Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

10. Petreski, Goce and Lazarov, Darko and Kostoska, Olivera (2016) Економски раст, инвестиции и економска соработка: Емпириска анализа на искуствата на Македонија и Бугарија. Македонска академија на науки и уметности (МАНУ) и Бугарска академија на науки (БАН).

**VIII. Награда - признание за научни постигнувања**

Дарко Лазаров (2017) Дали финансискиот сектор е ограничувачки фактор за економскиот раст: Студија на случај за Македонија. Годишна награда на НБРМ за млади истражувачи за најдобар труд од областа на макроекономијата и банки и банкарски системи. http://www.nbrm.mk/2017-godishna-nagrada.nspx

**Кратка научна евалуација на некои поважни трудови**

**Евалуација на трудот:** *Drivers of Economic Growth: A Comparative Analysis of Macedonia and Bulgaria* (2017). Economic Studies journal (6). pp. 3-16. ISSN 02053292.

Главната цел на овој труд е да го анализира придонесот на одделни фактори кои го детерминираат економскиот раст во Бугарија и во Македонија. Во истражувањето е користено сметководство на растот базирано на пристапот на производството, побарувачката и секторски пристап како базична методологија за истражување на изворите на растот. Анализата се однесува за периодот 2000-2015 година и ги опфаќа двете земји. Всушност, ваквиот пристап на компаративна анализа овозможува идентификување на сличностите и разликите во моделите на растот на двете земји.

Добиените резултати од истражувањето покажуваат дека главниот двигател на растот во двете земји се инвестициите во физички капитал. Сепак, разликите се гледаат во придонесот на работната сила и придонесот на факторската продуктивност. Имено, поголем придонес на работна сила во растот е идентификуван во Македонија, додека придонесот на факторската продуктивност е позначителен во Бугарија.

Дополнително, резултатите базирани на пристапот на побарувачката укажуваат на тоа дека потрошувачката на домаќинствата и трошењето на владата се главните двигатели за раст во двете земји, со негативни ефекти на трговскиот дефицит што се отсликува и во негативен придонес на нето извоз во растот. Освен тоа, естимираните резултати од сметководството за раст базирани на секторскиот пристап покажуваат дека економскиот раст во двете земји претежно се движи од трговијата и услужниот сектор, со помал придонес на индустријата. На крај, во трудот се понудени неколку предлози и препораки за креаторите на економските политики во двете земји во насока на забрзување на нивната развојна динамика.

**Евалуација на трудот:** *Human Capital as a Binding Constraint to Economic Growth: The Case of Macedonia* (2017). Croatian Economic Survey, 18 (1). pp. 35-70. ISSN 1330-4860.

Главната цел на трудот е да одговори на прашањето дали недостатокот на квалификувана и добро образована работна сила (човечки капитал) во Република Македонија е најголем ограничувачки фактор и бариера во забрзување на економскиот раст. Во рамките на истражувањето се користени неколку истражувачки техники и методи: декомпониран пристап на квантификација на придонесот на трудот и човечкиот капитал во растот на економијата, микро пристап за анализа на стапката на поврат на инвестициите во човечки капитал и анализа на дистрибуцијата на невработеноста според образованата и возрасната структура и анализа на перцепцијата на компаниите за квалитетот на работната сила во земјата. На крајот од истражувањето е применета регресиона анализа (МНК пристап) со цел анализа на корелациската врска помеѓу инвестициите во човечки капитал и стапката на економски раст во Република Македонија.

Добиените резултати од истражувањето укажуваат на важен придонес на човечкиот капитал во економскиот раст (неговиот релативен придонес во однос на стапката на раст е околу 22%). Макрото и микропроценката на стапката на поврат на инвестициите во човечкиот капитал покажува дека стапката на поврат во високото образование е значително поголема споредено со стапката на поврат на инвестициите во средното образование. Дополнително, резултатите од анализата на перцепцијата на компаниите се прилично контрадикторни. Имено, компании и покрај тоа што го наведуваат недостигот на квалификувана работна сила како еден од најсериозните проблеми за нив, средствата што тие ги одвојуваат за обука, унапредување и квалификација на своите работници се најмали споредено со сите земји во регионот. На крај, резултатите од економетриските истражувања укажуваат дека постои позитивна и статистички значајна врска помеѓу човечкиот капитал и економскиот раст во Македонија.

**Евалуација на трудот:** *An empirical analysis of stock market development and economic growth: the case of Macedonia (2016).* South East European Journal of Economics and Business, 11 (2). pp. 71-81. ISSN 2233-1999.

Овој труд има две цели. Првата цел е да се испита магнитудата на корелациската врска помеѓу нивото на развиеност на финансискиот пазар и економскиот раст за група од 14 транзициски економии од регионот на Централна и Југоисточна Европа (ЦИЕ) во периодот 2002-2012 година, додека втората цел е детална анализа на специфичностите на финансискиот пазар во Република Македонија. Во рамките на истражувањето се користени панел регресионен модел (фиксни и случајни ефекти) и динамички панел модел (Генерализиран метод на моменти - ГММ), додека за анализа на финансискиот сектор во Република Македонија е користена компаративна бенчмарк анализа.

Добиените резултати покажуваат дека развојот на финансискиот пазар е позитивен и значително поврзан со економскиот раст во анализираните земји во периодот 2002-2012 година. Дополнително, компаративната анализа на финансискиот пазар во Република Македонија сугерира дека финансискиот пазар сè уште е недоволно развиена и се соочува со голем број предизвици. Овие предизвици вклучуваат регионална интеграција на пазарот на капитал и усогласување на правните и институционалните рамки, како што се стечајните постапки, стандардите за сметководство и известување, регулаторните тела во јавниот сектор, корпоративното управување и либерализираниот трговски режим.

**Евалуација на трудот:** *Empirical analysis of Macedonian export structure: the role of metal industry (2017).* Industry Journal, 45 (1). pp. 148-160. ISSN 0350-0373.

Трудот ја анализа извозната структура и извозните перформанси на македонската економија со користење на неколку синтетички индекси како што се: извозна комплексност, извозна диверзификација, извозна стандардност и извозни можности за периодот 1995-2014. Емпириската анализа е базирана на примена на методологијата на т.н. product space развиена од Hidalgo et al. (2007), при што се користени податоци од Comtrade база на податоци на ОН за извоз и увоз. Дополнително, трудот ги анализира перформансите на металната индустрија и неговата продуктивност како еден од најголемите извозни сектори во Република Македонија и го истражува развојниот капацитет и можностите за понатамошна диверзификација на производите во рамките на овој сектор.

Добиените резултати од истражувањето покажуваат дека македонскиот извоз е висококонцентриран (првите десет производи имаат речиси половина од вкупниот извоз на земјата и повеќе од 70% од извозот оди само во неколку земји) и уште поважно, извозната структура е составена од производи со ниска додадена вредност. Дополнително, резултатите покажуваат дека извозната структура е помалку диверзифицирана, што ја прави економијата многу чувствителна на надворешните шокови. Од друга страна, анализата на перформансите на металната индустрија покажува дека оваа индустрија има силни компаративни предности (индексот на компаративна предност, RCA = 2.16) и исклучително голем потенцијал за понатамошна диверзификација преку градење на компаративни предности за извоз на нови производи со поголем степен на финализација. Оттука, главната порака на трудот е да се идентификуваат развојните потенцијали на сите сектори во економијата и да се насочат сите напори кон оние индустриски гранки кои имаат најголеми развојни можности и потенцијали да се развиваат во иднина.

**Евалуација на трудот:** *Empirical estimation of the multiplicative effects of steel industry in Macedonia by using input-output model (2016)*. UTMS Journal of Economics, 7 (1). pp. 25-35. ISSN 1857-6974

Главната цел на трудот е квантитативна и научно базирана економска проценка на улогата и значење на индустријата за основни метали во Република Македонија и нејзиното влијание и импакт врз националната економија. Емпириската проценка вклучува истражување на директните ефекти (придонесот на челичната индустрија во БДП и економскиот раст, извозот, вработувањето, даноците и корпоративната општествена одговорност) и проценка на мултипликативните ефекти (индиректно преку синџирот на добавувачи и преку финалната потрошувачка во економијата) што оваа индустрија ја генерира во националната економија преку репродукциските процеси.

Методологијата за проценка на економските ефект е базирана на примена на инпут-аутпут модел и методологија за проценка на мултипликативните ефекти. Резултатите од емпириската анализа на економските и финансиските показатели укажуваат дека оваа индустрија има значителен директен импакт врз економијата и воедно претставува една од најголемите индустриски гранки во земјата гледано низ учеството во БДП, извозот, бројот на вработени, даночни приходи и други параметри. Дополнително, резултатите покажуваат дека секој денар бруто вредност создадена во овој сектор генерира дополнителни 3 денари во економијата преку мултипликативните канали што само ја потврдува констатацијата за важноста на овој сектор за македонската економија.

**Евалуација на трудот:** *Does Financial Information Transparency and Objectivity Matter for Stock Market Development? A Panel Regression Analysis for The Selected European Countries (2017)* .Research Papers of the Wroclaw University of Economics (482). pp. 121-129. ISSN 1899-3192

Трудот се обидува да одговори на прашањето дали финансиската транспарентност и објективноста во финансиското известување се важни за развојот на пазарот на капитал. Во тестирање оваа хипотеза е користен примерок од 38 избрани европски економии за периодот 2006-2014 со примена на динамичка панел регресионен модел (генерализиран метод на моменти). Примената на стандардите за ревизија и известување (SARS) се користи како репрезентативна варијабла за мерење на финансиската транспарентност и објективност, додека капитализираноста на берзата во однос на БДП е најчесто користена варијабла за мерење на развиеноста на пазарот на капитал.

Добиените резултати покажуваат дека квалитетот на финансиските информации има позитивно и значајно влијание врз развојот на пазарот на капитал откако ќе се контролираат стандардните макроекономски и финансиски детерминанти кои влијаат врз пазарот на капитал. На овој начин емпириски ја потврдуваме првичната теза дека квалитетот на финансиското известување е една од најважните детерминанти на развојот на пазарот на капитал, при што таквото позитивно влијание на квалитетот на финансиското известување и ревизија врз развојот на пазарот на капитал е многу позначително во случај на земјите-членки на ЕУ.

**Евалуација на трудот:** *Economic impact analysis of steel industry in Republic of Macedonia: the case of Makstil a.d Skopje (2016)*. Journal "Economic Outlook", 18 (2). pp. 13-28. ISSN 1450-7951 ISSN 2334-7570

Главната цел на трудот е емпириска квантификација на вкупното економско влијание и значење на челичната индустрија врз македонската економија преку случајот Максил а.д. Скопје. Емпириската квантификација вклучува истражување на директните ефекти (придонесот на Макстил како компанија во БДП, извозот, вработувањето, даноците и корпоративната општествена одговорност) и поважно проценка на мултипликативните ефекти (индиректните ефекти преку синџирот на добавувачи и индуцираните ефекти со поттикнување на финалните потрошувачка) што ја создава Мактил а.д. Скопје како најголема компанија во челичната индустрија во Република Македонија. Истражувањето е базирано на примена инпут-аупут модел како општо прифатена методологија која се користи за ваков тип на анализи.

Резултатите од емпириската анализа укажуваат дека за секој денар што Макстил го создава вкупното производството во економијата се зголемува за 1,75 денари, 1 денар е директниот ефект на Макстил, додека дополнителните 0,75 денари произлегуваат од индиректните ефекти што се создаваат преку репродукциските процеси. Дополнително, економската активност на Макстил создава дополнителни 0,35 денари за секој денар генерирана бруто вредност на Макстил преку поттикнување на финалната потрошувачка што само потврдува дека оваа компанија има значајно влијание во рамките на индустријата за основни метали и забележително влијание за националната економија.

**Евалуација на трудот:** *Analysis of Transmission Channels and Mechanism of the Global Economic Crisis from Developed to South-East European Countries* (2014) Journal of Empirical Economics, 3 (3). pp. 121-132. ISSN 2310-3280

Целта на трудот е да се испита влијанието и трансмисионите ефекти од економската и финансиската криза во развиените земји врз економиите на Југоисточна Европа преку користење на економетриска анализа на голем број трансмисиони механизми, како што се дознаките од странство, извозот, странските директни инвестиции и финансискиот сектор.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека повеќе погодени земји од светската економска криза беа земјите од ЈИЕ кои се поинтегрирани во ЕУ, наспроти помалку развиените земји кои имаат помал интензитет на економски и финансиски интеракции со развиените ЕУ земји. Од друга страна, истражувањето покажа дека преливните негативни ефекти од кризата се случиле преку различни канали во различни земји, при што ефектите од одделните трансмисиони механизми биле различни од земја до земја. За илустрација, Македонија најсериозниот негативен шок го почувствувала преку падот на извозот, Бугарија и Романија преку намалување на приливот на СДИ, Србија преку значително ограничување на дознаките од странство, додека Словенија преку финансискиот сектор.

**Евалуација на трудот:** *The Quality of Financial Information and Stock Market Development: A Panel Data Study for the European Economies* (2017) "Contemporary Trends and Challenges in Finance", Springer Proceedings in Business and Economics , 22. pp. 145-153. ISSN 2198-7254

Главната цел на трудот е да се испита корелациската врска и каузалната поврзаност помеѓу квалитетот на финансиските информации и нивото на развиеност на пазарот на капитал. Истражувањето е базирано на примерок од 36 европски економии во периодот 2006-2012 преку примена на динамичен панел регресионен модел (систем GMM).

Резултатите покажуваат позитивна и значајна поврзаност помеѓу квалитетот на финансиските информации и развојот на пазарот на капитал. Ефектите од финансиското

известување врз развојот на пазарот на капитал се многу позначајни во случај на земјите кои не се членки на ЕУ. Дополнително, резултатите укажуваат на тоа дека стапката на раст, странските директни инвестиции, банкарскиот сектор и квалитетот на корпоративното управување се позитивно и значително поврзани со развојот на пазарот на капитал, додека стапката на инфлација и нестабилноста на цените на акциите негативно влијаат врз активностите на пазарот на капитал.

**Евалуација на трудот:** *The innovation capacity and economic growth: Empirical estimation for the CEE countries* (2015) Economic recovery in the post-crisis period. pp. 53-63. ISSN 978-608-212-052-2

Овој труд има две цели. Првата цел е да се испита прашањето дали и колку капацитетот за иновации го одредува економскиот раст и економските перформанси на земјите од Централна и Источна Европа (ЦИЕ) со примена на неколку економетриски техники. Главната варијабла во моделот која го мери иновацискиот капацитет е базирана на неколку индикатори. Во конкретниот случај, капацитетот за иновации како главна варијабла во моделот се состои од издвојувања за истражување и развој, број на патенти, број на статии во научни публикации, како и плаќања на авторски надоместоци. Втората цел на трудот е на базичните претпоставки на новата теорија на раст (ендогени модели на раст базирани на R & D и иновации) за улогата и важноста на иновациите како основен фактор и главен двигател на долгорочниот економски раст преку користење на панел регресионен модел (ГММ) за голема група на земји во период од повеќе декади. На крај, трудот ги анализира перформансите и иновацискиот капацитет на земјите во регионот, со посебен акцент на македонската економија. Фокусот е ставен на капацитетот за креирање на иновации и способноста за апсорбирање и трансфер на нови технологии.

Резултатите од анализата укажуваат дека сите земји од регионот без исклучок имаат сериозни предизвици во контекст на нивниот капацитет за креирање на иновации. Недостигот на човечки потенцијал, недоволно изградена иновациска инфраструктура и скромниот износ на одвојувања на државата и приватниот сектор за иновации се главните причини за тоа. Во таа насока, препораките за креаторите на политиките се во насока дека треба да се вложат сериозни напори во насока на градење на сериозен институционален потенцијал за иновации ако земјите од ЈИЕ сакаат да се надеваат на забрзување на конвергенцијата кон развиените земјите од ЕУ имајќи го во предвид фактот дека токму иновациите се главниот двигател и моротот на долгорочниот раст.

**Евалуација на трудот:** *Bridging the industry - academia skill gap: a conceptual investigation with special emphasis on the Republic of Macedonia* (2016) Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective, Stip, Macedonia

Основната цел на трудот е анализа на јазот помеѓу капацитетот на образовниот систем и потребите на индустријата во Република Македонија. Во остварување на таа цел фокусот е ставен на идентификување на улогата на образовниот систем во подобрување на иновациските капацитети на земјата преку панел регресиона анализа за група на земји од регионот на Западен Балкан. Втората цел на трудот е анализа на компактибилноста и квалитетот на работната сила и образовниот систем согласно со потребите на индустријата во Република Македонија преку компаративна анализа базирана на податоци од националните и меѓународните статистички спроведени анкетни истражувања.

Резултатите покажуваат дека речиси сите земји од регионот се соочуваат со недостиг на квалификувана работна сила посочувајќи дека токму тие проблеми со работната сила за најголеми бариери за ниската продуктивност и конкурентност. Дополнително, резултатите од истражувањето во Македонија покажуваат дека јазот кој постои помеѓу образовните институции на сите нивоа и бизнис секторот се одразува како во делот на несоодветните квалификации на потенцијалната работна сила, исто така се одразува на човечкиот потенцијал за иновации.

**Евалуација на трудот***: Извозна диверзификација и модерна реиндустријализација како фундаментални процеси за забрзување на растот на македонската економија* (2018) Идните предизвици на економскиот развој и економските политики на Република Македонија, МАНУ.

Основна цел на трудот е адресирање на причините за лоши економски резултати во последните две декади низ една научна и објективна призма, идентификување на идните развојни можности и потенцијали на економијата, и најважно, понуда на решенија и предлог политики насочени кон динамизирање на економскиот раст. За таа цел ќе биде користена современа научна методологија базирана на детална дијагностика на постоечкиот модел на раст и проценка на изворите на растот, современи методи за истражување на индустриските перформанси на ниво на поединечна индустриска гранка и извозната структура на ниво на поединечен производ и систематизирање на успешни практики од светски искуства.

Базичната теза на која почива истражувањето е тезата дека долгорочниот економски раст е детерминиран од индустриската и извозната структура на земјата. Имено, земјите кои имаат поголемо учество на индустријата и извозот во БДП со индустриска и извозна структура примарно базирана на производи кои се карактеризираат со поголема комплексност и ниво на софистицираност, се истовремено земји кои имаат поголем капацитет да генерираат високи стапки на раст.

Република Македонија како мала отворена економија има само една развојна алтернатива која се однесува на преструктурирање на индустриската структура преку пренасочување на ресурсите од индустриски дејности со пониска додадена вредност кон индустриски сектори, потсектори и производи кои имаат повисока додадена вредност и продуктивност и зголемување на извозната конкурентност. Во таа насока, потребни се економски политики кои ќе го поттикнат процес на модерна реиндустријализација (зголемување на учеството на преработувачката индустрија во БДП преку пренасочување на ресурсите кон индустриски гранки кои имаат поголема додадена вредност и повисоко ниво на продуктивност) и ќе го забрзаат процесот на извозна диверзификација (зголемување на бројот на извозни производи кои имаат повисок степен на финализација во рамките на глобалните ланци на снабдување).

**Евалуација на трудот:** Економска анализа на директните ефекти на индустријата за основни метали во Република Македонија. Годишен зборник (2015), Економски факултет, 9. pp. 63-86. ISSN 1857-76-28

Основна фундаментална цел на овој труд е квантитативна и научно базирана проценка на индустријата за основни метали и нејзината улога и важност за македонската економија преку примена на економска импакт методологија и пристапот на проучување на економските индикатори и финансиски показатели за перформансите на индустријата. Таквата економска проценка и анализа подразбира проучување на директните ефекти (придонес во креирањето на БДП, извозот, вработеноста, даноците и корпоративно – општествената одговорност) и мултипликативните ефекти (индиректни преку синџирот на добавувачи и индуцирани преку ефектот на потрошувачка) што индустријата ги генерира во спроведување на репродукциските процеси во рамките на националната економијата.

Во рамките на трудот се дадени предлози во насока на дефинирање на приоритети во креирањето на индустриската политика што подразбира насочување на поддршката кон оние индустриски гранки кои би можеле да имаат значителен импакт за националната економија од аспект на поттикнување и забрзување на растот на економијата, креирање на нови работни места, зголемување на извозот и сл.

**Евалуација на трудот:** Дали финансискиот сектор е ограничувачки фактор за економскиот раст: Студија на случај за Македонија. Годишна награда за млади истражувачи за најдобар труд од областа на макроекономијата и банки и банкарски системи. НБРМ

Главната цел на трудот е преку примена на приспособен пристап на дијагноза на растот да одговориме на прашањето дали финансискиот сектор е ограничувачки фактор за растот на македонската економија т.е. дали факторите на страната на побарувачката го забавуваат долгорочниот раст во Република Македонија. Емпириската анализа заснована на примена на компаративната анализа укажува дека Република Македонија има релативно висока цена на капиталот и тоа се должи најмалку на три причини: 1) малиот банкарски пазар и ниското ниво на ликвидност на пазарот на капитал, 2) ниското ниво на конкуренција и недоволната ефикасност на банкарскиот сектор, 3) високиот кредитен ризик. Овие адресирани слабости на финансискиот сектор во Република Македонија ја ограничуваат кредитната активност на банките кон приватниот сектор и на тој начин влијаат деструктивно врз економскиот

раст на земјата. Оваа хипотеза ја тестираме со примена на линеарна регресиона анализа (метод на најмали квадрати – OLS) и ARDL (Autoregressive Distributed Lag) модел каде што ги анализираме детерминантите на стапката на кредити кон приватниот сектор во Република Македонија за периодот од четврти квартал (Q4) на 2004 година до трети квартал (Q3) на 2016 година, што опфаќа 48 опсервации.

Добиените резултати од двата модели се слични помеѓу себе и водат кон некои заеднички заклучоци. Имено, стапката на економски раст преку финалната побарувачка на домаќинствата и инвестициската побарувачка на фирмите има силно и статистички значајно позитивно влијание врз стапката на раст на банкарските кредити кон приватниот сектор. Дополнително, од добиените резултати може да се резимира дека од банкарските специфични детерминанти (фактори на страната на понудата), банкарските депозити и адекватноста на капиталот имаат позитивно и статистички значајно влијание врз стапката на банкарски кредити кон приватниот сектор. На крај, резултатите ја потврдуваат нашата хипотеза на статистички значајната врска со негативен предзнак помеѓу нефункционалните кредити и кредитната активност, укажувајќи дека стапката на нефункционалните кредити кај претпријатијата ја ограничуваат кредитната активност на банките кон приватниот сектор.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот доц. д-р Дарко Лазаров, покрај реализираните наставно-образовни и научноистражувачки активности, има забележителни остварувања во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Имено, кандидатот бил раководител или член на повеќе стручно-апликативни проекти поддржани и финансирани од Стопанска комора на Македонија, ЕУ и други институции. Исто така, тој повремено објавува текстови и колумни во дневни весници и стручни магазини, како што се *Капитал*, *Бизнис и економија*, *Нова Македонија* и други. Воедно, кандидатот во изминатиот период организирал повеќе работилници, стручни дебати, гостувања на експерти, како што се претставници на Светска банка, НБРМ, универзитетски професори од странски факултети, при што значително придонел во промоција и развој на Економскиот факултет во Штип.

Подолу се дел од активностите поврзани со стручно-апликативната и организациско-развојната дејност:

- Раководител на Катедра за економија на Економски факултет - Штип;
- Автор на стручна монографија и раководител на стручно-апликативни проекти, експертизи и анализа за приватниот сектор;
- Член на повеќе факултетски комисии (комисија за изработка на елаборати за прв циклус студии; комисија за изработка на втор циклус студии; комисија за изработка на трет циклус студии; уписна комисија на прв циклус студии; комисија за евалуација; пописна комисија);
- Организатор и учесник на повеќе работилници, стручни дебати, гостувања на експерти и универзитетски професори од странство.

I. **Труд во стручно (научно-популарно) списание**

11. Lazarov, Darko and Kocovski, Mitko (2015) Економска анализа на директните ефекти на индустријата за основни метали во македонската економија. Годишен зборник 2015, Економски факултет, 9. pp. 63-86. ISSN 1857-76-28

II. **Стручно-апликативни проекти и експертизи**

12. Lazarov, Darko and Kocovski, Mitko (2017) Анализа на развојните можности и потенцијали за производн диверзификација на металната индустрија. Стопанска комора на Македонија

13. Fiti, Taki and Lazarov, Darko and Polenakovik, Radmil (2018) Идентификување на развојните можности за структурни промени и извозна диверзификација преку активни индустриски политики – студија на случај: машински и металопреработувачки сектор. Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење

14. Lazarov, Darko and Kocovski, Mitko (2015) Економска импакт и cost-benefit

анализа на индустријата за основни метали во Република Македонија. Стопанска комора на Македонија и Прогрес плус.

III. **Стручна монографија**

15. Lazarov, Darko and Kocovski, Mitko (2016) Економска импакт анализа на индустријата за основни метали во Република Македонија. Goce Delcev University – Stip, Stip. ISBN 978-608-244-344-71.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на наставник за сите звања за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип се пријавил единствено кандидатот д-р Дарко Лазаров.

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и по деталното разгледување на доставената комплетна документација наведена во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот доц. д-р Дарко Лазаров ги исполнува потребните услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Земајќи ги предвид наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и останатите компоненти од вкупната активност во периодот од изборот во звањето доцент до денес, Комисијата го верифицира научниот и стручниот развој на кандидатот доц. д-р Дарко Лазаров преку вкупно остварени 273 поени (НО30+НИ188+САОР55). Врз основа на неговите научноистражувачки и стручно-апликативни референци и постигнувања во наставно-образовната дејност, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Дарко Лазаров покажува исклучително растечки, продлабочен и континуиран развој во академскиот потенцијал.

Врз основа на претходно изнесените констатации, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, **да го избере доц. д-р Дарко Лазаров во звањето вонреден професор во научната област економска теорија**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Академик Гоце Петрески, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Трајко Славески, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Круме Николоски, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р.б. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р.б.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Монографија или научна книга во земја-ва (реден број 25-27) | 3 | 10 | | | **30** |
| **2.** | Дел од монографија или научна книга (реден број 28 и 29) | | | 2 | 10 | **20** |
| **3.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание со импакт фактор (прв автор, втор автор, останати автори) | (прв автор, реден број 1 и2)<br>2x15 =30<br>(втор автор, реден број 3)<br>1x10 =10 | | | | **40** |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | (прв автор, реден број 4-7)<br>4x9 =36<br>(втор автор, реден број 8)<br>1x6 =6 | | | | **42** |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (реден број 9, 10 и 22) | | | 3 | 3 | **9** |
| **6.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство (реден број 12-21,23 и 24) | 1 | 2 | 12 | 2 | **25** |
| **7.** | Одбранета докторска теза (реден број 30) | 1 | 8 | | | **8** |
| **8.** | Одбранета магистерски труд (реден број 31) | 1 | 4 | | | **4** |
| **9.** | Награди-признанија за научни/ уметнички постигнувања, сценско-музички награди (реден број 35) | 1 | 5 | | | **5** |
| **10.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | Рецензент во СЦИ списание<br>1x2=2<br>Рецензент во ЦА списание<br>2x1.5=3<br>Вкупно=2+3=5 | | | | **5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **188** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание (реден број 36) | 1 | 2 | | | **2** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Стручна монографија (реден број 40) | 1 | 8 | | | **8** |
| **3.** | Учесник во научен проект<br>(реден број 32-34) | 2 | 5 | 1 | 10 | **20** |
| **4.** | Елаборати и експертизи<br>(реден број 37-39) | 3 | 2 | | | **6** |
| **5.** | Член на факултетски орган, комисија | 6 | 2 | | | **12** |
| **6.** | Раководител на катедра/оддел/центар | 1 | 3 | | | **3** |
| **7.** | Класен раководител, согласно со Кредит-трансфер системот - ЕКТС (за четири години) | 1 | 4 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **55** |
| | **Поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот** | **НО** | **НИ** | **САОР** | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **30** | **188** | **55** | | **273** |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА, ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1202-67/6 од 18.4.2019 година донесена на 170. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 18.4.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за област *финансии* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 20.3.2019 година и во предвидениот рок се пријави **д-р Марија Гогова-Самоников**, доцент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Марија Гогова-Самоников** е родена во 1984 година во Штип. Основното и средното гимназиско образование ги завршува во родниот град. Во 2002 година се запишува на Економски факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и го завршува во 2006 година со просек од 8.81. Истата година, односно во учебната 2006/2007 се запишува на магистерски студии на истиот факултет на департман Монетарна економија. На 7.7.2009 година го брани магистерскиот труд со наслов „*Слабостите на финансиската регулација како фактор за појава на финансиските кризи*“, под менторство на проф. д-р Михаил Петковски и ги завршува магистерските студии со просек од 8.22, а на 27.2.2014 година кај истиот ментор Марија Гогова-Самоников ја брани докторската дисертација со наслов „*Финансиските иновации како предизвик за финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација*“ со што се стекнува со звање доктор на економски науки.

Во 2007 година, Марија Гогова-Самоников се вработува како помлад асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Во 2010 година таа е реизбрана како асистент и своето работно искуство го гради во областа финансии. Од 1.10.2014 година Марија Гогова-Самоников е доцент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип покривајќи ја наставата за предметите: Основи на финансии, Финансиски пазари и институции, Хартии од вредност, Финансиска регулација и Современи финансии.

Во текот на своето студирање и работа, таа остварува опсег на активности, трудови, посета и учество на конференции како во земјава така и во странство.

За време на своето образование таа присуствувала на: „Младинска конференција за поддршка на развојот“, организирана од Светска банка во Париз, 2003 година и реализирала пракса во НЛБ Тутунска банка АД Скопје во Скопје 2006 и 2007 година.

Во текот на својот работен век има остварено студиски престој од 3 месеци на University of West of England – UWE во Бристол, Англија, 2010 година. Таа е вклучена и во работата на различни комисии и проекти, била ментор на дипломци и магистранди, а тековно е раководител на Катедрата за финансии на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Марија Гогова-Самоников со Одлука бр. 1702-314/10 од 2.10.2014 година на 86. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип е избрана за доцент од област финансии;

2. Таа го остварува критериумот од објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Gruevski, Ilija and Fotov, Risto and Binovski, Risto | *Municipal Bonds in Developing Countries. Case Study: Municipality of Stip, Republic of Macedonia.* | Management Dynamics in the Knowledge Economy | 2017 |
| 2 | Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Fotov, Risto and Gruevski, Ilija | *Readiness of municipalities in the developing countries for issue of municipal bonds through the analysis of their budget accounts (overview of the municipality of Stip - R.Macedonia).* | International Journal of Management and Applied Science (IJMAS) | 2016 |
| 3 | Gruevski, Ilija and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Fotov, Risto | *Evaluation of underwriter's municipal bond purchase proposal (predetermination of the proceedings in the case of eventual negotiated sale of municipal bonds in the city of Shtip).* | International Journal of Management and Applied Science | 2016 |
| 4 | Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Gogova Samonikov, Marija | *The Comprehensive Business Income Tax System: A Proposal for Ultimate Neutrality between Debt and New Equity Issues?* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR) | 2015 |
| 5 | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Gruevski, Ilija | *Municipal Bonds as an Alternative Way of Financing.* | Lambert Academic Publishing, Germany | 2018 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката доц. д-р Марија Гогова-Самоников на 2.7.2007 година ја започнува својата работа како помлад асистент од областа финансии на Економски факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ Штип. Во тој период таа ги покрива вежбите по предметите Основи на финансии, Финансиски пазари и институции, Монетарна економија, Финансиски менаџмент, Финансиски менаџмент на здравствени институции, Банкарство, кои на почетокот се реализираат во наставниот центар во Штип, а подоцна и во наставните центри во Струмица, Кочани, Радовиш и во Скопје. Во 2010 година кандидатката е избрана во звање асистент за истата област и продолжува да ја извршува истата дејност на Економски факултет, изведува вежби, при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. На 1.10.2014 година Марија Гогова-Самоников на 86. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет е избрана во звање доцент од областа финансии и почнува со реализирање на предавања и вежби по предметите: Основи на финансии, Финансиски пазари и институции, Хартии од вредност, Финансиска регулација и Современи финансии. Набрзо потоа доц. д-р Марија Гогова-Самоников почнува да ја врши и функцијата раководител на Катедрата за финансии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на чијашто позиција се наоѓа и денес.

Научната евалуација на научните трудови за целиот период до изборот на кандидатката доц. д-р Марија Гогова-Самоников е следнава:

I. **Трудови**

Gruevski, Ilija and Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2018) Prospects and Constraints of the SMEs Sector from the East-Planning Region in the Republic of Macedonia:A SWOT Analysis Survey of the Entrepreneurial Environment. 5th International Conference on New Ideas in Management, Economics and Accounting. ISSN 978-609-8239-00-3.

Temelkov, Zoran and Gogova Samonikov, Marija (2018) The need for fintech companies as non-bank financing alternatives for sme in developing economies. International Journal of Information, Business and Management, 10 (3). pp. 25-33. ISSN 2076-9202.

Nakova, Ivana and Gogova Samonikov, Marija (2018) Биткоин - револуционерност на финансискиот пазар и предизвик пред монетарната економија. Годишен зборник 2018, 14 (10). pp. 119-125. ISSN 1857-7628.

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Gruevski, Ilija and Fotov, Risto and Binovski, Risto (2017) Municipal Bonds in Developing Countries. Case Study: Municipality of Stip, Republic of Macedonia. Management Dynamics in the Knowledge Economy, 5 (2). pp. 155-174. ISSN 2392-8042.

Gruevski, Ilija and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Fotov, Risto (2016) Evaluation of underwriter's municipal bond purchase proposal (predetermination of the proceedings in the case of eventual negotiated sale of municipal bonds in the city of Shtip). International Journal of Management and Applied Science, 2 (12). pp. 11-17. ISSN 2394-7926.

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Fotov, Risto and Gruevski, Ilija (2016) Readiness of municipalities in the developing countries for issue of municipal bonds through the analysis of their budget accounts (overview of the municipality of Stip - R.Macedonia). International Journal of Management and Applied Science (IJMAS), 2 (8). pp. 44-47. ISSN 2394-7926.

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2016) Стратегиски фактори на капиталот на брендот. VI International scientific and practical conference: Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective, 1 (1). pp. 302-309.

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2016) Менаџирањето со Е-финансиите како предизвик пред македонската и руската економија. VI International scientific and practical conference: Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective, 1 (1). pp. 328-333.

Veselinova, Elena and Miceski, Trajko and Gogova Samonikov, Marija (2016) The Corporate Brand: An Intangible Resource as a Basis for Sustainable Competitive Advantage. Journal of Economics, 1 (1). ISSN 1857- 8632.

Gogova Samonikov, Marija and Fotov, Risto and Gruevski, Ilija and Veselinova, Elena (2015) SWOT analysis of the emmision of municipal bonds in the Republic of Macedonia (comparative with the Republic of Croatia). Academics World 10-th International Conference, Istanbul, Turkey. pp. 23-26. ISSN 978-93-85832-62-8.

Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Gogova Samonikov, Marija (2015) The Comprehensive Business Income Tax System: A Proposal for Ultimate Neutrality between Debt and New Equity Issues? International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 24 (6). pp. 30-44. ISSN 2307-4531.

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2015) Импликации на финансиските иновации врз банкарскиот сектор – примена на нови финансиски инструменти во банкарското работење. Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 7 (1). pp. 67-74. ISSN 1857- 7628.

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2015) Импликации на финансиските иновации врз банкарскиот сектор – примена на нови финансиски методи во банкарското работење. Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 7 (1). pp. 75-82. ISSN 1857- 7628.

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2013) How the Textile Companies in South-East Europe Create Value: The Case of the Republic of Macedonia. Management Dynamics in the Knowledge Economy, 1 (2). pp. 327-342. ISSN 2286-2668.

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2013) Attracting foreign direct investment in transition economies with special reference to the Republic of Macedonia. Journal of Process Management - New Technologies, 1 (3). pp. 43-50. ISSN 2334-735X.

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2013) The role and importance of the textile industry in the national economy of the Republic of Macedonia: share of GDP, exports and employment. Journal of Process Management - New Technologies, 1 (3). pp. 7-14. ISSN 2334-735X

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012) SMEs innovation and growth in EU. Management Journal for Theory and Practice Management (64). pp. 87-94. ISSN 1820-0222.

Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena and Temelkov, Zoran (2012) Deposit or investment in voluntary pension fund – case study in the Republic of Macedonia. Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania. pp. 39-42. ISSN 2221-5956.

Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena (2012) Management of banking operations to avoid crises. Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania. pp. 144-149. ISSN 2221-5956.

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012) „Ланецот на вредности како извор на конкурентска предност на текстилните претпријатија“. Conference proceedings, First International Conference for Business, Economy and Finance- ICBEF 2012. pp. 194-203. ISSN 978-608-4504-88-7.

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2012) Финансиските кризи низ историјата споредени со кризата од 2007. Conference proceedings, First International Conference for Business, Economy and Finance- ICBEF 2012. pp. 25-36. ISSN 978-608-4504-88-7.

Nikolova, Elena and Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija (2012) "Knowledge management for SMEs in the knowledge based economy". 19th International Economic Conference – IECS 2012: "The Persistence of the Global Economic Crisis: Causes, Implications, Solutions", 15 June, 2012, Sibiu, Romania. pp. 373-380.

Nikolova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012) "SMEs innovation and growth in EU". XIII International Symposium SymOrg 2012: "Innovative Management and Business Performance", 5-9 June, 2012, Zlatibor, Serbia. pp. 679-685.

Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena (2012) Historical financial flows compared with the actual financial crisis. International conference: Trends and Challenges in the Economic Development, 10-11 May, 2012.

Nikolova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012) "Systemic approach to teamwork - a model for team building". International conference: "Trends and Challenges in the Economic Development", 10-11 May, 2012, 4. pp. 294-299. ISSN 978-954-21-0603-6.

Gogova Samonikov, Marija and Fotov, Risto and Nikolova, Elena (2012) Innovative methods on managing of resources in banks, caused by the influences of the current crisis on the working process of these institutions. Revista Economică, 3 (62). pp. 113-121. ISSN 1582-6260.

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Matlievska, Margarita and Sajnoski, Krste (2011) Selecting and assessing a target firm for an international merger or acquisition. Conference Proceedings, Economics and Management in the 21st Century - Solutions for Sustainability and Growth, 3. pp. 479-563. ISSN 978-954-23-0679-5.

Gogova Samonikov, Marija (2010) Колку за Македонија е блиска иднината на „општество без кеш“ - Кожниот не се менува лесно со електронски паричник. Бизнис - Дневен економски весник (598). pp. 2-3.

Gogova Samonikov, Marija (2010) Македонија во рамките на унитарното раководење. Бизнис - Дневен економски весник (586). p. 4.

Temelkov, Zoran and Gogova Samonikov, Marija (2010) Деловните банки можат да бидат и посредници. Бизнис - Дневен економски весник (577). pp. 2-3.

Gogova Samonikov, Marija and Temelkov, Zoran (2010) Инвестирање во доброволен пензиски фонд или орочување на средствата? Бизнис - Дневен економски весник (572). pp. 2-3.

Josheski, Dushko and Gogova Samonikov, Marija (2009) The affects from the financial crisis over the agro economy in developed and developing countries with a Review for Republic of Macedonia. Emerging Markets Economics: Macroeconomic Issues & Challenges eJournal, 3 (68). pp. 1-6.

Gogova Samonikov, Marija (2009) Safety of the information bank system in the Repuplic of Macedonia. Securitatea Informaţională 2009 Conferinţă Internaţională (Ediţia a VI-a). pp. 23-25. ISSN 978-9975-75-459-0.

Gogova Samonikov, Marija (2009) Евидентни недостатоци во регулирањето на финансискиот сектор. Годишен зборник 2009, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Економски факултет, 1. pp. 143-149. ISSN 13-978-608-4504-04-7.

Gogova Samonikov, Marija (2009) Општите психолошки фактори на однесување на потрошувачите. Годишен зборник 2009, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Економски факултет, 1. pp. 195-201. ISSN 13-978-608-4504-04-7.

II. **Поглавја од книги**

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2019) Evaluating the Brand With Radical Transparency. In: Brand Culture and Identity: Concepts, Methodologies, Tools, and Applications. IGI Global, Hershey, PA, USA. ISBN DOI: 10.4018/978-1-5225-7116-2.ch006.

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2018) Radical Transparency and Brand Equity as Key Factors for Successful Business Strategy. In: Digital Marketing and Consumer Engagement: Concepts, Methodologies, Tools, and Applications. IGI Global, Hershey, PA, USA . ISBN DOI: 10.4018/978-1-5225-5187-4.ch071.

III. **Конференциски материјали**

Gruevski, Ilija and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Fotov, Risto (2016) Evaluation of underwriter's municipal bond purchase proposal (predetermination of the proceedings in the case of eventual negotiated sale of municipal bonds in the city of Shtip). In: The IRES 49th International Conference, Rome, Italy.

Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija (2008) Regulation and modernization of the financial markets. In: Jubilejna Mezdunarodna Naucnoprakticeska Konferencija - Svistov.

IV. **Книги**

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Gruevski, Ilija (2018) Municipal Bonds as an Alternative Way of Financing. Lambert Academic Publishing, Germany. ISBN 978-613-9-81782-5.

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2017) Building Brand Equity and Consumer Trust Through Radical Transparency Practices. IGI Global, Hershey, PA 17033, USA. ISBN 9781522524175.

Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Gruevski, Ilija (2017) Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој со посебен осврт на општина Штип. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-244-453-6.

Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija (2015) Финансиски пазари и институции. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-253-2.

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2012) Financial crises through history compared with the crisis from 2007. LAP - Lambert Academic Publishing, Germany. ISBN 978-3-8454-0700-5.

V. **Учество во проекти**

Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Gruevski, Ilija and Binovski, Risto (2017) „Форми на финансирање на растот на малите и средните претпријатија со фокус на источен плански регион во Република Македонија".

Fotov, Risto and Miceski, Trajko and Gogova Samonikov, Marija and Gruevski, Ilija and Veselinova, Elena and Binovski, Risto (2015) Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој со посебен осврт на Општина Штип.

VI. **Магистерски и докторски тези**

Gogova Samonikov, Marija (2014) Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација. PhD thesis, University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje.

Gogova Samonikov, Marija (2009) Слабостите на финансиската регулација како фактор за појава на финансиските кризи. Masters thesis, University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje.

VII. **Учебни помагала**

Gogova Samonikov, Marija (2018) Финансиска регулација - скрипта. ISBN 978-608-244-540-3.

Gogova Samonikov, Marija (2018) Практикум за вежби - Финансиска регулација. ISBN 978-608-244-539-7.

Gogova Samonikov, Marija (2014) Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции - скрипта. ISBN 978-608-244-044-6.

Gogova Samonikov, Marija (2014) Практикум за вежби – Финансиски пазари и институции. ISBN 978-608-244-045-3.

Согласно со потребите за овој реферат следува конкретната евалуација на трудовите во периодот од 2014 до 2019 година.

Евалуација на труд број 1: Трудот насловен „Prospects and Constraints of the SMEs Sector from the East-Planning Region in the Republic of Macedonia: A SWOT Analysis Survey of the Entrepreneurial Environment" се однесува на детектирање на перспективите и ограничувањата на мали и средни претпријатија од Источниот плански регион на Република Македонија. Економскиот профил презентиран овде само го потврдува големото значење за севкупната состојба на регионалната економија, бидејќи бројките покажуваат дека над 99% од сите активни претпријатијата од овој регион спаѓаат во оваа категорија. Во овој труд е опфатена и анализа на перспективите и ограничувањата  кои се дизајнирани како компаративна студија за силните страни, слабостите, можностите и заканите собрани од спроведените интервјуа и документи на испитуваните. Овој труд цели да обезбеди понатамошни индикации и да ја открие појдовната точка за следните серии на дополнителни истражувања во рамките на проектот наречен „Форми на финансирање на растот на малите и средните претпријатија со фокус на Источно-планскиот регион во Република Македонија". При проценката на стандардните елементи од оваа тема се препорачуваат и сет на мерки за интеракција, за подобрување на претприемничкото опкружување. Истражувањето открива дека навистина финансиските проблеми се реални и присутни за малите и средни фирми и дека традиционалните извори, како што се банкарските заеми, не се совпаѓаат со растечките потреби за финансирање на овие фирми, ниту во квантитативна ниту во квалитативна смисла. Ова дава само дополнително оправдување на истражувачките напори што ги планираат авторите на трудот за да се постигне континуираниот контекст на проект по кој е работен овој труд. Клучните области на кои се однесува овој труд се малите и средни претпријатија, Република Македонија, SWOT анализата, Источниот плански регион, изворите на финансирање за овие претпријатија.

Евалуација на труд број 2: Трудот насловен како „The need for fintech companies as non-bank financing alternatives for sme in developing economies" е поттикнат од согледувањата дека построгиот банкарски пропис што се применува во посткризниот период е во насока дека тој го ограничува пристапот до финансии за малите и средни претпријатија (МСП). Ограничениот пристап на средствата во комбинација со ризичноста на МСП влијаела врз подготвеноста да даваат средства за овој сектор. Така, развојот на малите и средните претпријатија е значително попречен. Со оглед на важноста на МСП за економски развој, ограничениот пристап до финансиите последователно резултира со оневозможен

економски раст. Настрана од попречувањето на традиционалните канали за финансирање, посткризниот период се карактеризира со развој на нови алтернативи за финансирање. Овие небанкарски алтернативи за финансирање треба да овозможат проширување на МСП преку обезбедување на нови канали за финансирање. Додека во развиените земји fin tech компаниите минуваат низ периодот на бум, во земјите во развој сè уште заостануваат. Иако финансирањето на fin tech компаниите нуди бројни поволности за МСП, некои земји ги занемаруваат и го одложуваат нивното спроведување.

Евалуација на труд број 3: „Биткоин - револуционерност на финансискиот пазар и предизвик пред монетарната економија“ е труд кој поаѓа од Интернетот како едно од најдобрите нешта што се имаат случено на човештвото. Тој го смени начинот на којшто функционираат општествата. Она што недостига е дигитална, глобална валута која следствено на техничко-технолошкото опкружување ќе го олесни и функционирањето на финансискиот домен. Денес има 193 валути, но ниту една од нив не е глобална во комплетна смисла на зборот и ниту една е дигитална. Банкарскиот систем функционира по класичните принципи на финансиско работење. Монетарниот систем се базира на доверба или само на луѓето и надеж дека тие ќе дејствуваат добро. Она што според овој труд треба да се искористи е употребата на компјутерите, многу од нив се со цел да се направи револуција и да се донесе нов систем, повеќе применлив во модерното време. Следствено на ова во трудот се потенцира дека Биткоин е почеток на нешто големо, валута без влада, нешто неопходно и императивно. Ова сигурно ќе претставува голем предизвик за централните банки, како и за банкарскиот систем, но исто така и можност да учествуваат и да го направат целиот процес подобар.

Евалуација на труд број 4: „Municipal Bonds in Developing Countries. Case Study: Municipality of Stip, Republic of Macedonia“ е труд кој прави анализа на земјите во развој, особено на Балканот, кои едвај ги користат општинските обврзници како алтернативен начин за финансирање на нивните активности. Овој труд е дел од проектот „Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање на општинските активности и ефикасно управување со средствата, со посебен акцент на Општина Штип, Р. Македонија”. Трудот има значајно влијание, според академската и практичната перспектива. Овој труд ја комбинира академската анализа на експертите за потенцијалот на општините, со цел да се олесни успешната емисија на општински обврзници што ќе го поддржат локалниот економски раст. Целта на овој труд е да се испита способноста и подготвеноста на Општина Штип за издавање општински обврзници. Во главната хипотеза се наведува дека Општина Штип може да издаде општинска обврзница како алтернативен начин за финансирање на инвестиционите активности. Истражувањето ја вклучува класичната СВОТ анализа во врска со Општина Штип и продолжува со статистичка анализа базирана на корелација и регресија во рамките на сметките на годишните извештаи на Општината. Методолошката рамка се заснова на квантитативни истражувачки методи (корелации и методи на регресија) кои резултираат со прифаќање на главната хипотеза во трудот - општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање на општинските активности се оправдани, особено ако средствата се поврзани со специфични проект за генерирање приходи. Наодите ќе послужат како основа за изгледите за општинските обврзници, што би била крајната цел за комбинирање на академските сознанија со практичниот потенцијал на Општина Штип. Заклучоците покажуваат дека ова ќе биде првата општинска емисија на обврзници во Република Македонија. Сепак, овој факт може да послужи како предност на пазарот во поглед на воведување на иновации од финансиски инструменти. Овој труд сугерира дека користењето на општинските обврзници е далеку од ризична активност, особено ако средствата се инвестираат во проекти кои генерираат приходи. Општинските обврзници може да бидат поевтин извор на средства за општинските проекти, наместо различни форми на домашни или странски задолжувања. На овој начин, општините можат да го користат овој финансиски инструмент за иницирање и поддршка на локалниот економски раст.

Евалуација на труд број 5: Трудот „Evaluation of underwriter's municipal bond purchase proposal (predetermination of the proceedings in the case of eventual negotiated sale of municipal bonds in the city of Shtip)" е уште еден од трудовите кои го анализираат работењето на општинските обврзници и укажува дека постои одреден степен на погрешна претпоставка за супериорноста на конкурентската продажба како доказ за тоа е укажувањето дека голем дел од емисиите во општините се во форма на преговарано купување. Овој труд ја опишува постапка за преговарање за евентуални емисии на обврзници во Општина Штип, Република Македонија. Целта на трудот е да се утврди најекономичен метод за евалуација на предлогот за купување на општински обврзници, во однос на значителното неискуство и дефицит на стручност на внатрешните услуги на градот. Литературата нуди различни мерки достапни за да се споредат релативните трошоци за предлози за финансирање на обврзници. Иако нето каматните трошоци и нето-сегашната вредност се сметаат дека се несоодветни, се открива дека најдобро остварување на емисијата доаѓа од методот на вистинска каматна цена. Во трудот е направена анализа на постапката за пресметка на вистинската каматна цена и времетраење на предлогот на осигурувачот и нивно усогласување согласно единствениот достапен индекс на пазар на обврзници на Македонската берза ОМБ.

Евалуација на труд број 6: „Readiness of municipalities in the developing countries for issue of municipal bonds through the analysis of their budget accounts (overview of the municipality of Stip - R.Macedonia)" е труд кој поаѓа од фактот дека во земјите во разво, алтернативните начини на финансирање се мали застапени. Овој труд придонесува за разбирање на подготвеноста на овие општини да издаваат општински обврзници како алтернативен начин на финансирање. Целта е да се докаже дека ако фондовите успешно се менаџираат и се поврзани со проектот за генерирање приходи не им е потребна ригидност. Алтернативи за имплементацијата на проектите има премногу, и покрај фактот што општините се мали. Исто така, и покрај фактот дека општините се мали и економиите во развој обично се централизирани во главните градови во земјата, ниту во Скопје (главниот град во Република Македонија) нема обид да ја реализира општинската обврзница. Се забележува дека во трудот се користени анализа на податоци, статистички пресметки, синтеза и слични методи за анализа на податоци. Користените методи се квалитативна и квантитативна поддршка на тезата на овој труд.

Евалуација на труд број 7: „Стратегиски фактори на капиталот на брендот" е уште еден од низата трудови на кандидатката и тој поаѓа од тоа дека потрагата по универзална формула за управување со капиталот на брендот, посебно во услови кои водат кон избор на стратегија за настап на меѓународниот пазар може накратко да се опише со една реченица – преку трње до ѕвездите. Предмет на анализа на овој труд се моделите кои ги синтетизираат факторите што се клучни за успешна експанзија на брендот на нови пазари. Несомнено е тешко да се синтетизира модел кој одговара за секоја компанија, бидејќи компаниите премногу се разликуваат, дури и во рамките на иста дејност, а уште повеќе во различни сектори и на различни пазари. Сепак, преку анализа на современата научна мисла од областа на стратегиското управување со капиталот на брендот може да се синтетизираат десет т.н. стратегиски фактори кои ги детерминираат односите со капиталот на брендот. Целта на истражувањето е да се утврди нивото до кое компаниите ги имплементираат десетте стратегиски фактори на капиталот на брендот, а потоа да се проценат бенефитите од примената на моделот. Резултатите од истражувањето потврдуваат дека за максимизација на позитивното дејство на овие фактори клучна е поддршката од врвниот менаџмент (оттаму и треба да започне имплементацијата) и негувањето на пристапот за континуирано подобрување.

Евалуација на труд број 8: „Менаџирањето со е-финансиите како предизвик пред македонската и руската економија" е следен од листата на трудови издаден во овој период за избор во кој се кажува дека финансискиот систем постои како посебен дел составен од институции и инструменти чиешто функционирање се одвива на финансиските пазар. Тековно постојат и светски процеси кои се надвор од финансискиот систем, ама се условени или влијаат на него. Токму тие процеси влијаат на финансискиот систем. Финансиското

опкружување влијае на конкурентската способност на финансиските институции, предизвикува создавање или развивање на современи пристапи. Овие современи пристапи на финансиските институции предизвикуваат одредена еволуција во функционирањето на финансискиот пазар. Посебно развојот на информатичката технологија предизвикува сè поголемо учество на електронското тргување од една страна, а од друга страна предизвикува и постоење на нови методи во работењето на финансиските институции. Со овие современи методи институцијата цели кон: приближување кон потрошувачот, прв (побрз) пристап до потрошувачот и лидерство на пазарот. Горенаведеното е предизвик пред која било економија и овој труд дава одговор до каде се и како треба да се развиваат руската и македонската економија во однос на електронското работење во финансискиот сектор. За таа цел се користени методи на анализа, синтеза, обработка на податоци кои квантитативно се поткрепени.

Евалуација на труд број 9: „The Corporate Brand: An Intangible Resource as a Basis for Sustainable Competitive Advantage“ е труд кој укажува дека студиите за изворите на одржлива конкурентска предност во основа се фокусираат на една од следните алтернативи: изолирање на можностите и заканите и опишување на јаките и слабите страни на компаниите или анализа на тоа како да се интегрира првата и втората алтернатива за да се избере соодветната стратегија. Ова е главниот предмет анализа во овој труд. Размислувајќи дека конкурентната предност, а не надворешното опкружување, е примарен извор на профитабилност за компанијата, вниманието на компаниите е насочено кон изворите на одржлива конкурентска предност. Позитивната позиција на компанијата е подеднакво важно прашање во стратегискиот менаџмент, исто како и изборот помеѓу диференцијација и трошковно водство во поширок или потесен сегмент на пазарот. На пример, изборот на стратегија за раководење со трошоците подразбира постоење на: економија на обем, супериорна технологија на процеси, сопственост или пристап до евтини влезови, како и евтина работна сила. Аналогно на ова, предноста на диференцијација вклучува: силен бренд, репутација, заштитена технологија, специфични канали за дистрибуција и специјализација во продажбата и постпродажните услуги. Целта на овој труд е да покаже дека стратегијата на компанијата треба да се дефокусира од побарувањата за монополски профит (да се врати од пазарната моќ) и да ги бара приходите на Рикардо (враќање на ресурсите кои обезбедуваат конкурентна предност во однос на реалните трошоци за таквите ресурси). Корпоративниот бренд како најспецифичен ресурс на компаниите игра таква улога. Процесот на селекција и имплементација на стратегијата треба да резултира со избор кој најефективно го користи овој клучен ресурс. Така, истражувањето вклучува анализа на примерок од компании, користејќи полуструктуриран прашалник и резултатите биле стекнати преку соодветна статистичка анализа. Резултатите од истражувањето доведуваат до јасно разбирање на доминацијата на корпоративниот бренд во однос на карактеристиките што треба да ги исполни еден извор на одржлива конкурентска предност.

Евалуација на труд број 10: Трудот „SWOT analysis of the emmision of municipal bonds in the Republic of Macedonia (comparative with the Republic of Croatia)“ истражува дека општините во земјите како што е Република Македонија се соочуваат со потребите за дополнително финансирање за спроведување на активности и проекти. Овие активности ќе овозможат независно економско заживување на општините, а не само централен развој, кој обично е во главните градови. Концентрацијата на сите единици во главниот град предизвикува нееднаква дистрибуција на индустриите, нееднаква дистрибуција на население, приход и така натаму. Затоа овој труд има за цел да ги разгледа можностите и слабостите на издавањето општински обврзници во Република Македонија во споредба со искуството на Република Хрватска. Целта е општински обврзници да бидат прифатени како алтернативен начин за финансирање на општините во земјите во транзиција. Во текот на истражувањето се користат теоретски и апликативни анализи за извлекување на заклучоци од дадениот наслов.

Евалуација на труд број 11: „The Comprehensive Business Income Tax System: A Proposal for Ultimate Neutrality between Debt and New Equity Issues?“ е труд кој синтетизира дека поголемиот дел од експертите се согласуваат дека даноците се дисторзивни во природата. Ова е релативно точно за сите различни групи на даноци, но за корпоративните такси е исклучително очигледно. Постоењето на корпоративни даноци може да влијае на однесувањето на компанијата на повеќе начини и еден од нив е изобличување на изборот на изворите на финансирање. Како што е познато, компаниите обично се соочуваат со 2 различни финансиски алтернативи за да ги покријат своите можности за инвестирање: долг и капитал (нови права на капитал или алтернативно, задржана заработка). Според начелата на корпоративното оданочување, бидејќи исплатите на камати всушност се одбиваат од данокот на добивка, извор на финансирање на заеми најчесто се смета за претпочитан данок во споредба со капиталот извор на финансии. Слично на тоа, задржаната заработка сè повеќе се претпочита на нови акции, бидејќи капиталните добивки обично се оданочуваат при реализација или на крајот се ослободени од оданочување кога се реинвестираат. Теоријата сугерира многу варијанти на корпоративни даночни системи кои ги одржуваат релативните капацитети за да го неутрализираат прекумерниот товар на инвестициите поддржани со надворешен капитал и со тоа да ги елиминираат нарушувањата поврзани со капиталот на долг. Од поширокава понуда за литература избравме да го испитаме сеопфатниот данок на деловниот данок систем (CBIT), предлог на Министерството за финансии на САД и да се спореди со основниот „класичен“ пристап во корпоративното оданочување. Намерата е да се испитаат неговите својства од гледиштето на неутралност и критериумите за распределба, за која цел дополнително е модифицирана и проширена основната методологија на EMTP.

Евалуација на труд број 12: „Импликации на финансиските иновации врз банкарскиот сектор – примена на нови финансиски инструменти во банкарското работење“ е труд кој истражува дека од плејадата финансиски иновации познати во финансиските системи, дел секако припаѓаат на новите финансиски инструменти кои ги користат банкарските институции. Либерализацијата која го следеше финансискиот пазар овозможи низа на новитети кои се анализираат во овој труд. Цел на овој труд е да ги прикаже постојните инструменти и нивните варијанти, како и постоењето на нови деривати кои ги сочинуваат спектарот на инструменти со кои работат банкарските институции. Трудот е теоретски осврт на материјалот, како заклучно согледување.

Евалуација на труд број 13: „Импликации на финансиските иновации врз банкарскиот сектор – примена на нови финансиски методи во банкарското работење“ е труд кој зборува дека од плејадата финансиски иновации познати во финансиските системи, дел секако припаѓаат на новите методи кои ги користат банкарските институции за пресметки на ризиците и веројатноста на податоците. Либерализацијата која го следеше финансискиот пазар овозможи низа на новитети кои предизвикаа одредени состојби кои регулативите бараат да се променат. Овој труд анализира состојби со методите на пресметки во банкарското работење. Целта е да покаже дека ригидноста и цврстината во регулативните мерки мора да се зацврстува, особено кога станува збор за банкарските институции. Тоа се институции кои можат да имаат широки импликации врз финансискиот систем. Методи на работење се анализа на податоци и факти, компарација, синтеза и донесување заклучни согледувања.

Евалуација на труд број 14: Следниот труд за елаборација е поглавје од книга насловен како „Evaluating the Brand With Radical Transparency“ која се однесува на тоа дека оправдувањето на сите теоретски знаења во оваа книга се потврдени преку евалуација на брендот, кој е анализиран во ова поглавје. Вреднувањето на брендот преку радикална транспарентност е разработено преку неколку варијанти: капитал на бренд како мерка за вредноста на брендот, финансиски пристапи кон вреднување на брендови, интеграција на финансии и маркетинг преку пристапот со најдобри практики за оценување на брендот и синџирот на вредности на брендот. На тој начин се доаѓа до напорите за разбирање, примена

и оценување на капиталот на брендот како извор на конкурентна предност преку призмата на радикална транспарентност.

Евалуација на труд број 15: И трудот „Radical Transparency and Brand Equity as Key Factors for Successful Business Strategy“ е поглавје на книга која го анализира феноменот на брендирање и поврзаниот процес на создавање нова вредност, а со тоа и одржлива конкурентна предност преку препознавање на концептот на радикална транспарентност. Рамнотежата на брендот е заеднички именител на сите материјални и нематеријални ресурси на компанијата, количината на нејзините способности, секоја активност која укажува на нешто повисока вредност, било каков обид да биде подобар и да постигнете повеќе. Затоа, освен тоа, капиталот на брендот е елабориран како извор на вредност за бизнисот. Ова поглавје ја разгледува улогата на капиталот на брендот во обезбедувањето поголемо пазарно учество, создавајќи влезни бариери за нови конкуренти, постигнување на производството и ширење на пазарот, обезбедување на ценовна премија, привлекување квалитетна работна сила, обезбедување на лојалност на потрошувачите и поттикнување на иновациите. За еднаквост на брендот вистински да обезбеди вредност треба да биде повеќе од имиџот на компанијата или позицијата на производот - брендот треба да биде обединувачка сила во компанијата, обезбедувајќи го бизнисот со насока и цел.

Евалуација на труд број 16: Трудот „Evaluation of underwriter’s municipal bond purchase proposal (predetermination of the proceedings in the case of eventual negotiated sale of municipal bonds in the city of Shtip)“ анализира дека постои одреден степен на погрешна претпоставка за супериорноста на конкурентската продажба и како доказ укажува на тоа дека голем дел од емисиите во општините се во форма на преговарано купување. Трудот ја опишува постапка за преговарање за евентуални емисии на обврзници во Општина Штип, Република Македонија.

Евалуација на труд број 17: „Municipal Bonds as an Alternative Way of Financing“ е книга во која се зборува дека општините во земјите во развој се соочуваат со потреби за дополнителни финансиски ресурси со цел да се спроведе серија активности и проекти. Ваквите активности ќе овозможат не само централизиран развој на главниот град, туку независно економско заживување на општините. Концентрацијата на сите единици во главниот град предизвикува нееднаква дистрибуција на индустриите, населението, приходот и така натаму. Општинските обврзници треба да послужат како алтернативен, поевтин начин за финансирање на општините. За да се избегне кредитниот ризик во емисијата на општинските обврзници, неопходно е ефективно да се користат средствата, а ефективноста произлегува од соодветна распределба и управување. Овој процес може значително да придонесе за развојот на општината, особено ако се спроведува со пониски трошоци. Заживувањето на децентрализацијата е неизбежно и неопходно. Затоа оваа книга има за цел да ги разгледа можностите за емисија на локални обврзници во Република Македонија.

Евалуација на труд број 18: Друга книга која што кандидатот ја има од овој временски период е „Building Brand Equity and Consumer Trust Through Radical Transparency Practices“ во која се зборува дека создавањето на бизнис вредност и конкурентна предност е од суштинско значење за секоја компанија во модерниот корпоративен сектор. Со развојот на позитивни односи со потрошувачите, бизнисите можат подобро да ја одржат лојалноста на своите клиенти. Градење на капитал и доверба на потрошувачите преку радикални и транспарентни практики е иновативен референтен извор за новите научни перспективи за улогата на брендирање во организациски контексти и техники за одржување на профитабилен и искрен однос со потрошувачите. Оваа книга е идеално дизајнирана за менаџери, истражувачи, професионалци, студенти и практичари заинтересирани за развој на креирање на вредност во современиот бизнис, истакнувајќи голем број на релевантни теми како што се управување со ризик, иновации на производи и бренд свест. Многу академски области се опфатени во оваа публикација, но не се ограничени на: бренд

свест, корпоративно управување, вработување на вработените, иновација на производи, справување со ризици, менаџмент на снабдувачки синџири, квалитет на работната сила.

Евалуација на труд број 19: „Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој со посебен осврт на Општина Штип“ е монографија која е сублимат од низата оригинални научни истражувања кои произлегле во рамките на проектот „Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој со посебен осврт на Општина Штип“. Монографијата опфаќа анализа на подготвеноста на земјите во развој за издавање општински обврзници, преку согледување на состојбите во регионот, вклучувајќи анализа на емисијата на општински обврзници во Сплит, Република Хрватска, што ќе се користи како бенчмарк за анализа и подготовка на емисија на општински обврзници во Република Македонија. Во рамките на овој труд, подготвена е и SWOT анализа за издавање општински обврзници во Република Македонија преку која се согледуваат клучните фактори од окружувањето кои би влијаеле на потенцијалната емисија на локални обврзници, со посебен фокус на Општина Штип. Токму затоа, во монографијата е вклучен и дополнителен дел посветен на оценка на подготвеноста на општините во развој за издавање на општински обврзници преку детална анализа на нивните буџетски сметки, фокусирајќи се на анализа на буџетските сметки на Општина Штип во периодот 2006-2015 година. За таа цел се пресметани корелациските врски помеѓу домашното задолжување и расходите на Општина Штип, корелациските врски помеѓу каматните плаќања на домашните кредитори и приходите на Општина Штип, како и повеќекратна праволиниска регресија и корелација помеѓу приходите, домашните задолжувања и депозитите на Општина Штип. Монографијата вклучува евалуација на предлози за купување општински обврзници, со претходно утврдување на постапка во случај на евентуална спогодбена продажба на општински обврзници во градот Штип. Во овој дел детално се елаборирани спогодбената наспроти конкурентска продажба и предложена е соодветна постапка за реализација на спогодбена продажба на првата емисија на општински обврзници на Општина Штип. Како логичен чекор за заокружување на оваа монографија во водич за емисија и тргување со локални обврзници, подготвен е проспект за издавање и тргување кои детално ги објаснува сите составни компоненти на еден таков проспект. Во монографијата е анализиран пример за ефикасна употреба на средствата од продажбата на потенцијалната обврзница на Општина Штип преку инвестирање во центар за рехабилитација кој ќе го експлоатира термалниот извор Кежовица. Економско-финансиската ефикасност на инвестицијата финансирана преку емисија на локални обврзници е прикажана преку инвестициски критериуми кои ја докажуваат рентабилноста и ликвидноста на инвестицискиот проект. На овој начин, се постигнува оправданоста за емисијата на локалните обврзници како алтернативен начин за финансирање и поддршка на локалниот економски развој. Целта на истражувањето е да се оцени потенцијалот за поврат на инвестицијата, односно ефикасноста и рентабилноста на проект, кој не само што ја верификува оправданоста за користењето на локалните обврзници како релативно евтин долгорочен извор на финансиски средства, туку значително придонесува за зголемување на вредноста на локалниот аутпут како компонента на националниот економски раст, и уште повеќе, земајќи ги предвид сѐ поактуелните барања за општествено одговорно однесување, демонстрира вредност за широк ранг стеикходелри на долг рок. Резултатите од истражувањето, проектирани во форма на конвенционални инвестициски критериуми, во комбинација со кратка финансиска рацио анализа, потврдуваат дека може да се постигне ефикасна употреба на општинските обврзници како алтернативен начин за финансирање на локалниот економски развој преку инвестирање во долгорочно одржлив и профитабилен проект како што е анализираниот пример за центар за рехабилитација. Токму затоа, не само препораките од оваа монографија, туку и сумарните сознанија од целиот проект ја стимулираат и ја поддржуваат емисијата на ваквите финансиски инструменти кои ќе ја одиграат својата примарна улога – преку соодветен финансиски левериџ да бидат значаен фактор за економскиот развој. Монографијата „Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за

локален економски развој со посебен осврт на Општина Штип“ е наменета за поширок круг корисници. Првенствено, таа треба да служи како водич за емисија на локални обврзници, користен од страна на локалните власти, понатаму, како информатор и мотиватор за потенцијалните инвеститори во ваков вид финансиски инструменти, како и за студентите на економските и други факултети кои ја изучуваат оваа проблематика и за сите други заинтересирани читатели, со цел да им се доближат на теоретските и практичните сознанија од оваа област и сите читатели и потенцијални учесници во емисијата и тргувањето со локални обврзници.

Евалуација на труд број 20: „Финансиски пазари и институции“ е универзитетски учебник кој го опишува скелетот на финансиските системи. Материјалот е креиран врз основа на потребата од создавање на универзитетски учебник кој од теоретски аспект ќе им овозможи на студентите стекнување знаења потребни за положување на предметот Финансиски пазари и институции, кој го изучува финансискиот систем во целина, од аспект на структура и од аспект на функционирање. Овие знаења на студентите ќе им претставуваат основна појдовна точка во изучувањето на останатите предмети поврзани со областа финансии, од причина што ги анализира темелите на функционирањето на финансискиот систем, но и тековните надградувања на тој систем. Користењето на различните методи, техники и показатели за согледување на постојната финансиска структура со институции и инструменти, но и опкружувањето на финансиските системи овозможува да се направи и увид во тоа како овие системи се развиваат, еволуираат и како ги применуваат новите методи и начини на работа предизвикани од општествениот развој. Значајно е изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите од насоките Финансиски менаџмент, Банкарство финансии и осигурување, како и од Сметководство, финансии и ревизија, со оглед на фактот што знаењата добиени преку овој универзитетски учебник претставуваат моќно средство и основа која во текот на студирањето претставува скелет за проучување на останатите финансиски содржини. Мора да се надополни дека не само студентите, туку и сите останати стеикхолдери (вработени, државата, широка јавност) можат да ги користат податоците и заклучоците на овој учебник како основа за донесување на рационални одлуки во финансиските системи.

Евалуација на труд број 21: „Финансиска регулација – скрипта“ е материјал кој опфаќа обработка на регулацијата во целокупниот финансиски сектор. Какви сѐ законски рамки стојат во позадина на ова работење, кои се „потенцијалните проблематични точки“, што е тоа што е правилно во финансиската регулација и во која насока таа би требало да се движи. Кои промени би требало да се направат во истиот овој сектор и како да се применуваат. Анализата на овој материјал треба да го опфати и подрачјето за појавата на финансиските кризи, нивната важност, комплексност и нивната импликација врз општеството. Се прави осврт кон минатото и случувањата, причините – последиците од финансиските кризи, нивната санација и учењето од „грешките“, како и пронаоѓање одговор на прашањето зошто и дали историјата се повторува. Сите горенаведени области на истражување и анализа се обработени и за Република Македонија. Каков модел и форма на регулација се применува овде, во која законска рамка се движи македонската финансиска регулација, како и значењето на регулацијата за мала и отворена економија и совладувањето на можните и постоечки кризи. Материјалот цели кон утврдување на значењето на финансиската регулација за целокупното финансиско работење и нејзиниот ефект врз економските циклуси, улогата на банкарскиот сектор и неговата инволвираност во трансмисијата и синергијата на економските сигнали, кои можат да заземат непредвидени насоки доколку им се допушти и најмала нерегулираност и согледувања на мерки кои можат да ги применат економиите и Македонија, при градењето и усовршувањето на својот финансиски пазар. За таа цел се користат повеќе методи кои излегуваат во пресрет на предметот и целта на оваа скрипта, а вклучуваат метод на индукција, дедукција, компаративен метод, квантитативен и квалитативен метод и анализа на практични примери.

Евалуација на труд број 22: „Практикум за вежби - Финансиска регулација“ е практикум во кој се сместени темите кои треба да се разработат на вежбите по предметот Финансиска регулација, кој се изучува на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Практикумот содржи 35 наслови, како и простор за обработка на теми кои се тековни или актуелни за студентите. Редоследот на темите е во согласност со наставната програма по предметот Финансиска регулација, кој се изучува на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. За секој час се предвидени 4 наслови за разработка. За секое активно следење на темите и учество во нивната одбраната, студентите добиваат потпис, како доказ за добро сработена задача. На задачата во која тие се креатори на аргументите (а не се вклучен аудиториум) мораат да наведат користена литература која се бележи на крајот од практикумот. Изворите со кои студентите треба да се служат за изработка на задачите се наведени под насловот на задачата. Методите кои студентите ќе ги користат, освен квалитативно, можат да бидат и квантитативно искажани.

Кандидатот во последните пет години има работено на два проекти финансирани од Универзитетот „Гоце Делчев“ и тоа:

„Форми на финансирање на растот на малите и средните претпријатија со фокус на Источен плански регион во Република Македонија“ чиј предмет на истражување се алтернативните форми за финансирање на растот и развојот на малите и средни претпријатија како мотори на локалниот економски развој. Во проектот се опфаќаат и предлози за ефикасното менаџирање со добиените средства во зависност од изворот на финансирање со цел да се постигне подобрување на перформансите на МСП, со посебен фокус на Источниот плански регион во Република Македонија. Целта на проектот е да се покаже како да се обезбедат дополнителни финансиски средства за финансирање на развојните активности на малите и средни претпријатија. При истражувањето во проектот ќе се применат повеќе квалитативни и квантитативни методи. Со помош на анализа, синтеза и компарација ќе се изврши систематизирање на досегашните објавени податоци од оваа проблематика во земјава и во странство и истите ќе се применат и при средување и толкување на сознанијата и резултатите од проектот. Покрај анализата на веќе објавени податоци, со помош на структурирано интервју на таргетирани испитаници, ќе се стекнат дополнителни сознанија кои ќе овозможат прагматичност на решенијата од проектот. Придобивките на овој проект ќе овозможат интензивирање на локалниот економски развој, а целокупниот процес на финансирање со алтернативни инструменти и менаџирање на средствата за поддршка на рентабилни проекти, односно проекти од јавен и приватен карактер може да послужат како бенчмарк и за други плански региони во Р. Македонија и земјите во регионот.

Вториот проект е „Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој со посебен осврт на Општина Штип“, предмет на истражување во овој проект се општинските обврзници како алтернативен начин за финансирање на проектите на општините за поддршка на локалниот економски развој. Во проектот ќе се опфати и ефикасното менаџирање со прибраните средства за оптимизирање на очекуваните резултати. Посебен осврт се дава на состојбите и можностите за искористување на општинските обврзници во Општина Штип. Целта на проектот е да се покаже како да се обезбедат дополнителни финансиски средства за финансирање на проектите во Општина Штип со кои ќе се обезбедат и повеќекратни бенефиции за неколку клучни групи стеикхолдери во ова опкружување. При истражувањето во проектот се применуваат повеќе квалитативни и квантитативни методи. Со помош на анализа, синтеза и компарација се врши систематизирање на објавени податоци од оваа проблематика во земјава и во странство и истите се применуваат и при средување и толкување на сознанијата и резултатите од проектот. Покрај анализата на веќе објавени податоци, со помош на структурирано интервју на таргетирани испитаници, се стекнуваат и дополнителни сознанија кои овозможуваат прагматичност на решенијата од проектот. Придобивките на овој проект ќе овозможат интензивирање на локалниот економски развој, а целокупниот процес на финансирање со вакви инструменти и менаџирање на средствата за поддршка на рентабилни проекти, односно проекти од јавен карактер може да послужат како бенчмарк и за други општини во Р. Македонија и земјите во регионот.

На овој начин, ефектите од алтернативното искористување на изворите на финансирање и нивната соодветна примена би се прошириле на ниво на национална, односно регионална економија.

Наставно-педагошката и научноистражувачката дејност на кандидатката доц. д-р Марија Гогова-Самоников според горенаведеното е плодна и опсежна со голем број трудови од областа во која се бира и работен стаж за областа во која аплицира.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката доц. д-р Марија Гогова-Самоников, покрај во наставно-педагошката и научноистражувачката дејност на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, има низа активности и во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Таа има објавено четири книги, две поглавја од книги, една монографија, трудови во стручни и научно-популарни списанија, трудови во зборници, има учества на конференции со презентации, учествува во проекти (наведени во текстот погоре), член е на уредувачки одбор на стручно списание, учесник е во изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, раководител е на Катедрата за финансии, има членства во комисии и органи со кои се реализира активноста на Економскиот факултет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана по Конкурсот од 20.3.2019 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката доц. д-р Марија Гогова-Самоников ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и севкупна активност во периодот од избор во доцент - 1.10.2014 година до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатката доц. д-р Марија Гогова-Самоников преку вкупно 255 поени (НО 30 + НИ 150 + САОР 75).

Според изнесеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип **кандидатката доц. д-р Марија Гогова-Самоников да биде избран во звање вонреден професор во научната област финансии.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Михаил Петковски, редовен професор, претседател с.р.**
**Д-р Ристо Фотов, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Стеван Габер, вонреден професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4.** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | **30** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Монографија или научна книга (труд со реден број 17,18,19,20) | 2 | 10 | 2 | 15 | 50 |
| **2.** | Дел од монографија или научна книга (труд со реден број 14,15) | | | 2 | 10 | 20 |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор труд со реден број 4,6,8,10, втор автор труд со реден број 2,5,7) | | | 4<br>3 | 9<br>6 | 36<br>18 |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (усно) 5th International Conference on New Ideas in Management, Economics and Accounting – Paris, Academics World 10-th International Conference, Istanbul, Turkey; The IRES - The International Conference on Economics and Social Sciences (ICESS), Barcelona, Spain; The IRES 49th International Conference, Rome, Italy; VI International scientific and practical conference: Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective Stip – два труда | | | 6 | 2 | 18 |
| **10.** | Одбранета докторска теза „Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација“ | 1 | 8 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **150** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание (труд со реден број 1,9,11) | | | 3 | 6 | **18** |
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (труд со реден број 3,12,13) | 3 | 2 | | | **6** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **13.** | Учесник во научен проект „Форми на финансирање на растот на малите и средните претпријатија со фокус на Источен плански регион во Република Македонија“, „Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој со посебен осврт на Општина Штип“ | 2 | 5 | | | **10** |
| **17.** | Елаборати за прв, втор и трет циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Одлука бр. 1202-68/4 од 4.3.2016 г., Одлука бр. 1202-83/3 од 6.4.2016 г. Стратегија за развој на Економски факултет при УГД | 4 | 2 | | | **8** |
| **26.** | Раководител на Катедра за финансии, Одлука бр. 1202-231/4 од 14.10.2015 г. | 1 | 3 | | | **3** |
| **28.** | Член на факултетски орган комисија (за одбрани на дипломски трудови, за одбрани на магистерски трудови, уписна комисија бр. 1202-110/5 од 20.5.2015 г., за изготвување на план за претставување на Факултетот бр.1202-40/6 од 26.1.2016 г., за признавања на испити бр. 1202-231/5 од 14.10.2015 г., за плагијати бр. 1202-62/6 од 19.2.2015 г., за избор на сенатори на Економски факултет бр. 1202-74/3 од 3.3.2015 г., организациски одбор на меѓународно списание со наслов „Journal of Economics“ бр.1202-79/15, за администратори задолжени и овластени за спроведување на активности во врска со доделување на вредносни ваучери на студенти бр. 1203-90/2 од 3.4.2015 г., член на Деканска управа, за стратегија за развој на Економски факултет, Уписна комисија за втор циклус 2016 год., член на организациски одбор на конференција на Економски факултет при УГД) | 13 | 2 | | | **26** |
| **29.** | Класен раководител, согласно со Кредит-трансфер системот – ЕКТС (за четири години), Одлука бр. 1202-222/4 од 1.10.2015 г. | 1 | 4 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **75** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **255** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДАГОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1602-184/4 од 22.11.2018 година донесена на 127. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 22.11.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области *педагогија* и *образование на наставници* на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- д-р Соња Петровска, редовен професор;
- д-р Кирил Барбареев, вонреден професор;
- д-р Сузана Миовска-Спасева, редовен професор.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 15.10.2018 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката **д-р Јадранка Рунчева,** вработена како асистент-докторанд на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Јадранка Рунчева** е родена на 7.9.1985 година во Штип. Основно и средно гимназиско образование завршува во родното место, со континуиран одличен успех.

Во учебната 2004/2005 година се запишува на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Во 2008 година дипломира со просечен успех 9,51 и се стекнува со звање дипломиран професор по одделенска настава. Како првенец на генерацијата добива признание за постигнати одлични резултати во студирањето.

Во 2008 година се запишува на втор циклус студии (магистерски) на Институтот за педагогија, Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката Теорија на воспитанието. Студиите ги завршува на 10 февруари 2011 година со просечен успех 9,62, со одбрана на магистерскиот труд на тема „*Организација на наставата на наставничките факултети во Република Македонија*“ под менторство на проф. д-р Сузана Миовска-Спасева и се здобива со научен степен магистер по педагошки науки.

На 11.1.2012 година на Институтот за педагогија, Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ѝ е одобрена тема за изработка на докторска дисертација под наслов „*Професионалниот развој на наставниците во високото образование*“ под менторство на проф. д-р Сузана Миовска-Спасева. На 14.11.2017 година ја брани својата докторска дисертација и се стекнува со научен степен доктор на педагошки науки.

Во моментов д-р Јадранка Рунчева работи како асистент-докторанд на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Последниот реферат за избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр.152 од 15.8.2015 година.

Кандидатката ги исполнува законските услови за избор во звање доцент.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Доктор на науки од соодветната научна област – доктор на педагошки науки;
2. Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и на втор циклус за секој циклус посебно - остварен просечен успех на прв циклус студии од 9,51 и остварен просечен успех на магистерски студии од 9,62.
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните пет години.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Petrovska, S., Sivevska, D., Popeska, B. and **Runceva, J.** | *Mentoring in teaching profession* | (IJCRSEE) International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education Vol. 6, No. 2, 2018, 6 (2). pp. 47-56. ISSN ISSN 2334-8496 | 6 |
| 2 | Petrovska, S., Sivevska, D. and **Runceva, J.** | *Establishment and functionality of the system of professional development of teachers in Republic of Macedonia* | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 26.2 (2). ISSN 1857-92 Vol. 26, No 2 | 5 |
| 3 | Runceva, J. | *What are the responsibilities of being an university teacher.* | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 26.2. ISSN 1857-92 Vol. 26, No 2 | 5 |
| 4 | Petrovska, S., Sivevska, D., Popeska, B., and **Runceva, J.** | *Initial teacher education-starting point for successful enrolment in the school.* | 12th International Technology, Education and Development Conference INTED 2018, 5-7 March 2018, Valencia, Spain. | 12th International Technology, Education and Development Conference INTED |
| 5 | Petrovska, S., Sivevska, D., Popeska, B., and **Runceva, J.** | Application of ICT in teaching in secondary schools in the Republic of Macedonia. | *Book of Selected Papers, Symposium: ICT in Education*, 5. pp. 87-97. ISSN 978-953-7210-83-0 | 5th Symposium |
| 6 | Petrovska, S. and Sivevska, D.and **Runceva, J.** | Inclusive Education-Advantages and Disadvantages. In: | *6 th International Conference LUMEN RSACV 2015*, 16-19 April 2015, Iasi, Romania. | *6 th International Conference* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Stojanova B., Sivevska, D., Runceva, J. **(2014)** | *Early intervention and prevention of students with specific learning disabilities*, | 6th World Conference of Educational Sciences LUMEN 2014 International Conference, Iasi, Romania, 10-12 April 2014 | 6th World Conference |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Ангажманот во наставно-образовната дејност во високото образование на д-р Јадранка Рунчева започнува во 2009 година како волонтер на Педагошкиот факултет во Штип. Во текот на овој нејзин ангажман таа успешно и посветено, под менторство, помага во организирањето и изведувањето на вежбите по повеќе предмети.

Од 19.12.2012 година, со Одлука бр. 2102-472/3 на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, д-р Јадранка Рунчева е избрана за соработник во звањето помлад асистент за научната област педагогија. Таа е ангажирана во подготовката и реализацијата на вежбите на неколку наставни предмети: Теорија на воспитанието, Училишна педагогија, Методика на работа со надарени деца, Образовна технологија, Методика на наставата по природа и општество, Методика на наставата по математика.

Во 2015 година, со Одлука бр. 1602-226/45 д-р Јадранка Рунчева е избрана како асистент-докторанд за научните области системи за перманентно образование и педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев во Штип. Во периодот од 2015 година до 2019 година како асистент-докторанд е ангажирана во подготовката и реализацијата на вежбите на неколку наставни предмети: Училишна педагогија, Инклузивно образование, Семејна педагогија.

Кандидатката во скоро десетгодишниот ангажман на Факултетот како соработник работела со повеќе професори и имала обврска да ги продлабочува своите знаења во повеќе дисциплини. Таа покажала исклучително висок степен на кооперативност, инвентивност, самоиницијативност, па и организациски способности.

Д-р Јадранка Рунчева континуирано работи на својот професионален развој. Солидно го владее англискиот јазик, за што има поднесено и соодветна потврда (Cambridge English Level 1 Certificate in ESOL International (Preliminary) and Council of Europe Level B2) и располага со компјутерски знаења и вештини: добро познавање на алатките на Microsoft Office (Word, Excel и Power Point), IBM Statistical Package for the Social Sciences (SPSS) Statistics, Windows 8/7/XP.

Кандидатката е вклучена и во реализација на неколку проекти со домашен и меѓународен карактер, а остварила и два студиски престои со што се развива нејзината видливост и во меѓународниот научен и образовен простор.

Вклучена е како едукатор во обуки за возрасни преку програмата *Негувател/ка на деца со пречки во развојот*.

Корпусот на публикувани научни и стручни трудови, како и нивното обзнанување на бројни домашни и меѓународни научно-стручни собири ја потврдуваат сериозната посветеност на д-р Јадранка Рунчева во развивањето на нејзините научноистражувачки компетенции.

***<u>Евалуација на објавените научни и стручни трудови</u>***

1. Miovska – Spaseva, S., **Bocvarova, J**. (2011). ECTS and the conditions for its application in the faculties of education in the Republic of Macedonia. *VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education (book of proceedings)*, 6, 11 – 19.

Трудот претставува дескриптивно-компаративна анализа на моменталната состојба во неколку високообразовни институции во РМ (Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, Педагошки факултет во Штип и Институтот за педагогија при Филозофски факултет во Скопје) кои подготвуваат наставнички кадар во однос на: материјалните, техничките и просторните услови за работа согласно потребите за имплементација на болоњскиот модел на високо образование на наставници.

Miovska-Spaseva, S. and **Bocvarova, J.** (2011) ECTS and the teaching organization in higher education in the Republic of Macedonia: Students' views. In: *Education between Tradition and Modernity, International Symposium*, 22-24 Sept 2011, Ohrid. http://eprints.ugd.edu.mk/7308/

Во трудот се презентирани резултати од истражување насочено кон проучување на мислењата и ставовите на студентите од Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, Педагошкиот факултет во Штип и Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје во врска со организацијата на наставата согласно примената на ЕКТС (вреднување на присуство, причини за присуство, активност на студентите за време на предавања и вежби, методичко обликување на наставата). Анализата на еден дел од резултатите открива дел од слабостите во имплементацијата на ЕКТС: големата редовност на студентите на предавањата и вежбите главно се должи на водењето на редовна евиденција и бодување, а нивната активност е на многу ниско ниво. Студентите кои се активни за време на часовите своите знаења главно ги темелат на информации од учебниците. Авторите посебно ја потенцираат потребата од осовременување на наставата со примена на активни методи на учење и поучување, како и мотивирање на студентите за користење на поширока литература во процесот на подготовка за настава и за испит.

Petrovska, S., **Bocvarova, J**. and Petrovska, A. (2011) Some characteristics of the development of teachers' education in the Republic of Macedonia (from School of Teachers' Education to Faculty of Education). *Journal of educational theory and practice - Vospitanie,* 7 (11). pp. 111-124. http://eprints.ugd.edu.mk/3502/

Во трудот проблемот на институционално образование на наставниците во Република Македонија е третиран од историски аспект. Мошне систематично се претставени податоци за развојот на истото во периодот од појавата на Учителската школа во Штип, сè, до 2010 година, кога подготовката на наставници во Штип се остварува во рамки на Педагошкиот факултет. Освен систематизацијата на законската легислатива и основањето на овие институции, направена е сериозна анализа во неколку подрачја согласно кои се определува квалитетот на организациите: наставнички кадар, наставни/студиски програми, цели, поставеност на ученикот/студентот во воспитно-образовниот процес. Посебно значајно е сознанието и аргументираниот заклучок на авторите дека „Законската легислатива, педагошката документација, како и стручните и научните записи за работата на Учителската школа 'Гоце Делчев' во Штип јасно го потврдуваат нејзиниот стремеж/визија за создавање на совршени учители, учители кои имаат љубов и кон професијата и кон учениците, учители кои поседуваат високи морални, интелектуални, карактерни и естетски квалитети“ (современа парадигма).

Koceva, M. and **Bocvarova, J.** (2012) Using the internet in teaching. In: *International scientific and expert conference: Education for the future*, 24 - 25 May 2012, Zenica, Bosna i Hercegovina http://eprints.ugd.edu.mk/7255/

Во трудот авторите се обидуваат да ги афирмираат придобивките од користењето на информатичката технологија во училиштата. Направен е краток преглед и обид за компарирање на ситуацијата во Финска, Холандија и Република Македонија, во однос на имплементацијата на ИКТ во образованието и предложени се клучни подрачја (соодветна опременост и оспособеност на наставниците) кои треба да се развијат за успешна имплементација на ИКТ во наставата.

**Bocvarova, J**. and Pavlov, Z. (2012) Students' mobility. *Yearbook of the Faculty of Philology*, 3. pp. 257-265. ISSN 1857-7059 (3) http://eprints.ugd.edu.mk/7254/

Во трудот се апострофира значењето на мобилноста на студентите за подигнување на квалитетот на студирање. Се анализирани и компарирани податоци за бројот на странски студенти во Шпанија, Франција, Велика Британија и некои земји од југоисточна Европа, меѓу кои и Република Македонија, како и на бројот на студенти кои студираат надвор од овие земји. Авторите доаѓаат до сознание дека Република Македонија споредена со Бугарија, Хрватска, Романија и Словенија во периодот 2000-2005 година има највисок процент на студенти запишани на студии надвор од својата земја. Овој број е далеку над просекот на земјите од ЕУ. Од друга страна, Република Македонија бележи мал процент на странски студенти. Констатирана е недоволна информираност на студентите за програмите за

меѓународна мобилност и недоволна промоција на домашните високообразовни институции во меѓународниот образовен простор.

**Bocvarova, J.,** Sivevska, D. and and Cackov, O.(2013) Вклученоста на децата од ромска националност во предучилишните установи. In: *IX Симпозијум са међународним учешћем „Васпитач у 21 веку“*, 29-30 March 2013, Sokobanja, Serbia. http://eprints.ugd.edu.mk/11231/

Во трудот се третира проблемот на вклученоста на децата од ромска националност во детските градинки во Република Македонија, со посебен осврт на детските градинки во Штип. Проучени се ставовите и мислењата на воспитувачите во врска со: соработката и комуникацијата меѓу македонските и ромските деца во детската градинка, улогата и активноста на наставникот во функција на подобрување на соработката меѓу двете групи деца, обуки и оспособување на наставникот за активно вклучување на ромските деца во групата со македонски деца во детската градинка.

Petrovska, S. and **Bocvarova, J.** (2013) Media in preschool age of child's life. *Педагогика Научнотеоретично и методическо списание*, 85 (6). pp. 877-889. ISSN 1314-8540 http://eprints.ugd.edu.mk/7485/

Трудот има емпириски карактер и третира мошне актуелно и комплексно воспитно-образовно прашање – Контролата врз содржините и интензитетот и зачестеноста на присуството на медиумите во животот на децата од предучилишна возраст. Проучени се ставови и мислења на 12 воспитувачи кои работат со деца од големи групи во две детски градинки (урбана средина – Штип, Р. Македонија) и 149 родители на децата од избраните групи. Посебно значаен показател е детекцијата дека во семејството отсуствува систематско и континуирано учество на родителите во изборот на медиумските содржини, определување на честотата/временскиот интервал на користењето на компјутерот и телевизорот. Резултатите откриваат дека: медиумите (компјутер, детска литература, телевизија) систематски и планирано се користат како воспитно-образовни средства и дека истите имаат позитивно влијание врз развојот на логичкото мислење на децата, способностите за опишување, прераскажување и раскажување, како и градењето на способности за комуникација со другарчињата (социјален аспект).

**Runceva, J.** and Sivevska, D. (2014) Вклученост на децата со посебни образовни потреби во редовните групи во детската градинка. In: *X Симпозијум са међународним учешћем „Васпитач у 21 веку“*, 28-29 March 2014, Висока школа за васпитаче струковних студија, Алексинац, Србија http://eprints.ugd.edu.mk/12208/

Денес сè уште се трага по успешни модели за вклучување на децата со посебни образовни потреби во редовните образовни институции. Иако идејата за инклузивно образование сè уште предизвикува многу контроверзии, таа сè поинтензивно се оживотворува и во македонското образование. Авторите со цел да ги дијагностицираат добрите и слабите страни на некои аспекти на практичната имплементација на инклузијата во нашите детски градинки реализирале истражување на примерок од 46 воспитувачи низ кое ги проучиле нивните ставови и мислења во однос на неколку димензии на инклузивниот образовен модел: оспособеност за препознавање на децата со посебни образовни потреби, поддршката од стручните служби, соработката со родителите и влијанието на присуството на децата со посебни образовни потреби врз некои аспекти на однесувањето на останатите деца во групата.

Sivevska, D. and **Runceva, J**. (2014) Професионален развој на воспитувачот (Посебен осврт на ситуацијата во Република Македонија). In: *X Симпозијум са међународним учешћем „Васпитач у 21 веку“*, 28-29 March 2014, Висока школа за васпитаче струковних студија, Алексинац, Србија. http://eprints.ugd.edu.mk/12207/

Во трудот се елаборирани современи научни сознанија и се презентирани модели на успешен процес на професионален развој на воспитувачите, а е направен обид и за компарирање на истите со состојбите во Р. Македонија. Инспирација за проблематизирање на парадигмата за континуиран професионален развој на воспитувачите авторите наоѓаат во брзиот и интензивен научно-технолошки и технички развој, како и во процесот на глобализација, посебно во сферата на образованието.

Sivevska, D. and **Runceva, J.** and Pesova, B. (2014) The Role of Professional Primary School Services (Pedagogue, Psychologist) in the Process of Inclusion (with Special Aspect

of Hyperactive Children). *Procedia - Social and Behavioral Sciences*, 149. pp. 889-895. ISSN 1877-0428 http://eprints.ugd.edu.mk/11204/

Немирот, невниманието, претераната активност се карактеристики кои сѐ почесто се забележуваат во однесувањето на училишните деца. Еден од клучните фактори кои влијаат на успехот на педагошкото справување со овие предизвици е оспособеноста на наставниците и на стручните соработници за препознавање на манифестациите на посебните категории на ученици. Трудот претставува емпириско истражување низ кое авторите се обиделе да проучат колку нашите стручни служби се оспособени да ги препознаат хиперактивните деца и колку располагаат со знаења во однос на нивниот педагошки третман. Еден од клучните заклучоци е сознанието дека хиперактивните деца, главно, остануваат непрепознаени во училиштето и се третирани како проблем-ученици.

Pesova, B., Sivevska, D. and **Runceva, J.** and. (2014) Early Intervention and Prevention of Students with Specific Learning Disabilities. *Procedia - Social and Behavioral Sciences*, 149. pp. 701-708. http://eprints.ugd.edu.mk/11203/

Трудот претставува анализа на современи теориски и емпириски сознанија посветени на училишниот третман на децата кои доживуваат неуспех во учењето, а припаѓаат на категоријата „нормални деца“, односно не се категоризирани во групата на ученици со посебни образовни потреби. Во овој контекст е направена класификација на децата со специфичните тешкотии во учењето, истакнато е значењето на раната идентификација и опишани се современи модели на настава. Трудот има исклучително практично значење, а истовремено претставува и истражувачки предизвик за педагошката наука.

**Runceva, J.** and Sivevska, D. (2014) The teacher and the gifted child. In: *9th International Balkan Education and Science Conference*, 16-18 Oct 2014, Trakya University, Edirne, Turkey. http://eprints.ugd.edu.mk/12007/

Трудот претставува анализа, елаборација и евалуација на научни сознанија и стручни препораки кои даваат холистичка слика за факторите (родители, наставници, политики, училиште) кои влијаат врз положбата на надарените деца во образовниот систем. Врз основа на анализата е направен обид да се препотврди хипотезата – за надарените деца училиштето треба да обезбеди диференцијално-индивидуален педагошки пристап.

Sivevska, D. and **Runceva, J.** (2014) Educators Views about the Inclusion of the Children with Special Educational Needs in the Regular Groups of the Kindergarten. In: *9th International Balkan Education and Science Conference,* 16-18 Oct 2014, Trakya University, Edirne, Turkey. http://eprints.ugd.edu.mk/12006/

Трудот има емпириски карактер. Проучени се ставовите и мислењата на 46 воспитувачи, во две детски градинки во Штип, во однос на инклузијата на децата со посебни образовни потреби во редовните групи во детските градинки. Акцент е ставен на разликите во ставовите на воспитувачите во однос на оправданото/неоправданото вклучување, најсоодветни локации и форми на грижа на овие деца и нивни препораки за понатамошен третман. Клучните наоди сугерираат дека воспитувачите имаат потреба од помош од дефектолог, логопед и други специјални педагози како би се овозможила успешна имплементација на инклузијата, како и намалување на бројот на деца во групите.

Miovska-Spaseva, S. and **Runceva, J.** (2014) *Мобилноста на наставниците во високото образование*. Годишен зборник на Факултетот за образовни науки. ISSN 1409-9187 http://eprints.ugd.edu.mk/20592/

Во трудот на систематичен и логичен начин е даден приказ на состојбите во македонското високо образование во однос на мобилноста на наставниците и придобивките кои произлегуваат од истата. Анализирана е и евалуирана законската регулатива во Република Македонија и дијагностицираната состојба е ставена во контекст на поширoки истражувачки сознанија во оваа област. Врз основа на анализа на релевантни истражувања аргументирано се актуализира потребата од интензивирање на мобилноста на наставниците во високото образование.

Sivevska, D. and **Runceva, J**. (2015) Состојби и предизвици пред учителската професија во 21 век. In: *Научно-стручна трибина на тема: Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век*, 03 Oct 2014, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/14787/

Во трудот авторите даваат преглед на подготовката на идниот наставник во Република Македонија, потоа даваат осврт на улогите кои ги има наставникот, а на крај се задржуваат на професионалниот развој на наставникот. Во трудот авторите укажуваат дека образованието на наставникот не завршува со завршувањето на иницијалното образование. Наставничката професија бара постојано, континуирано професионално усовршување на наставниците. Ваквиот ангажман на наставниците, според авторите, не треба да произлегува само од институциите, туку наставникот треба во себе да ја носи желбата и жедта по нови знаења. Само на тој начин наставникот ќе умее да одговори на предизвиците кои се јавуваат пред учителската професија.

Petrovska, S., Sivevska, D., Popeska, B., and **Runceva, J.** (2015) Application of ICT in teaching in secondary schools in the Republic of Macedonia. *Book of Selected Papers, Symposium: ICT in Education*, 5. pp. 87-97. ISSN 978-953-7210-83-0 http://eprints.ugd.edu.mk/14929/

Со цел да се согледа ситуацијата во однос на примената на ИКТ во наставата во средните училишта во Република Македонија спроведено е истражување во четири средни училишта лоцирани во источниот дел на државата на примерок од 109 наставници кои предаваат предмети од општествено-хуманистичка област. Истражувањето опфаќа три сегменти: подготвеност на наставниците за примена на ИКТ технологија во наставата, разлики во примената во однос на возраста на наставниците и мислењето за примената на ИКТ во наставата. Резултатите покажуваат дека годините на старост, личниот интерес на наставникот и желбата за личен ангажман за следење на технологиите и примена на истите се клучни во примената на ИКТ во наставата.

Petrovska, S. and Sivevska, D.and **Runceva, J.** (2016) Inclusive Education-Advantages and Disadvantages. In: *6th International Conference LUMEN RSACV 2015*, 16-19 April 2015, Iasi, Romania. http://eprints.ugd.edu.mk/16201/

Трудот претставува анализа и евалуација на теоретско-емпириски сознанија кои ги апострофираат предностите и недостатоците на инклузивното образование. Има стручен карактер и ја актуализира потребата од подигнување на општествената свест за разликите кои постојат меѓу луѓето, потребата за инклузија на лицата со посебни потреби во општествениот живот, како и реорганизација на училиштето во однос на: просторни, материјални и технички услови, обезбедување на професионален кадар, континуирана обука на наставниците за инклузија.

**Runceva, J.** (2017) *Реформски тенденции во универзитетската настава*. In: Научно-стручна трибина „Да се биде учител...“, 6 Oct 2017, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/20591/

Во трудот се дискутираат тенденциите за осовременување на универзитетската настава. Посебно се нагласува нејзиниот традиционализам и конзервативизам како препрека за остварување на клучните цели – создавање на добро информирани и длабоко мотивирани млади луѓе кои знаат како да учат, кои можат да мислат критички и така и да дејствуваа. Во основа на квалитетната универзитетска настава лежи компетентноста на секој наставник. Авторот ја промовира педагошката компонента во професијата, наспротив научноистражувачката.

Runceva, J. (2018). What are the responsibilities of being an university teacher. *Knowledge – International Journal, Scientific and Applicative papers*, 26.2. ISSN 1857-92. http://eprints.ugd.edu.mk/20590/

Бројни европски земји покажуваат состојба на зголемување на бројот на академски кадар во високото образование. Една од причините на зголемување на бројот на кадарот е всушност зголемувањето на бројот на студенти во високото образование. Авторката на систематичен начин се обидела да ги анализира клучните аспекти на професијата – универзитетски наставник при што посебно се води од филозофијата дека универзитетскиот наставник е високо општествено призната улога што вклучува посветеност, одговорност, пожртвуваност, исполнителност врзана со време. Сложеноста пак на професијата авторката ја поткрепува со анализи на работните обврски и работните услови, при што заклучува дека бројните обврски (наставни, научни и административни) кои ги има универзитетскиот наставник и поставената временска рамка за нивна реализација не

создаваат услови наставникот да ужива во некаква стабилност, сигурност и комодитет.

Petrovska, S., Sivevska, D. and **Runceva, J.** (2018) Establishment and functionality of the system of professional development of teachers in Republic of Macedonia. *Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers*, 26.2 (2). ISSN 1857-92 http://eprints.ugd.edu.mk/20589/

Во трудот се презентирани резултати кои се дел од проектот „Професионален развој на наставниците во Република Македонија – состојба и предизвици".

Истражувањето е реализирано на примерок од 398 наставници од 28 основни и средни училишта во Република Македонија. Предмет на истражувањето е да се проучат ставовите и мислењата на наставниците за поставеноста и функционалноста на системот на професионален развој на наставниците во Република Македонија, со цел – унапредување на истиот. Авторите се обиделе да најдат одговори на клучни прашања поврзани со квалитетот на професионалниот развој. Во тој контекст истражувачките резултати откриваат дека успешниот професионален развој на наставниците вклучува план во кој на систематичен начин ќе биде проектиран континуиран процес на учење и ќе опфаќа активности за континуиран внатреучилиштен развој, континуиран професионален развој надвор од училиштето низ професионални партнерства (меѓународни, државни, локални, внатреучилишни). Планот мора да биде втемелен на почитување на професионалните потреби на секој наставник. Во трудот се дадени корисни насоки за креирање на образовните политики на државно, локално ниво и на ниво на училиште, а се однесуваат на професионалниот развој на наставниците.

Petrovska, S., Sivevska, D., Popeska, B. and **Runceva, J.** (2018) Mentoring in teaching profession. (IJCRSEE) *International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education* Vol. 6, No. 2, 2018., 6 (2). pp. 47-56. ISSN ISSN 2334-8496 http://eprints.ugd.edu.mk/20420/

Во трудот се презентирани дел од резултатите добиени од проектот „Професионален развој на наставниците во Република Македонија – состојба и предизвици".

Целта е да се истражат ставовите и мислењата на наставниците во врска со процесот на менторирање на наставниците – приправници и студенти во училиштата.

Резултатите откриваат дека се потребни промени во моменталниот систем на менторирање на наставниците – приправници во насока на развој на инструменти и процедури за кариерен напредок на наставниците и систем за евалуација на професионалниот развој, како и поголема финансиска мотивација на наставниците ментори. Авторите заклучуваат дека ова може да ја зголеми свесноста за посериозен пристап во менторирањето.

Наспроти ова, наставниците приправници ја нагласуваат потребата за почести контакти со нивните ментори и потребата за поголемо присуство на наставниците ментори на нивните часови. Во однос на училишните политики во трудот се препорачува менторирањето да биде следено и со други форми за поддршка на наставниците – приправници. Воочени се статистички значајни разлики по однос на некои прашања меѓу ставовиет на наставниците кои биле ментори на наставни приправници и наставниците кои не биле.

**Runceva, J.** (2018). Comparative overview of preschool and primary school education in the Republic of Macedonia and in Austria. In *Contemporary Education – Condition, Challenges and perspectives VI International Scientific Conference*, Stip: UGD. http://eprints.ugd.edu.mk/20632/

Трудот претставува компаративен преглед на предучилишното и основното образование во Република Македонија и Австрија, ставајќи го во контекст на општествените услови во двете држави од аспект на животниот стандард и инвестициите во образованието. Споредбата е извршена врз основа на следниве показатели: карактерот и облиците на згрижување и образование на децата од предучилишна возраст до десет-единаесетгодишна возраст и формално признатата професионална квалификација на воспитно-образовниот кадар. Комаративната анализа покажува значајни разлики како по однос на опфатот на децата во предучилишното воспитание, така и по однос на иницијалната подготовка на воспитно-образовниот кадар.

Petrovska, S., Sivevska, D., Popeska, B., and **Runceva, J.** (2018) Initial teacher education-starting point for successful enrolment in the school. In: *12th International Technology, Education and Development Conference INTED 2018*, 5-7 March 2018, Valencia, Spain. http://eprints.ugd.edu.mk/19912/

Трудот на авторите е дел од проектот „Професионален развој на наставниците во Република Македонија – состојба и предизвици“. Една од целите на истражувањето е да се проучат ставовите на наставниците за квалитетот на стекнатите теоретски знаења, компетенции за практична работа и компетенции за вклученост во целокупниот училиштен живот, во текот на нивното иницијално образование и иницијалното образование на сегашните студенти – идни наставници. Проучени се разликите во мислењата и стравовите на наставниците во однос на нивното работно искуство и во однос на нивниот работен ангажман како одделенски или како предметни наставници. Клучните наоди зборуваат дека наставниците со помало работно искуство имаат попозитивни ставови и чувствуваат повисоко ниво на задоволство во врска со сите анализирани аспекти наспроти повозрасните и поискусни наставници. Добиените резултати се анализирани и презентирани со примена на дескриптивна статистика и непараметриска постапка (F – test (ANOVA) и t – test).

***Учество на конференции, конгреси, семинари, симпозиуми***

Резултатите од истражувачките активности и својата стручно-научна работа, кандидатката д-р Јадранка Рунчева ги споделува и презентира преку активно учество на бројни меѓународни симпозиуми, конференции, конгреси и трибини во земјава и во странство. За учеството на истите има приложено соодветни потврди и сертификати. Кандидатката д-р Јадранка Рунчева е ангажирана и како едукатор во спроведување на обуки за возрасни.

1. 17.5.2011 г., Скопје, Република Македонија

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за педагогија, Филозофски факултет – Скопје: Педагошки теми низ историјата, во знак на одбележување на 70-тиот роденден на проф. д-р Киро Камберски

2. 22.9.2011-24.9.2011 г., Охрид, Република Македонија

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за педагогија, Филозофски факултет – Скопје: Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото

3. 30.9.2011-1.10.2011 г., Охрид, Република Македонија: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје: VI меѓународен балкански конгрес за образование и наука: Современото општество и образованието
4. 29.3.2013-30.3.2013 г., Алексинац, Република Србија: Висока школа за васпитаче струковних студија, Алексинац: Васпитач у 21 веку, симпозијум
5. 12.9.2013-13.9.2013 г., Стара Загора, Бугарија: Trakia University, Stara Zagora, Bulgaria во соработка со Faculty of Education, Trakya University, Edirne, Turkey, Faculty of Education “St. Kliment Ohridski”, the University of “Ss Cyril and Methodius”, Skopie, Macedonia, Faculty of Teacher Education, University of Zagreb, Zagreb, Croatia, Prosveta Publishing House, “Pedagogika” Journal, Stara Zagora Municipality * Innovations, Challenges and Tendencies in the Post Modern Education
6. 28.3.2014-29.3.2014 г., Алексинац, Република Србија: Висока школа за васпитаче струковних студија, Алексинац: Васпитач у 21 веку, симпозијум
7. 11.9.2014-13.9.2014 г., Штип, Македонија: Центар за правно-политички истражувања, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
   Општествени промени во глобалниот свет
8. 3.10.2014 г., Штип, Македонија: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип: Научно-стручна трибина, Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век
9. 16.10.2014 – 18.10.2014 г., Едрене, Турција: Trakya University Turkey, во соработка со Ss. Cyril and Methodius, Macedonia, Trakia University Bulgaria, and University of Zagreb: 9th International Balkan Education and Science Congress
10. 7.10.2016 г., Штип, Република Македонија: Факултет за образовни науки Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија“

11. 6.10.2017 г., Штип, Република Македонија: Факултет за образовни науки Научно-стручна трибина „Да се биде учител...“
12. 11.5.2018-12.5.2018 г., Штип, Република Македонија, Факултет за образовни науки: VIth International Scientific Conference Contemporary Education – Condition, Challenges and Perspectives

Д-р Јадранка Рунчева, во функција на нејзиниот професионален развој, учествувала во 2 работилници:

1. 10.4.2017 г., Штип, Република Македонија: Твининг проект „Развивање на соработка помеѓу високообразовните институции, приватниот сектор и релевантните органи: Споделување искуства за техники на евалуација на наставни програми и нивна примена во практика.
2. 30.9.2010 г., Штип, Република Македонија: Американски совети за меѓународно образование: Активно учење во големи студентски групи – невозможност или предизвик.

Во 2018 година, д-р Јадранка Рунчева била едукатор во обуки за возрасни преку програмата *Негувател/ка на деца со пречки во развојот*.

Кандидатката д-р Јадранка Рунчева учествува во домашни и во меѓународни проекти со што го продлабочува своето знаење и ги развива сопствените компетенции за работа во тим:

Учествува како млад истражувач во проект „Професионален развој на наставниците во Република Македонија – состојби и перспективи“, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Одлука бр. 0201-165/6 од 29.1.2015) http://eprints.ugd.edu.mk/12688/

Учествува како истражувач во проект TOI TOI TOI – Tools for Impact – Development of web based evaluation – tools fostering impact – oriented project – consortia for ERASMUS + (2014-2016 година). http://eprints.ugd.edu.mk/15115/

Д-р Јадранка Рунчева е модератор на сесии на меѓународни научни конференции, симпозиуми, трибини:

– International Scientific Conference “Education in the 21st Centry – Conditions and Perspectives” 24 – 25 September, Stip, University Goce Delcev, Faculty of Educational Sciences (Session I);

Научно- стручна трибина „Да се биде учител“, 6.10.2017, Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ https://www.youtube.com/watch?v=f-LpAk-R2eo&fbclid=IwAR0CCfTqkUPZFpwtOPVWpnMdKVop6mrjqg4bGtilyVegJBlu-uZwsjY4yik

Кандидатката д-р Јадранка Рунчева во својата досегашна кариера остварува два студиски престои во Австрија.

– Во периодот од 14 октомври 2013 до 15 ноември 2013 год. д-р Јадранка Рунчева реализира студиски престој на Pädagogische Hochschule Salzburg, Austria, со цел проучување на професионалниот развој на наставниците на педагошките факултети во Австрија, дел од поширокото истражување за нејзината докторска дисертација;
– Во периодот од 9 мај 2016 година до 11 мај 2016 година реализира студиски престој на Pädagogische Hochschule Salzburg, Austria, каде што реализира предавање во рамки на програмата Еразмус.

*Рецензирана скрипта и практикум*

Д-р Јадранка Рунчева е автор на рецензирана е-скрипта и е-практикум „Основи на инклузивно образование“ (во постапка за издавање – објавени рецензии во „Универзитетски билтен“ бр.223 од 17.12.2018. год.)

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката д-р Јадранка Рунчева е вклучена во работата на неколку комисии, одбори и редакциски тела на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

*Член на организациски одбор на конференции*

– Меѓународна научна конференција по повод 20 години Педагошки факултет / Факултет за образовни науки (Одлука бр. 2102-338/20 од 9.12.2014 г.)
– Меѓународна научна конференција „Современо воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“ (Одлука бр. 1602-175/13 од 20.12.2017 г.)

*Член на работна група за:*

– Изработка на елаборати за студиските програми на прв циклус студии на ФОН (Одлука бр. 1602-46/22 од 3.2.2016 г.)
– Изработка на елаборати за студиските програми на втор циклус студии на ФОН (Одлука бр. 1602-98/9 од 8.3.2016 г.)
– Изработка на елаборат за основање на детска градинка/детски центар на Факултетот за образовни науки при УГД (Одлука бр. 1602-297/5 од 3.12.2015 г.).

Конкурсни комисии за прием на документи на нови студенти на Факултет за образовни науки во учебните: 2013/2014 (Одлука бр. 2102-187/8 од 17.6.2013 г.); 2014/2015 (Одлука бр. 2102-149/8 од 20.6.2014 г.); 2016/2017 (Одлука бр. 1602-116/7 од 5.5.2016 г.); 2017/2018 (Одлука бр. 1602-99/4 од 13.6.2017 г.); 2018/2019 (Одлука бр. 1602-121/5 од 22.5.2018 г.).

Член на Редакциски совет: Годишен зборник на Факултетот за образовни науки (Одлука бр. 2102-246/55 од 9.9.2014 г.)

Член на Уредувачки одбор: Списание за образование и практика – Воспитание (Одлука бр. 2102-313/16 од 5.11.2014 г.)

Член на Комисија за проверка на психофизичките способности за кандидатите кои се запишуваат на прв циклус на студии на Факултетот за образовни науки за учебните: 2017/2018 (Одлука бр. 1602-99/5 од 13.6.2017 г.) и 2018/2019 (Одлука бр. 1602-121/18 од 22.5.2018 г.).

Член на Наставно-научен совет на Факултетот за образовни науки.

Член на Комисија за спроведување на попис на Факултет за образовни науки 2014 (Одлука бр. 0701-1239/24 од 10.11.2014 г.).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на научниот, наставно-образовниот, стручно-апликативниот и организациско-развојниот ангажман на кандидатката д-р Јадранка Рунчева може да се заклучи дека се работи за исклучително посветен млад истражувач и педагошки работник.

Таа покажува исклучителна одговорност и креативност во работата со студентите, како и високо ниво на кооперативност во работата со колегите.

Изборот на прашања кои се предмет на опсервација во нејзиниот научно-стручен опус говори дека успешно ги детектира приоритетите во развојот на педагогијата и образованието на наставници што ветува дека ќе се развие во извонреден истражувач. Кандидатката учествува на домашни и меѓународни научно-стручни собири, вклучена е во реализација на неколку проекти, а остварила и два студиски престои со што се развива нејзината видливост и во меѓународниот научен и образовен простор.

Наведените активности на асистент-докторанд д-р Јадранка Рунчева покажуваат континуитет во нејзините заложби за лично професионално усовршување, како и за нејзината посветеност за поддршка и развој на институцијата во која работи.

Согласно со Законот за високо образование на Република Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, по деталното разгледување на комплетно доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека д-р Јадранка Рунчева ги исполнува условите за избор во звање доцент. Таа остварила вкупно 147,5 поени (НО – 30; НИ – 53; САО – 64,5).

Оттука, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип **кандидатката д-р Јадранка Рунчева да ја избере за наставник во звање доцент за наставно-научните области педагогија и образование на наставници.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Соња Петровска, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Кирил Барбареев, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Сузана Миовска-Спасева, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Избор во звање помлад асистент<br>Одлука бр. 2102-472/3 од 19.12.2012 г. | 1 | 10 | | | 10 |
| **2** | Избор во звање асистент докторанд<br>Одлука бр. 1602-226/45 од 2.9.2015 г. | 1 | 20 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати)<br>Труд со ред. бр. 7, 21 | | | 2 | 6 | 12 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Труд со ред. бр. 6,8,9 | | | 3 | 2 | 6 |
| | Одржано предавање по покана од стручно-научна институција<br><br>Во земјава едукатор во обуки за возрасни преку програмата *Негувател/ка на деца со пречки во развојот*.<br>Во странство од 9 мај 2016 година до 11 мај 2016 година, Салцбург, Австрија | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство<br>Ред. бр. 4, 6 | | | 2 | 1,5 | 3 |
| | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| | Учесник во научен проект<br>Во земјава: „Професионален развој на наставниците во Република Македонија – состојби и перспективи“,<br>Во странство: „TOI TOI TOI“ | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал<br>▪ Член на организациски одбор на *Меѓународната научна конференција по повод 20 години Педагошки факултет / Факултет за образовни науки* (Одлука бр. 2102-338/20 од 9.12.2014 г.)<br>▪ Член на организациски одбор на *Меѓународна научна конференција „Современо воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“* (Одлука бр. 1602-175/13 од 20.12.2017 г.) | 2 | 1 | | | 2 |
| | Студиски престој во странство од 14 октомври 2013 до 15 ноември 2013 год., Салцбург, Австрија | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **53** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>Труд со ред. бр. 14 | 1 | 2 | | | **2** |
| | Труд објавен во зборник од трудови на научен собир<br>Труд со ред. бр. во земјава 15, 18, 22<br>Труд со ред. бр. во странство 10, 11, 12, 13,16, 17, 19, 20, 23 | 3 | 2 | 9 | 3 | **33** |
| | Учество на стручен собир со реферат (усно)<br>Ред. бр. во земјава 7,8,10,11,12<br>Ред. бр. во странство 5, 9 | 5 | 0,5 | 2 | 1 | **4,5** |
| | Член на уредувачки одбор на стручно списание<br>Член на редакциски совет на Годишниот зборник на Факултет за образовни науки (Одлука бр. 2102-246/55 од 9.9.2014 г.)<br>Член на уредувачки одбор на списанието за образование и практика – Воспитание (Одлука бр. 2102-313/16 од 5.11.2014 г.) | 2 | 0,5 | | | **1** |
| | Елаборати и експертизи<br>Дадени активности на стр. 15 | 3 | 2 | | | **6** |
| | Член на факултетски орган, комисија<br>Дадени активности на стр. 15 | 9 | 2 | | | **18** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **64,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **147,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЖИТНИ КУЛТУРИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1302-81/5 од 29 март 2019 година донесена на 163. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 29 март 2019 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *житни култури* на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип во следниов состав:

– д-р Љупчо Михајлов, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев"- Штип (претседател);
– д-р Драгица Спасова, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев"- Штип (член);
– д-р Верица Илиева, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев"- Штип (член).

На Конкурсот, објавен на 20 март 2019 година во дневните весниците „Нова Македонија и „Коха" за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *житни култури* на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип во предвидениот рок се пријави кандидатот **д-р Мите Илиевски**, во звање вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Проф. д-р Мите Илиевски** е роден на 14.4.1972 година во Струмица. Основно образование завршува во с. Босилово, а средното образование - насока Биологија и хемија во Гимназија „Јосип Броз Тито" во Радовиш. По отслужување на воениот рок, во учебната 1991/1992 година се запишува на Земјоделскиот факултет во Скопје, општа насока, каде што дипломира во април 1997 година. Во текот на 1997/1998 година се запишува на постдипломски студии на групата Нивско производство, подгрупа Зрнести и клубенести култури, на Земјоделскиот факултет во Скопје, каде што испитите ги положува со просечна оценка 9,33, а магистерскиот труд под наслов *„Сортна специфичност и ласерска обработка на компирот"* успешно го брани на 6.3.2002 година, со што се стекнува со звање магистер по земјоделски науки.

Докторската дисертација под наслов *„Сортна специфичност на меката пченицата во услови на органско и конвенционално производство"* успешно ја брани на 22.5.2009 година, со што се здобива со академски степен доктор на земјоделски науки.

Во периодот од 2002 до 2007 година работи како асистент-истражувач во Одделението за агротехника во ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури - Струмица. Во тој период активно работи во реализацијата на научноистражувачката и развојната програма на Институтот и бил одговорно лице за агрохемиски анализи на почвата, плодност на почвата и исхрана на растенијата при што извршува голем број научни и апликативни испитувања за одредување на плодноста на почвите низ целата територија на Република Македонија со соодветни препораки за исхрана на растенијата. Во тој период бил одговорно лице за изведување на голем број опити од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија на локалитетите: Струмица, Валандово и Гевгелија со градинарски и полјоделски култури.

Од 2007 година до денес е вработен на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет

(бр. 1802-146/3 од 29.9.2009 год.) е избран во наставно-научно звање доцент по зрнести и клубенести култури, а со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет (бр. 1802-211/6 од 20.5.2014 год.) е избран во наставно-научно звање вонреден професор по житни култури, со кое звање работи и тековно.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

1. Вонреден професор од научната област во којашто се избира (се наведува кога и каде е избран во звање вонреден професор)

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (бр. 1802-211/6 од 20.5.2014 год.) д-р Мите Илиевски е избран во наставно-научно звање вонреден професор по житни култури, во кое звање работи и тековно.

2. Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации

| Бр. | Автор/и | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Spasova, Dragica and Atanasova, Biljana and Valcheva, Darina and Spasov, Dusan and **Ilievski, Mite** and Burovska, Adrijana (2018) | Productive features of oat varieties grown in organic production in the region of Strumica | Bulgarian Journal of Agricultural Science, 24 (3). pp. 398-403. ISSN 1310-0351 SJR **IF 0,223** | 12 |
| 2 | Spasova, Dragica and Valcheva, Darina and Atanasova, Biljana and Burovska, Adrijana and Spasov, Dusan and **Ilievski, Mite** (2018) | Comparative analysis of oats quality grown in conditions of organic production | Comptes rendus de l'Academie bulgare des Sciences. Tome 71, No 3, pp. 437-444. ISSN 1310-1331 (Print) ISSN 2367-5535 (Online) **IF 0,251** | 9 |
| 3 | **Ilievski, Mite** and Mihajlov, Ljupco and Spasova, Dragica and Ilieva, Verica and Markova Ruzdik, Natalija and Vuckov, Pavle (2017) | Oil profile of some genotypes of flax (*Linum usitatissimum* L.) manufactured in the Strumica region, Republic of Macedonia | Journal of Hygienic Engineering and Design, 19. pp. 82-85. ISSN 1857- 8489 | 7 |
| 4 | Vuckov, Pavle and **Ilievski, Mite** and Spasova, Dragica and Mihajlov, Ljupco and Markova Ruzdik, Natalija (2016) | Production properties of flax *(Linum usitatissimum* L.) cultivated in Strumica region, Republic of Macedonia | Agricultural Science and Technology, 8 (4). pp. 280-282. ISSN 1314-412X | 11 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Markova Ruzdik, Natalija and Mihajlov, Ljupco and Ilieva, Verica and Ivanovska, Sonja and Valcheva, Darina and Balabanova, Biljana and **Ilievski, Mite**(2016) | Determination of some macro and micro elements in grain of winter barley genotypes | Agricultural Science and Technology, 8 (1). pp. 51-57. ISSN 1313-8820 | 11 |
| 6 | Spasova, Dragica and Spasov, Dusan and Atanasova, Biljana and **Ilievski, Mite** and Georgievski, Milan (2014) | Examination of some morphological properties of domestic and introduced durum wheat varieties (*Triticum durum* DESF.) in the agri-environment conditions in Strumica, Republic of Macedonia | Science & Technologies, IV (6). pp. 23-27. ISSN 1314-4111 | 24 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот од 2007 година и тековно е вработен на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет (бр. 1802-146/3 од 29.9.2009 год.) е избран во наставно-научно звање доцент по зрнести и клубести култури, а со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет (бр. 1802-211/6 од 20.5.2014 год.) е избран во наставно-научно звање вонреден професор по житни култури, во кое звање работи и тековно. Од 2009 година и тековно проф. д-р Мите Илиевски е вклучен во реализација на наставните активности на студиските програми на Земјоделскиот факултет на прв и втор циклус на студии.

Проф. д-р Мите Илиевски тековно е ангажиран во наставата како вонреден професор по следниве предмети на прв циклус студии: Житни растенија за студентите на Земјоделскиот факултет, предавања и вежби; Фуражни растенија за студентите на Земјоделскиот факултет, предавања и вежби; Клубенести растенија за студентите на Земјоделскиот факултет, предавања и вежби; Легуминозни растенија за студентите на Земјоделскиот факултет, предавања и вежби; Практична работа во поледелството за студентите на Земјоделскиот факултет, предавања и вежби; Преработка на поледелски производи за студентите на Земјоделскиот факултет, предавања и вежби; Педологија за студентите на Земјоделскиот факултет, предавања и вежби.

На втор циклус на студии по предметите: Житни култури за студентите на Земјоделскиот факултет, предавања и вежби; Производство на пченица, `рж и тритикале за студентите на Земјоделскиот факултет, предавања и вежби.

Проф. д-р Мите Илиевски во изминатиот период бил рецензент за избор на двајца соработници, член на комисија за одбрана на четири магистерски тези, ментор на триесетина одбранети дипломски работи, завршни (завршни) испити и бил член на повеќе комисии за одбрана на дипломски работи.

Кандидатот за потребите на студентите на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип има издадено еден учебник, две позитивно рецензирани скрипти и еден практикум, сите објавени во е-библиотека и на е-репозиториумот на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и тоа:

1. **Мите Илиевски**, 2018: Житни растенија, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Земјоделски факултет, учебник, ISBN 978-608-244-567-0;
2. **Мите Илиевски**, 2014: Житни растенија, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Земјоделски факултет, рецензирана скрипта, ISBN 978-608-244-002-6;
3. **Мите Илиевски**, 2013: Интегрално производство на индустриски и фуражни култури, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Земјоделски факултет, рецензирана скрипта,

ISBN 978-608-4708-15-5;

4. **Мите Илиевски**, 2013: Практикум по житни растенија, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Земјоделски факултет, рецензиран практикум, ISBN 978-608-244-003-3.

Кандидатот има објавено повеќе трудови во списанија со меѓународен уредувачки одбор и трудови со фактор на влијание. Има учествувано на повеќе советувања, конгреси и симпозиуми со излагање на сопствени трудови во земјава и во странство. Учествува во реализација и на поголем број на проекти.

Трудовите за избор во доцент на д-р Мите Илиевски се евалуирани и објавени во „Универзитетски билтен“ на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во број 26 од 3.9.2009 година, додека трудовите за избор во вонреден професор се евалуирани и објавени во „Универзитетски билтен“ на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во број 123 од 30.4.2014 година.

**Објавени трудови во меѓународни списанија и меѓународни стручни публикации во последните пет години**

Проф. д-р Мите Илиевски во изминатиот период од последниот избор во звање вонреден професор до денес ги има објавено следниве трудови:

1. Atanasova, Biljana and Spasov, Dusan and Spasova, Dragica and **Ilievski, Mite** (2018): Occurrence of *Tetranychus urticae* on sour cherry trees in Southeastern of Macedonia. Book of proceedings 2018, IX International Scientific Agriculture Symposium “AGROSYM 2018”, Jahorina, 04-07 Oct 2018. pp. 922-926. ISSN ISBN 978-99976-718-8-2

Со овој труд била утврдена динамиката и изнајдени се начини за контрола на популацијата на двоточкастото пајаче во плантажите со вишни. Истражувањето било извршено во текот на 2017 година, во плантажи на вишни, во Југоисточна Македонија (Штип, Струмица и Гевгелија), пред и по бербата на вишните (15.6 – 30.9.2017). Двоточкастото пајаче (*Tetranychus urticae Koch*) е едно од најполифагните „артроподи“ кое се храни на овошките. Распространето е насекаде низ светот и е економски значаен штетник на многу култури. Неговите безбројни домаќини вклучуваат многу плевели, полјоделски култури, украсни растенија, зеленчуци, фуражни култури, како и овошки (јаболка, круша, праска, нектарина, кајсија, цреша, вишна и слива). Броењето на пајачињата е започнато пред бербата. Методот на мониторинг на подвижната популација на двоточкастото пајаче се состои од собирање на 10 листови од 10 случајно одбрани дрва (вкупно 100 листови) на површина од 2 ha. Се бројат листовите кои имаат две или повеќе пајачиња и се проценува бројот на пајаци по лист според табелата за земање мостри (Jones, 1990).

Резултатите покажале дека по бербата на вишните, во текот на летото и есента, бројот на двоточкастото пајаче се зголемува и го надминува економскиот праг (8 – 10 пајачиња на лист), така што е потребно хемиско третирање за да се стави под контрола популацијата на пајачето. Проблемот во РМ е што производителите ретко вршат третирање на вишната по бербата, така што популацијата на пајачето се зголемува, што пак придонесува за намален принос на вишните.

2. Angelova, Kata and Ilieva, Verica and Markova Ruzdik, Natalija and Karov, Ilija and Mihajlov, Ljupco and **Ilievski, Mite** (2018): Examination on yield and some yield associated parameters in different rice genotypes. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 16 (1). pp. 21-25. ISSN 2545-4455

Целта на овој труд била да се оцени приносот на зрно и некои карактеристики поврзани со приносот кај различни генотипови на ориз одгледувани во Република Македонија. За ова истражување биле користени девет генотипови на ориз (*прима риска*, 78 / 12-3-1, 79 / 22-2, *роналдо, ониче, опале, глорија, пато* и *сан андреа*). Сите оризови генотипови се од Италија, освен *прима риска* и две ветувачки линии (78 / 12-3-1 и 79 / 22-2) кои имаат потекло од Македонија. Теренските експерименти се спроведени во текот на 2014 и 2015 година на теренските области во Кочани, Република Македонија. Оваа студија го истражувала ефектот на генотипот и животната средина, но исто така и нивната интеракција врз приносот на зрно. Покрај важноста на генотипот, анализата на варијанса покажала дека приносот на зрно е силно зависен од условите на животната средина (над 87 %). Просечниот принос на зрно ориз за сите тестирани генотипови во текот на испитувањето изнесувал 6 100 kg/ha.

3. Burovska, Adrijana and Spasova, Dragica and Atanasova, Biljana and Spasov, Dusan and **Ilievski, Mite** (2018): Examination of some quality features of oats grown in conditions of organic production. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 16 (2). pp. 9-15. ISSN 2545-4455

Во трудот со број 3 истражувањата биле спроведени во 2015 и 2016 година на 11 овесни генотипови во однос на органското производство. Три од популациите биле домашни: Кривогаштани, Требеништа и Кучевиште. Останатите биле интродуирани сорти, меѓу кои *рајац, славуј* и *ловќен* од Србија и *купа, баранца, експлорер, шампионка* и *истра* од Хрватска. Во првата година од истражувањата, енергијата на ’ртење на семето на овесот се движела од 70% кај сортата *рајац* до 96% кај сортата *купа*. Во втората година од истражувањата, енергијата на ’ртење изнесувала од 81% кај сортата *купа* до 96% кај *истра*. При споредување на сортите се утврдени статистички значајни разлики. Вкупната ’ртливост на овесот, одгледуван во услови на органско производство била статистички различна помеѓу различните генотипови, во двете години на истражување. Во 2015 година, сорта *рајац* имала минимално ’ртење (70%), а во 2016 година, сортата *ловќен* (82%). Вариететот Кривогаштани имал најголем процент на ’ртливост во двете експериментални години (96% во 2015 и 97% во 2016 година). Независно од годината и начинот на производство, генотип со највисока апсолутна маса на зрно била сортата *истра* со 34,6 g во 2015 и 29,6 g во 2016 година. Најмалата апсолутна маса во двете експериментални години имала популацијата Кривогаштани (12.3 g во 2015 и 14.9 g во 2016 година). Била утврдена статистички значајна разлика меѓу сортите.

4. **Ilievski, Mite** and Atanasova, Biljana and Spasov, Dusan and Spasova, Dragica and Ilieva, Verica and Markova Ruzdik, Natalija and Vuckov, Pavle (2018): Protein profile of some genotypes of flax (*Linum usitatissimum* L.) in the Strumica region, Republic of Macedonia. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 16 (2). pp. 17-23. ISSN 2545-4455

Цел на истражувањата во трудот со реден број 4 била да се утврди содржината на протеини во семето од пет генотипови лен, одгледувани во 2014 и 2015 година, во Струмичкиот регион. Содржината на протеини е анализирана со Kjeldahl метод. Резултатите статистички биле обработени по методот на анализа на варијансата, а разликите тестирани со LSD-тест.

Содржината на протеини во ленено семе од тестираните генотипови се движела од 26,9% до 29,4%. Сите генотипови имале висок процент на протеини во семето. Но, генотиповите *белинка* (29,3%) и *велушина* (28,5%) се карактеризираат со највисока просечна содржина на протеини во семето, без оглед на годината на производство. *Белинка* и *велушина* се препорачале како перспективни генотипови за прехранбената индустрија, бидејќи имаат поголема содржина на протеини во семето од другите анализирани генотипови.

5. Gunova, Natasa and Spasov, Dusan and Atanasova, Biljana and Spasova, Dragica and **Ilievski, Mite** (2017): Correlation between population dynamics of *Tuta absoluta* (Lepidoptera: Gelechidae) and climate, at tomato in protected area. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 15 (1/2). pp. 69-74. ISSN 2545-4455

Ова истражување ја потврдува појавата и присуството на лисниот минер *Tuta absoluta* (Meyrick 1917) (Lepidoptera: Gelechidae) кај доматот во заштитен простор во југоисточна Македонија, во периодот од 2015 до 2016 година. За собирање на инсектите биле поставени феромонски мамки, кој е еден од најдобриот метод за мониторинг и детекција на *T. absoluta*. Присуството на *T. absoluta* било докажано со морфолошка анализа на машкиот генитален апарат. Главната цел на истражувањето била да се одреди корелацијата меѓу динамиката на популација на *T. absoluta* и климатските фактори во два производни системи – интегрален и конвенционален во текот на две сезони, пролет и есен, кај доматите во заштитен простор. Корелацијата е прикажана со статистичка анализа на резултатите со примена на софтверски пакет за статистичка обработка на податоците, SPSS 19.

6. Ilieva, Verica and Markova Ruzdik, Natalija and Karov, Ilija and Mihajlov, Ljupco and **Ilievski, Mite** and Kovacevik, Biljana (2017): Genetic variability for yield and some yield-related traits in rice (*Oryza sativa* L.). Journal of Agriculture and Plant Sciences, 15 (1/2). pp. 75-80. ISSN 2545-4455

Во агроеколошките услови во Република Македонија во 2014 и 2015 година биле одгледувани четиринаесет сорти ориз од Италија (*арсенал, нембо, роналдо, галилео, спринт,*

*улисе, кристалино, мирко, сфера, глорија, пато, кресо, васко* и *сан андреа*), со цел да се оцени генетската варијабилност на приносот и некои поважни карактеристики поврзани со приносот, како што е бројот на метлички по $m^2$, висината на растенијата, должината на метличка, бројот на зрна по метличка, тежината на зрна по метличка и тежината од 1000 зрна. Статистичката анализа покажала дека фенотипскиот коефициент на варијабилноста е повисок од генотипскиот коефициент на варијабилност за сите испитувани карактеристики. Највисоки вредности за генотипски и фенотипски коефициенти биле добиени за бројот на зрна по една метличка (GCV = 48,51%, PCV = 55,02%) и височина на растенијата (GCV = 46,23%, PCV = 48,85%).

7. **Ilievski, Mite** and Mihajlov, Ljupco and Spasova, Dragica and Ilieva, Verica and Markova Ruzdik, Natalija and Vuckov, Pavle (2017): Oil profile of some genotypes of flax (*Linum usitatissimum* L.) manufactured in the Strumica region, Republic of Macedonia. Journal of Hygienic Engineering and Design, 19. pp. 82-85. ISSN 1857- 8489

Целта на истражувањата во овој труд била да се утврди содржината на масло во семето од пет генотипови лен, одгледувани во 2014 и 2015 година, во Струмичкиот регион. Генотипот *велушина* бил користен како стандардна сорта. Добиената просечна содржина на масло се движела од 20,0% кај генотипот *велушина* до 30,9% кај генотипот *белинка*. Генотипот *белан* се карактеризирал, исто така, со висока содржина на масло, 30,8%. Сите испитувани генотипови имале поголема содржина на масло во семето во однос на стандардот и се сметаат како доста перспективни во индустријата за масло.

8. Vuckov, Pavle and **Ilievski, Mite** and Spasova, Dragica and Mihajlov, Ljupco and Markova Ruzdik, Natalija (2016): Production properties of flax (*Linum usitatissimum* L.) cultivated in Strumica region, Republic of Macedonia. Agricultural Science and Technology, 8 (4). pp. 280-282. ISSN 1314-412X

Испитувања во трудот со реден број 8 биле направени на различни генотипови на лен во текот на 2014 и 2015 година во Струмичкиот регион. Највисок принос по единица површина (ha), независно од годината на испитувањето имал *дуферин* (745 kg/ha), а најмал *белинка* (495 kg/ha). Статистички сигурна разлика е забележана кај сите генотипови на лен (*велушина, дуферин, белан, викинг* и *белинка*) за испитуваното својство. Најголем број на чушки по растение во зависност од годината на испитување имала *велушина* (129,1), а најмал *белан* (69,5). Статистички сигурна разлика била забележана кај сите генотипови на лен за својството број на чушки по растение.

9. Markova Ruzdik, Natalija and Mihajlov, Ljupco and Ilieva, Verica and Ivanovska, Sonja and Valcheva, Darina and Balabanova, Biljana and **Ilievski, Mite** (2016): Determination of some macro and micro elements in grain of winter barley genotypes. Agricultural Science and Technology, 8 (1). pp. 51-57. ISSN 1313-8820

Целта на оваа студија била да се утврди содржината на некои макро и микро елементи во зрно од зимски генотипови на јачмен како и да се утврдат односите меѓу тие елементи и приносот на зрно. Експериментот бил спроведен во периодот 2012/2013 и 2013/2014 година на истражувачки полиња на Земјоделскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, на две локации во Република Македонија, Овче Поле и Струмица. Вкупно 21 генотипови се користеле како експериментален материјал, од кои 5 македонски, 2 хрватски, 2 српски и 12 бугарски генотипови. Содржината на Na, Mg, P, Ca, Fe, Cu и Zn била утврдена со масена спектрометрија со индуктивно поврзана плазма (ICP-MS). За време на периодот на истражувањето, концентрацијата на сите испитани елементи била поголема кај генотиповите кои се одгледуваат во локалитетот Струмица во споредба со Овче Поле. Во двете локации, за сите анализирани особини биле утврдени значителни разлики помеѓу испитуваните генотипови на јачмен. Во локалитетот Овче Поле, генотипот Линија 2 бил побогат со макро и микро елементи, додека пак во струмичкиот локалитет, генотиповите *извор* и *НС 565 2Р*. Општо земено, во двете локации, генотиповите на јачмен биле сиромашни со макро и микро елементи. Во двете локации не е утврдена значајна корелација помеѓу содржината на макро и микро елементи и приносот на зрно.

10. Spasova, Dragica and Spasov, Dusan and Atanasova, Biljana and **Ilievski, Mite** and Burovska, Adrijana (2016): Examination of the biological properties of oats grown in condition of organic production. Yearbook, Faculty of Agriculture, Goce Delcev University - Stip, 14 (1). pp. 29-34. ISSN 1857-8608

Во ова истражување биле вршени испитувања на две квалитетни својства, енергија на `ртење и вкупна `ртливост на 11 генотипови овес, три домашни популации, три сорти интродуирани од Србија и пет сорти од Хрватска при услови на органско производство. Анализите покажале дека најголема енергија на `ртење и најголем процент на вкупна `ртливост имала хрватската сорта *купа* (96% и 96%, соодветно), а најмала енергија на `ртење и најмал процент на вкупна `ртливост српската сорта *рајац* (70% и 74 %, соодветно). Помеѓу сортите постоеле статистички значајни разлики.

11. Ilieva, Verica and Karov, Ilija and Mihajlov, Ljupco and **Ilievski, Mite** and Markova Ruzdik, Natalija and Zlatkovski, Vasko (2016): Influence of lodging of rice during vegetation on rice milling yield and quality. Yearbook, Faculty of Agriculture, Goce Delcev University, XIV (1). pp. 49-59. ISSN 1857- 8608

Експерименталниот материјал бил произведуван во Кочанскиот регион, на експериментални полиња на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Земјоделски факултет, Институтот за ориз во текот на 2014 и 2015 година. Пораното прибирање имало значително поголемо влијание врз процентот на скршени зрна, до 78,03% повеќе во споредба со контролата и за 40,36% во однос на подоцното прибирање.

12. Sofijanova, Elenica and Dimovska, Violeta and **Ilievski, Mite** and Andronikov, Darko and Necev, Borce and Ristovska, Dafina (2015): Managing the achievement process through selfcontrol. International scientific on-line journal "Science & Technologies", 5 (7). pp. 1-5. ISSN 1314-4111

Авторите во овој труд се насочиле кон утврдување на одредени варијабли кои влијаат на квалитетот на работа. За да се постигне контрола на квалитет, варијаблите мора да се контролираат, а кои најчесто произлегуваат од активностите на човекот, природата на материјалите и од опремата. Овие моменти се разгледуваат преку истражување на пазарот, преку рекламирање и нов пристап кон работниот процес. Менаџерите ја имаат контролата во свои раце само кога го креираат системот и создаваат клима во која нивните потчинети може да имаат самоконтрола. Потоа ќе можете да создадете и механизми за да обезбедите јасни стандарди за постигнување одредени успеси во сите области, поддржани со соодветна обука и работни места. Интеракцијата меѓу менаџерот и работникот значи целосна посветеност од двете страни во реализација на целите што треба да се договорат во форма на „договор" за степенот на постигнати резултати.

13. **Ilievski, Mite** and Spasova, Dragica and Mihajlov, Ljupco and Markova Ruzdik, Natalija and Ilieva, Verica and Sofijanova, Elenica (2015): Production and balance among of cereal plants in Republic of Macedonia. Yearbook - Faculty of Agriculture, 13 (1). pp. 129-138. ISSN 1857- 8608

Во овој стручен труд е прикажано производството на жита во Република Македонија во 2014 година.

Производството на жита според испитувањата се остварува со производство на зрно од пченица (287 454 t), јачмен (153 055 t) и пченка (136 930 t). `Рж, ориз и овес се произведуваат во помали количини. Житните растенија не ја задоволуваат домашната побарувачка, иако тие имаат стратешко значење и се најзастапени култури.

Просечното годишно производство на житни култури е околу 546 760 тони со просечен принос на сите житни култури на околу 3.38 t/ha.

14. Spasov, Dusan and Spasova, Dragica and **Ilievski, Mite** and Atanasova, Biljana (2015): The influence of the temperature at the intensity of the spread of the cotton bollworm (*heliothis obsoleta* fabr. = *helicoverpa armigera* hb.) as a pest of the peppers in the Strumica region. Yearbook - Faculty of Agriculture, 13 (1). pp. 113-119. ISSN 1857- 8608

Во овој труд е прикажан интензитетот на појава на памуковата совица во зависнот од температурата. Анализите покажале дека најголема бројност на испилени ларви од овој инсект имало во месеците јули и август, кога има највисоки средномесечни температури, а најмала бројност е забележана во годината со најниска средномесечна температура.

15. Spasov, Dusan and Spasova, Dragica and Atanasova, Biljana and **Ilievski, Mite** and Georgievski, Milan (2014): Effectiveness of some insecticide - acaricide to the eradication of *Aculops lycopersicae* M. at tomatoes grown in greenhouses. Yearbook - Faculty of Agriculture, 12 (1). pp. 93-100. ISSN 1857- 8608

Целта на испитувањата во овој труд била да се оцени ефикасноста на некои инсектициди - акарициди, кои најчесто ги користат земјоделските производители за контрола на популацијата на црвено-кафеавото пајаче *Aculops lycopersicae*. Ефикасноста на инсектицидите - акарицидите е пресметана по Abbott, по 1, 3 и 7 дена од третирањето. Според овие испитувања, активната материја propargite и покрај високата ефикасност не се препорачува за употреба во пластениците за сузбивање на пајачето поради искажаниот ефект на фитотоксичност или доколку се употребува апликацијата да се изведува при пониски температури.

16. Spasova, Dragica and Spasov, Dusan and Atanasova, Biljana and **Ilievski, Mite** and Georgievski, Milan (2014): Examination of some morphological properties of domestic and introduced durum wheat varieties (*Triticum durum* DESF.) in the agri-environment conditions in Strumica, Republic of Macedonia. Science & Technologies, IV (6). pp. 23-27. ISSN 1314-4111

Во овој научен труд се прикажани морфолошките карактеристики: должина на клас, број на клавчиња во клас, број зрна во клас и принос на зрно во клас, на две домашни и шест интродуирани сорти (една од Србија и пет од Бугарија) тврда пченица во агроеколошките услови на Струмица, Република Македонија. Анализите покажале дека бугарските сорти тврда пченица *предел* и *звездица* имаат најповолни морфолошки карактеристики.

17. Sofijanova, Elenica and Krsteski, Goran and **Ilievski, Mite** and Andronikov, Darko and Jovanov, Tamara (2014): Job satisfaction (an employees) is general attitude toward the job. International scientific on-line journal "Science & Technologies", IV (7). pp. 11-14. ISSN 1314-4111

Овој труд детално ја опишува работната сатисфакција како главен мотив на вработениот кон работните активности. Организацискиот систем на наградување често има значајно влијание врз степенот на задоволство на вработените. Освен нивното директно влијание, начинот на кој надворешните награди се дисперзирани може да влијае и на внатрешните награди (и задоволството) на примателите. Довербата исто така е сè поважно прашање за денешните менаџери. Довербата е позитивно очекување дека другиот нема - преку зборови, акции или одлуки – да дејствува опортунистички. Организациското однесување исто така се занимава со ефектот од работата на вработените, додека менаџерите треба да се занимаваат со ефектите и задоволството од работата на своите вработени.

18. **Ilievski, Mite** and Spasova, Dragica and Mihajlov, Ljupco and Markova Ruzdik, Natalija and Spasov, Dusan and Kukutanov, Risto and Georgievski, Milan (2014): Organic production of mixed cereal crops. Yearbook, Faculty of Agriculture, Goce Delcev University - Stip, 12 (1). pp. 83-92. ISSN 1857-8608

Во трудот со реден број 18 авторите дошле до констатација дека за зголемување и стабилизирање на приносите е потребно да се направи систематски приод во изборот на високоприносни генотипови, избор на соодветни комбинации за здружени посеви и примена на соодветна агротехника. Во овој труд како материјал за работа биле користени различни генотипови од три вида на житни растенија: мека пченица,`рж и тритикале поставени во одредена комбинација на здружени посеви. Резултатите за приносот на зрно добиени во овој систем на производство на мешани житни култури се движеле во рамките од 4240 kg/ha до 8520 kg/ha. Независно од годините и варијантите во експериментот, општиот просечен принос од мешани житни култури во органскиот производен систем изнесувал 5884,4 kg/ha.

19. Spasova, Dragica and Mitrev, Sasa and Spasov, Dusan and Atanasova, Biljana and **Ilievski, Mite** (2014): Variety specifity of two rows barley in Republic of Macedonia. Scientific works, 3 (1). pp. 247-252. ISSN 1314-961X

Истражувањата во овој труд биле спроведени во периодот 2012/2013 и 2013/2014 година, кога била анализирана сортната специфичност на различните генотипови двореден јачмен во Република Македонија. Испитувањата биле изведени на пет сорти јачмен (*линија ЗЈА Ј/1, линија ЗЈА Ј/2, хит, НС 293* и *егеј*). Биле испитувани просечната височина на растенијата, должина на класот, број на зрна во класот и принос на зрно. Споредено помеѓу сортите, биле утврдени статистички значајни разлики на ниво од 0,05.

20. Spasova Dragica, Spasov Dusan, Atanasova Biljana, **Ilievski Mite** (2014): Examination of some morphological features of domestic populations of flax (*Linum ustitassimum*

L.), in the agroecological conditions in Strumica, Republic of Macedonia. In: Zbornik radova sa XIX Savetovanja o biotehnologii sa megjunarodnim ucescem. Agronomski fakultet, Cacak, pp. 59-64. ISBN 987-86-87611-31-3

Испитувањата биле вршени две години (2007 и 2008) на пет генотипови лен, од кои 4 се домашни популации интермедиерен (преоден) лен (*велушина, дуферин, белан, белинка*) и една интродуирана сорта од Франција на влакнодаен лен (*викинг*). Во овој труд авторите ги испитувале морфолошките карактеристики кај наведените сорти лен во агроеколошки услови на Струмица. Испитувани биле: број на семки во плод, број на плодови по растение, апсолутна маса на семето, најголема просечна височина на растение и просечен принос на семе по растение. На сите својства била извршена статистичка анализа и биле утврдени статистички значајни разлики.

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија опфатени во СЦИ (списанија со фактор на влијание)**

21. Spasova, Dragica and Atanasova, Biljana and Valcheva, Darina and Spasov, Dusan and **Ilievski, Mite** and Burovska, Adrijana (2018): Productive features of oat varieties grown in organic production in the region of Strumica. Bulgarian Journal of Agricultural Science, 24 (3). pp. 398-403. ISSN 1310-0351 SJR (**IF 0,223)**

Во овој оригинален научен труд целта на истражувањата била да се утврди приносот и компонентите на приносот од 11 генотипови овес, одгледувани во 2015 и 2016 година, во Струмичкиот регион. Генотиповите покажале различни вредности речиси за сите анализирани компоненти на приносот и врз основа на сигнификантноста на разликите во испитуваните вредности се поделени во групи. Од сите генотипови, одгледувани во реонот на Струмица, со најголем вкупен принос на зрно по години се сортите *купа* (3 850 kg/ha и 2 866 kg/ha) и *истра* (3 600 kg/ha и 3 666 kg/ha). Испитуваните 11 сорти се распределени во 3 кластери. Третиот кластер ги вклучува сортите *купа* и *истра*, кои се најприносни.

Преку направената анализа на варијанса се утврдило дека факторот генотип има најголемо влијание врз следниве компоненти на принос: бројот на клавчиња во метлицата, должината на метлицата, височината на растението и приносот на зрно во метлицата.

22. Spasova, Dragica and Valcheva, Darina and Atanasova, Biljana and Burovska, Adrijana and Spasov, Dusan and **Ilievski, Mite** (2018): Comparative analysis of oats quality grown in conditions of organic production. Comptes rendus de l'Acade'mie bulgare des Sciences, 71 (3). pp. 437-444. ISSN 2367-5535 (**IF 0,251)**

Во овој оригинален научен труд испитувањата се вршени во 2015 и 2016 година на 11 генотипови овес при услови на органско производство. Од нив 3 генотипови се домашни (*кривогаштани, требеништа* и *кучевиште*), 3 генотипови српски (*рајац, славуј* и *ловќен*) и 5 генотипови се со хрватско потекло (*купа, барања, експлорер, шампионка* и *истра*). Генотиповите покажале различни просечни вредности речиси за сите анализирани компоненти на приносот и врз основа на сигнификантноста на разликите во просечните вредности се поделени во групи. Од сите генотипови, одгледувани во реонот на Струмица, со најголем просечен принос на зрно средно за двете години се сортите на овес *истра* и *купа* (3 633 kg/ha и 3 358 kg/ha). Силна позитивна корелација е утврдена помеѓу приносот на зрното по метлицата и приносот на зрно по 1 ха (0.716). Од распределбата на компонентите на приносот и приносот на зрно во факторијалната рамнина е добиено дека приносот може да се зголеми само со одбирање на метлици со висок принос на зрно.

**Во периодот помеѓу двата избори, кандидатот учествува со трудови како автор или коавтор на следните научни собири:**

1. Burovska, Adrijana and Spasova, Dragica and Atanasova, Biljana and Spasov, Dusan and **Ilievski, Mite** (2018): Examination of some quality features of oats grown in conditions of organic production. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018), 10-11 May 2018, Stip, Macedonia.

2. **Ilievski, Mite** and Atanasova, Biljana and Spasov, Dusan and Spasova, Dragica and Ilieva, Verica and Markova Ruzdik, Natalija and Vuckov, Pavle (2018): Protein profile of some genotypes of flax (*Linum usitatissimum* L.) in the Strumica region, Republic of Macedonia.

In: First International Meeting "Agriscience & Practice" (ASP 2018), 10-11 May 2018, Stip, Macedonia.

3. Angelova, Kata and Ilieva, Verica and Markova Ruzdik, Natalija and Karov, Ilija and Mihajlov, Ljupco and **Ilievski, Mite** (2018): Examination on yield and some yield associated parameters in different rice genotypes. In: First International Meeting "Agriscience & Practice" (ASP 2018), 10-11 May 2018, Stip, Macedonia.

4. Spasova, Dragica and Burovska, Adrijana and Atanasova, Biljana and Spasov, Dusan and **Ilievski, Mite** (2017): Analysis of the quality of oats (*Avena sativa L.) grown in conditions of organic production. In: XXII Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem, 10-11 March 2017, Čačak, Serbia*.

5**. Ilievski, Mite** and Mihajlov, Ljupco and Spasova, Dragica and Ilieva, Verica and Markova Ruzdik, Natalija and Vuckov, Pavle (2016): Oil profile of some genotypes of flax (*Linum usitatissimum* L.) manufactured in the Strumica region, Republic of Macedonia. In: Nutricon 2016 - Food Quality & Safety, Health & Nutrition 2016, 01-02 Dec 2016, Skopje, Republic of Macedonia.

6. Markova Ruzdik, Natalija and Valcheva, Darina and Valchev, Dragomir and Mihajlov, Ljupco and Karov, Ilija and Ilieva, Verica and Balabanova, Biljana and **Ilievski, Mite** (2015): Determination of some macro and micro elements in grain of winter barley genotypes. In: Scientific Anniversary Conference, 19-20 May 2015, Stara Zagora, Bulgaria.

7. Spasova, Dragica and Mitrev, Sasa and Spasov, Dusan and Atanasova, Biljana and **Ilievski, Mite** (2014): Variety specificity of two rows barley in Republic of Macedonia. In: International Scientific Conference „Breeding and Technologies of Field Crops", 27-28 Nov 2014, Karnobat, Bulgaria.

8. Ilieva, Verica and Karov, Ilija and Mihajlov, Ljupco and Markova Ruzdik, Natalija and **Ilievski, Mite** (2014): Effect of rice moisture at harvest and rough rice storage time on milling yield and grain breakage. In: International Scientific Conference "Breeding and Techologies Field Crops", 27-28 Nov 2014, Karnobat, Bulgaria.

9. **Ilievski, Mite** and Spasova, Dragica and Mihajlov, Ljupco and Georgievski, Milan and Markova Ruzdik, Natalija (2014): Production potential of mixed cereal crops in the Strumica region. In: International Scientific Conference "Breeding and Technologies Field Crops", 27-28 Nov 2014, Karnobat, Bulgaria.

Сите трудови на кандидатот се прикачени на е-репозиториумот на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

***Учество во научноистражувачки проекти***

Кандидатот во текот на работниот век учествувал во реализација на повеќе научноистражувачки проекти. Во периодот помеѓу двата избори се реализирани два проекти и тоа:

1. **Ilievski, Mite** and Mihajlov, Ljupco and Spasova, Dragica and Kukutanov, Risto and Markova Ruzdik, Natalija and Vuckov, Pavle (2015): Opportunities for growing a mixed crops in field plant production.

2. Spasova, Dragica and Spasov, Dusan and **Ilievski, Mite** and Atanasova, Biljana and Burovska, Adrijana (2015): Органско производство на пролетен овес: потребни сортни карактеристики.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Вонреден професор д-р Мите Илиевски учествува во стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип од кои како позначајни се:

- Учесник во реализација на практична настава и стручна посета на Земјоделскиот институт во Карнобат, Народна Република Бугарија (Одлука бр.1302-86/11 од 30.3.2016 година);
- Учесник во реализација на практична настава и стручна посета на Земјоделскиот институт во Нови Сад, Република Србија;
- Раководител на Опитен центар на Земјоделски факултет во Струмица за индустриски култури (Одлука бр.1802-309/11 од 14.8.2013 година);

- Координација на групата за почва и почвени ресурси на ЛЕАП на Општина Струмица;
- Ко-соработка и членување во проектниот тим одговорен за имплементација и одржување на системот за управување со околината на Општина Струмица, согласно со Стандардот на ISO 14001:2004;
- Координација на групата одговорна за почва и искористување на земјиштето на ЛЕАП на Општина Босилово.

***Член на универзитетски или факултетски органи и комисии и владини тела***

- Член на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
- Член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
- Член во постојана група за уредување на земјоделски пазари на житни растенија во МЗШВ на РМ (Решение бр. 02-4718/10 од 26.10.2018 година);
- Член на Пописна комисија на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип за Наставен центар – Струмица за 2014 година;
- Член на Комисија за самоевалуација на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
- Ментор на практична настава за студентите од прв циклус на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев"- Штип во Наставен центар – Струмица за 2014/2015, 2015/2016 и 2016/2017 година;
- Ментор на практична настава за студентите од прв циклус на Земјоделски факултет при УГД – Штип во Наставен центар - Прилеп за 2018/2019 година;
- Член на Комисијата за изготвување на дескриптори за студиските програми на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
- Член е на организацискиот и научен одбор за меѓународното научно-стручно советување „Агронаука и пракса" на Земјоделски факултет при УГД – Штип;
- Раководител на пракса за програмата Еразмус+за размена на студенти за 2014/2015 година на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев"- Штип во Наставен центар Струмица (Одлука бр.1802-88/10 од 24.2.2014 година).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Мите Илиевски во своето научноистражувачко, стручно и работно искуство од областа на житните култури има постигнато видни и значително забележителни резултати. Во оваа област, кандидатот има искуство и како наставник, одржувајќи настава на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Согласно со претходно изнесените податоци, како и согласно со Законот за високо образование, Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и распишаниот Конкурс, д-р Мите Илиевски во целост ги исполнува сите предвидени услови да биде избран во звање редовен професор во наставно-научната област *житни култури* на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип **да го усвои предлогот д-р Мите Илиевски да биде избран во звање редовен професор за наставно-научната област житни култури на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на д-р Мите Илиевски во звање редовен професор за наставно-научната област житни култури на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Љупчо Михајлов, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Драгица Спасова, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Верица Илиева, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Избор во звање вонреден професор | | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Монографија или научна книга | 1 | 10 | | | 10 |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори)<br>трудови бр.<br>Останати автори: 21,22 | | | 2 | 5 | 10 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>трудови бр.<br><br>прв автор: 4, 7<br>втор автор: 8<br>останати автори: 1, 2, 3, 5, 6, 9, 12, 16, 17, 19 | | | 2<br>1<br>10 | 9<br>6<br>3 | 18<br>6<br>30 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>(во земјава: 10, 11, 13, 14,15, 18)<br>(во странство: 20) | 6 | 2 | 1 | 3 | 12<br>3 |
| | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | | | | | |
| | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | | | | | |
| | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | | | | | |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | 4 | 1 | 5 | 1,5 | 11,5 |
| | Одбранета докторска дисертација | | | | | |
| | Одбранет магистерски труд | | | | | |
| | Раководител на научен проект | 1 | 4 | | | 4 |
| | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) | 1 | 2 | | | 2 |
| | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | | | | | |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | | | | | |
| | Уредник на зборник на трудови | | | | | |
| | Уредник на зборник на трудови од научен собир | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | | | | | |
| | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 1 | | | 1 |
| | Основач на научна лабораторија | | | | | |
| | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | | | | | |
| | Студиски престој во странство | | | | | |
| | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 2 | 1 | | | 2 |
| | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | | | | | |
| | Учество во ликовна колонија/симпозиум со ликовно дело | | | | | |
| | Монументално ликовно дело | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| | | | | | | **109,5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Книга | | | | | |
| | Поглавје од книга | | | | | |
| | Речник | | | | | |
| | Стручна монографија | | | | | |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание | | | | | |
| | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | | | | | |
| | Пленарно предавање на стручен собир | | | | | |
| | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | | | | | |
| | Уредник на стручно списание | | | | | |
| | Член на уредувачки одбор на стручно списание | | | | | |
| | Уредник на зборник на трудови од стручен собир | | | | | |
| | Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир | | | | | |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | | | | |
| | Прифатени иновации, патент | | | | | |
| | Техничко унапредување | | | | | |
| | Изработен и рецензиран програмски пакет | | | | | |
| | Елаборати и експертизи | | | | | |
| | Изготвување на извештаи од анализи | | | | | |
| | Стручни награди и признанија | | | | | |
| | Ректор | | | | | |
| | Проректор | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Претседател на универзитетски или владини тела | | | | | |
| | Декан | | | | | |
| | Продекан | | | | | |
| | Шеф на институт | | | | | |
| | Раководител на завод | | | | | |
| | Член на универзитетски или владини тела | 1 x 5 | | | | 5 |
| | Член на факултетски орган, комисија | 8 x 2 | | | | 16 |
| | Член на институтски орган, комисија | | | | | |
| | Класен раководител, согласно со Кредит-трансфер системот - ЕКТС (за четири години) | 5 x 4 | | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **41** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **190,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОФТАЛМОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-56/44 од 18.2.2019 година донесена на 217. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 18.2. 2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област *офталмологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:

- д-р Драган Веселиновиќ, редовен професор за наставно-научната област офталмологија, вработен на Медицински факултет на Универзитетот во Ниш, Р. Србија - претседател;
- д-р Гордана Златановиќ, редовен професор за наставно-научната област офталмологија, вработена на Медицински факултет на Универзитетот во Ниш, Р. Србија - член;
- д-р Зденка Стојановска, вонреден професор за наставно-научната област биофизика, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 15.10.2018 година и во предвидениот рок се пријави **доц. д-р Весна Марковска-Челева**, доктор на медицински науки, специјалист по офталмологија, вработена на Клиниката за очни болести во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Доц. д-р Весна Марковска-Челева** е родена 14.4.1961 г. во Скопје. Основно училиште завршува во Скопје. Средно училиште завршува во Batavia High School во Чикаго, Соединети Американски Држави. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се запишува во учебната 1980/1981 год. и истиот го завршува во март 1987 год. со просечен успех 8,5.

На Клиниката за очни болести во Скопје се вработува во март 1990 година. Специјалистичкиот испит по офталмологија го положува на 4 мај 1995 година и се стекнува со звање специјалист-офталмолог.

Магистерскиот труд го брани во јуни 2004 година и се здобива со звање магистер на медицински науки.

Во април 2008 година се стекнува со звањето примариус.

Докторската дисертација „*Евалуација на трансплантационите техники на хируршко лекување на птеригиум и хистоморфолошка проценка на ризик од рецидив*“ ја брани на 29 април 2013 година и се стекнува со звање доктор на медицински науки.

Во мај 2014 се стекнува со наставно-научно звање доцент при Медицинскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Престојувала повеќе пати на различни подолготрајни стручни престои во странство во Словенија, Универзитетска Очесна клиника Љубљана, во Обединето Кралство на Оксфордскиот универзитет, во Германија на Универзитетот во Гисен, во Холандија на Клиниката за очни болести во Ротердам и стручна обука во претставништвото на Topcon Europe B.V., во Ротердам, во Украинa, Во микрохируршкиот офталмолошки центар во Киев, во Шпанија, ФИСАБИО во Валенсија и краткотрајни престои во Белград, Софија, Атина и Солун.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен вонреден професор***

1 Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, УГД – Штип (Решение број 2502-110/11 од 6 мај 2014 г.), д-р Весна Марковска-Челева е избрана во наставно-научната област офталмологија, во звање доцент);

2 Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или три научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните пет години.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународно научно списание/ меѓународна публикација | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **В.Челева Марковска**, К.Блажевска Бужаровска | Доцни постоперативни компликации по ексцизија на надворешно перде и лимбална конјунктивална автотрансплантација | Macedonian journal of ophthalmology 2015, No 2/ vol 1. 2:32-37 | 2014 |
| 2. | **В.Челева Марковска**. | Duan ретракциски синдром кај близнаци-приказ на случај | Macedonin journal of ophthalmology 2016, No 2/ vol. 3:31-35 | 2014 |
| 3. | **V.Cheleva Markovska** S.Blazeska | Marcus-Gunn syndrome-case report | Acta Morphologica 2017 Vol.14(1):53-55 | 2004 |
| 4. | **V.Cheleva Markovska** | Clinical and genetic characteristic of autosomal dominant Stargardt-like disease. | Acta Morphologica 2017; Vol 14(2);23-30 | 2004 |
| 5. | **V.Cheleva Markovska** | The principles of anisometropic amblyopia treatment | Physioacta 2017, Vol.11-2:93-102 | 2007 |
| 6. | **V.Cheleva Markovska** L.Spasovska | A sporadic case of bilateral nasal and temporal pterygim on both eyes. | South-East Europian Journal of Ophthalmology 2018,1(1) 31-33 | 2004 |
| 7. | **V.Cheleva Markovska** D.Jakimovska | Clinical manifestation and progressive sensoroneural hearing loss in the patients with retinitis pigmentosa | Physioacta 2018 Vol:12-1;37-44 | 2007 |

I. **Наставно-образовна дејност**

Во текот на 1995 година, д-р Весна Марковска-Челева е избрана за помлад асистент по предметот Офталмологија, а од 1996 до 2003 г. е избрана и реизбрана во звањето асистент. Сè до октомври 2006 година континуирано е вклучена во теоретските и практични часови на студентите по медицина и стоматологија. При изведувањето на оваа едукативна дејност солидно стручно и педагошки подготвена се залага студентите успешно да ја совладаат материјата предвидена со програмата. Од 2012 година е вклучена како коментор и едукатор на специјализанти по офталмологија на Клиниката за очни болести.

Од учебната 2014/2015 година, доц. д-р Весна Марковска-Челева активно е вклучена во предавањата по офталмологија и стручни оптометриски предавања по предметите: Техника на изработка на офталмолошки помагала, Процеси на изработка на офталмолошки помагала, Практична изработка на офталмолошки помагала, Контактни леќи 1 и 2, Фармакологија на око, Основи на офталмологија и Офталмологија на Високата школа за оптометрија при Медицинскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Ментор е на повеќе дипломски работи и член на комисии за оценка или одбрана на дипломска работа. Од 2017 година е вклучена во менторската едукација на специјализантите по офталмологија при Медицинскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Автор е на рецензирана скрипта и практикум издадена при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип:

Доц. д-р Весна Марковска Челева (2018). Скрипта - Контактологија. Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип: ISBN: 978-608-244-565-6; http://e-lib.ugd.edu.mk/765

Доц. д-р Весна Марковска Челева (2018). Практикум - Контактологија. Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип: ISBN: 978-608-244-564-9; http://e-lib.ugd.edu.mk/766

II. **Научноистражувачка дејност**

Доц. д-р Весна Челева-Марковска во последните 5 години има објавено 7 труда во списанија со меѓународен уредувачки одбор и 1 труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно популарно списание. Покрај тоа, доц. д-р Весна Челева-Марковска во последните 5 години има објавено 7 труда во списанија со меѓународен уредувачки одбор.

**Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија**

1. **В. Челева Марковска,** К. Блажевска Бужаровска. Доцни постоперативни компликации по екцизија на надворешно перде и лимбална конјунктивална автотрансплантација, Macedonian journal of ophthalmology, Скопје, број 2/ волумен 2/ 2015

Цел на авторите е евалуација на хируршката метода на екцизија на птеригиум и лимбален конјунктивален автотрансплант од долно темпоралната булбарна конјунктива преку следење на доцните постоперативни компликации - рецидиви. Оваа хируршка метода е ефикасна хируршка метода бидејќи честотата на повторното јавување на птеригиумот е ниска. Модифицираната хируршка техника со употреба на графт од долно темпоралната булбарна конјунктива се препорачува затоа што горната темпорална конјунктива останува здрава за евентуални идни хируршки интервенции.

2. **В. Челева Марковска.** Дуан ретракциски синдром кај близнаци-приказ на случај. Macedonian journal of ophthalmology, Скопје, број 2/ волумен 3/ 2016

Дуан ретракцискиот синдром е вродено ограничување на хоризонталното движење (моталитет) на окото и ретракција на очното јаболко и намалување на палпебралниот отвор при поглед во аддукција. Иследувањето на овој редок ретракциски синдром кај близнаци е од голема важност, особено за одредување на влијанието на генетиката и наследноста на овој синдром. Во трудот се прикажани еднојајчени близнаци од женски пол со Даунов ретракциски синдром.

3. **V. Cheleva Markovska, S. Blazevska.** Marcus Gunn Syndrome -case report Acta Morphologica, International Journal of the Macedonian Association of anatomists and morphologists, Skopje Vol.14 (1) 2017, p53-55

Прикажано е 10-месечно женско бебе со Маркус Гунов синдром. При иследувањето е забележано ритмичко подигање на десниот спуштен капак, кое се јавува кога детето цица. Очите се поставени во ортофорија во примарната позиција. Авторите заклучуваат дека е неопходно да се иследи секоја конгенитална птоза и да се разграничи дали е поврзана со Маркус Гуновиот синдром, бидејќи пристапот и лекувањето на овој синдром се разликува од третманот на другите вродени птози.

4. **V. Cheleva Markovska.** The principles of anisometropic amblyopia treatment Physioacta, Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropoloists, Skopje, 2017, Vol.11-No2, p93-102

Целта на иследувањето во трудот е следење на различни методи на третирање на анизометропна амблиопија без кривогледство. Децата кои започнале со лекување на анизометропната амблиопија подоцна не постигнале најдобра видна острина. Авторите истакнуваат доколку се применува 8-часовно затворање на доминантното око се постигнува добра видна острина кај слабовидото око.

5. **V. Cheleva Markovska.** Case report -Clinical and genetic characteristic of autosomal dominant Stargardt-like disease. Acta Morphologica, International Journal of the Macedonian Association of anatomists and morphologists, Skopje, 2017, Vol.15 (2)

Прикажан е случај на 7-годишно момче со Старгардова дистрофија. Изведени се и дискутирани повеќе офталмолошки дијагностички методи како биомикроскопија,

офталмоскопија, оптичка кохерентна томографија, флуресценска ангиографија и електроретинографија, како и одредени генетски иследувања со кои се потврди дијагнозата на ова ретко наследно заболување.

6. **V. Cheleva Markovska, L. Spasevska.** A sporadic case of bilateral nasal and temporal pterygium on both eyes**.** South-East European journal of ophthalmology, 2018;1(1)31-33

Прикажан е редок случај на билатерален назален и темпорален птеригиум на двете очи кои се хируршки отстранети со методата на екцизија на птеригиуми со лимбална автотрансплантација на горна и/или долна булбарна конјунктива. Примероците на хируршки екцидираното ткиво се хистоморфолошки и имунохистохемиски иследени, со што е потврдена дијагнозата на надворешно перде. Не е забележан рецидив по постоперативното континуирано следење од три години.

7. **V. Cheleva Markovska, D.Jakimovska.** Clinical manifestation and progressive sensorineural hearing loss in the patients with retinitis pigmentosa. Physioacta, Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropoloists, Skopje, 2018 Vol.12-No1, p93-102

Целта на авторите е клиничко да се иследат пациентите со пигментна ретинопатија и да се одреди квалитетот на слухот со аудиолошко тестирање. Опишани се карактеристични промени на ретината, оптичкиот нерв, точката на јасен вид. Забележано е и витреоретинално заматување, заматување на природната леќа, глауком и миопија кои заедно допринесуваат за намалување на видната функција кај пациентите. Резултатите од иследувањето на слухот покажуваат дека повеќето од овие пациенти имаат отежната комуникација и ограничен социјален живот. Авторите заклучуваат дека за зачувување на видната острина и слухот кои овозможуваат квалитетен социјален живот неопходно е континуирано следење и лекување на слушните и визуелни манифестации кај овие пациенти.

**Научни трудови презентирани на научен собир (постер/усна презентација)**

Во изборниот период доц. д-р Весна Челева-Марковска учествува и на повеќе релевантни конференции и други научни манифестации од обласа на офталмологијата, презентирајќи ја својата научна работа пред интернационални научни одбори. Од кои, има учествувано на 2 македонски офталмолошки и лекарски конгреси (2017) и меѓународните конгреси: Конгрес на офталмолозите на Југоисточна Европа (Сегедин 2018, Сараево, 2017, Братислава 2016, Будва 2015, Букурешт 2014), XIV Конгрес на офталмолозите на Србија со меѓународно учество, Суботица, 2015, Конгрес на Европското здружение на офталмолозите, Барселона, јуни 2017. Вкупно има презентирано 13 реферати, од кои 6 како усни, а 7 како постер реферати.

Учества на научни собири со реферат усно:

8. **V. Cheleva Markovska** Treatment of anisometropic amblyopia, Abstract book, IV Congress of Macedonian ophthalmologists with international participation, Ohrid, 2017, 96
9. **V Cheleva Markovska,** D. Jakimovska, J.Nivicka. Usher Syndrome: retinal degeneration, hearing loss and associated abnormalities, Abstract book, IV Congress of Macedonian ophthalmologists with international participation, Ohrid, 2017,113
10. **V. Cheleva Markovska,** L.Spasovska, A sporadic case of bilateral nasal and temporal pterigia on both eyes-case report. Book of abstracts. V Congress of ophthalmologist Society in Federation of Bosnia and Herzegovina and XIV Congress of South-East European ophthalmology society, Saraevo, 2017, 24
11. **V. Cheleva Markovska,** L.Spasovska. Angiogenesis in pterygium: histopathological and immunohistochemical study. Book of abstracts, XIIIth Congress of SOUTH East European ophthalmological society(SEEOS) and XXII Annual congress of Slovak ophthalmological society, Bratislava, 2016,7
12. **V. Cheleva Markovska.** Tamoxifen maculopathy, Abstract book, XIV Congress of Serbian ophthalmologists with international participation, Subotica, 2015
13. **V. Cheleva Markovska,** L.Spasovska. Pterygium excision with limbal autograph and its histopathological characteristic of epithelium, Book of abstracts, 1st Congress of Montenegrin ophthalmologists with international participation and 12th Congress of South East European ophthalmological society (SEEOS), Budva, 2015, 95

Учества на научни собири со реферат постер:

14. **V. Cheleva Markovska,** D.Jakimovska. Clinical manifestation and progressive sensorineural hearing loss in the patients with retinitis pigmentosa, Abstract e-book, SOE 2017 European society of ophthalmology, Barcelona 2017
15. E. Gosevska Dastevska, M.Antova Velevska, **V.Cheleva Markovska**, I.Ismaili Mechanical injuries of the eye:epidemiological characteristics and possibility of prevention. Book of abstracts, XIth Congress of the South-East European ophthalmological society (SEEEOS) and the XIIIth National congress of ophthalmology with international participation of Romanian society of ophthalmology, Buchurest, 2014
16. К. Блажевска Бужаровска, М.Голубовиќ, **В.Челева Марковска**. ОКТ кај новооткриени глаукоми, IV Конгрес на офталмолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2017, 89
17. Ј.Нивичка Ќаева, Н.Трепвска Шеќеринов, В.Димовска Јорданова, М.Голубовиќ, **В.Челева Марковска**, Рецидивирачка ценатална серозна хориоретинопатија. IV Конгрес на офталмолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид , 2017, 124
18. И. Петковска, Д. Петковски, **В.Челева**. Интернистичко офталмолошки пристап кај пациент со саркоидоза, IV Конгрес на офталмолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2017,130
19. Г. Мехмети, **В.Челева**, В.Речи, Х.Дума, И.Исмаили Хируршко решавање на руптура на корнеа и травматска катаракта-приказ на случај, Книга на апстракти, 22 Конгрес на албанските лекари на Македонија, Струга, 2017
20. **V. Cheleva Markovska.** Complication of pterygium excision with limbal autograft transplantation.Book of abstracts, Joint Congrss of the Hungarian ophthalmological society and Sout-East Europian ophthalmological society (SEEOS), Szeged, 2018

**Член на организациски или научен одбор на научен собир**

21. IV Конгрес на офталмолозите на Македонија, Охрид, 2017 година.

**Студиски престој во странство**

22. FISABIO, Валенсија, Шпанија, октомври-ноември 2015 г.

III. **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**

**Труд во стручно (научно-популарно) списание**

23. **В. Челева Марковска**, Е. Ѓошевска Даштевска, И. Саздовски. Клинички случај на централна серозна ретинопатија, Вокс Медици-прилог, Скопје, год.XXIII, No 83, јуни 2014, 26

Централната серозна ретинопатија или хориоретинопатија претставува невросензорно одлепување на ретината во макуларната регија, предизвикана од серозен излив од хориоидалните крвни садови преку оштетениот пигментен епител на ретината. Авторите опишуваат случај на 37-годишна жена, со симптоми на заматување на видот и искривување на сликата на предметите на десно око. Направена е флуресцентна ангиографија и ОКТ (оптичка кохерента томографија) снимање со карактеристични знаци на ангиограмот и ОКТ слајд. Поради промена на бојата на кожата на прстите на рацете и чувството на ладни прсти пациентката била препратена на Клиниката за ревматологија, каде што е дијагностицирана болеста на Raynaud. По десет месеци кај пациентката е забележано повторно намалување на видот и искривена слика кај левото око, при што на самиот ангиограмот се покажале акутни знаци на серозно излевање во макуларната регија. Кај десното око е забележан нежен хориоретинален цикатрикс. Доктринарен став за лекување на болеста сè уште не е утврден, иако може да се препишат различни вазодилататори, ангиопротектори, кортикостероиди, антиинфламатори. ЛФК (ласерфотокоагулација) е индицирана, по направена ФФА (флуресцинска ангиографија) ако дефектот на бруховата мембрана и пигментниот епител не е во близина на фовеата.

**Пленарно предавање на стручен собир**

24. **В. Челева Марковска.** Чекор по чекор до дијагноза на кривогледство, Работилница на тема страбизам, Секција на офталмолошките медицински сестри и техничари на Македонија, Велес, мај 2014
25. **V.Cheleva Markovska** Optical coherence tomography findings in toxic niacin maculopathy. XI International symposium of "National Academy Glaucoma" foundation, Sofija, 2018
26. **V.Cheleva Markovska,** D.Jakimovska. Retinitis pigmentosa-clinical manifestation and progressive sensori-neural hearing loss. X International symposium of "National Academy Glaucoma" foundation, Sofija, 2017
27. **V.Cheleva Markovska**, K.Buzarovska. Toxic maculopathy. VIII International symposium of "National Academy Glaucoma" foundation, Sofija, 2015,13 VIII
28. **V.Cheleva Markovska.** Diplopia- neurological or strabological sign? FISABIO, Valensia, Spain, 2015

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна за позитивната оценка на целокупната досегашна работа на доц. д-р Весна Челева-Марковска.

Кандидатката ги исполнува сите предвидени услови за избор во насловен вонреден професор за наставно-научната област офталмологија, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Според тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да го усвои нашиот предлог и **кандидатката доц. д-р Весна Челева-Марковска да ја избере во звање насловен вонреден професор за наставно-научната област офталмологија**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Драган Веселиновиќ, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Гордана Златановиќ, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Зденка Стојановска, вонреден професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕНА ДОЦ. Д-Р ВЕСНА МАРКОВСКА-ЧЕЛЕВА**

| **Ред. бр.** | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** |
|---|---|---|
| 4 | Избор во звање доцент | 30 |
| | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ **- ВКУПНО** | **30** |

| **Ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјатва** | **во странство** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори-9/6/3)<br>Трудови под реден од 1 до 7 – прв автор | 63 | |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство<br>Усно, под реден бр. 10-13- во странство 4 x 2,0 = 8 бода<br>Усно, под реден бр. 8-9- во земјава 2 x 1,5 = 3 бода<br>Постер, под реден бр. 14-15,20- во странство 3 x 1,5 = 4,5 бода<br>Постер, под реден бр. 16-19- во земјава 4 x 1,0 = 4 бода | 7 | 12 |
| 19 | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал<br>Научен собир по реден број 21 | 1 | |
| 22 | Студиски престој во странство<br>Реден број 22 | 8 | |
| | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ **ВКУПНО** | **91** | |

| **Ред. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>Реден број 23 | 2 | |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир<br>Реден број 24 – во земјава 1 x 2,0 = 2 бода<br>Реден број 25-28- во странство 4 x 4,0 = 16 бода | 2 | 16 |
| | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ **– ВКУПНО** | **20** | |

**ВКУПНО = 141 бод**

## РЕЦЕНЗИЈА

### НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ENGLISH LANGUAGE TEACHING METHODS AND APPROACHES” („МЕТОДИ И ПРИОДИ ВО НАСТАВАТА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК“) ОД ПРОФ. Д-Р НИНА ДАСКАЛОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1902-78/4 од редовната 191. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 23.4.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Марија Кусевска, редовен професор, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и
- д-р Виолета Димова, редовен професор, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ENGLISH LANGUAGE TEACHING METHODS AND APPROACHES” („Методи и приоди во наставата по англиски јазик“), учебник од проф. д-р Нина Даскаловска, наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „ENGLISH LANGUAGE TEACHING METHODS AND APPROACHES” („Методи и приоди во наставата по англиски јазик“) е учебник од проф. д-р Нина Даскаловска, наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Учебникот претставува наставно помагало по предметот Методика на наставата по англиски јазик 1, задолжителен предмет на студиската програма за Англиски јазик и книжевност – наставна насока, со 2+2+1 неделен фонд на часови, 6 кредити, и се слуша во петти семестар. Предложениот ракопис целосно е во согласност со наставната програма и теоретските наставни содржини кои се акредитирани за овој предмет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Проблематиката што е предмет на обработка е претставена на вкупно 295 страници. Текстот во трудот е поткрепен со бројни примери, табели и графикони. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот „ENGLISH LANGUAGE TEACHING METHODS AND APPROACHES” („Методи и приоди во наставата по англиски јазик“) од проф. д-р Нина Даскаловска претставува оригинален труд во кој авторката на соодветен начин ги претставува и разработува темите вклучени во неговата содржина. Имајќи ги предвид потребите на студентите, таа постепено и систематично ѝ приоѓа на секоја од темите поттикнувајќи го интересот на студентите и овозможувајќи им да навлезат во суштината на проблематиката која е во фокусот. Учебникот опфаќа голем број методи и приоди во наставата по странски јазици, од најраните до најсовремените. Покрај тоа, тој е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката од областа на предметот Методика на наставата по англиски јазик 1. Бидејќи во нашата земја не е објавен друг учебник од овој тип, сметаме дека тој е неопходен за студентите од групата Англиски јазик и книжевност – наставна насока.

**Краток опис на содржината:** Трудот се состои од вовед и четиринаесет поглавја распределени во четири целини: 1. Теории за усвојување на прв и втор јазик; 2. Рани методи за предавање втор јазик; 3. Алтернативни методи и 4. Комуникативни приоди во наставата по странски јазици. Секое поглавје започнува со дефинирање на терминологијата карактеристична за него и завршува со дискусија на темата која се обработува. Во *воведот* авторката ги нагласува важноста на учењето втор/странски јазик во денешниот свет на засилена комуникација, комплексноста на процесот на усвојувањето втор/странски јазик, факторите кои влијаат врз неговото усвојување, како и важноста на запознавање на наставниците со методите за предавање втор/странски јазик. На крајот се нагласува дека наставниците не може да се определат за само еден метод и дека комбинирањето на методите и приодите зависи од повеќе услови.

Првиот дел се состои од две поглавја. Во првото се претставени теориите за усвојување прв јазик (First language acquisition), а во второто за усвојување втор/странски јазик (Second language acquisition). Во првото поглавје се дава осврт на влијанието на развојот на другите науки врз истражувањата на усвојувањето на првиот јазик, фазите на усвојување на првиот јазик и теориите за негово усвојување. Во второто поглавје се разгледуваат теориите за усвојување втор/странски јазик.

Во останатите три дела се разгледуваат различни методи кои се користат во наставата по странски јазици. Во вториот дел се дава преглед на три рани методи: граматичко-преводниот метод (The Grammar-Translation Method), директниот метод (The Direct Method) и аудио-лингвалниот метод (The Audiolingual Method). Во третиот дел се претставуваат четири алтернативни методи: методот на целосен физички одговор (Total Physical Response), тивкиот метод (The Silent Way), сугестопедијата (Suggestopedia) и учење на јазикот во заедница (Community Language Learning). Четвртиот дел се состои од пет поглавја во кои се претставени современите методи во наставата по странски јазици: комуникативен приод (Communicative Language Teaching), учење на јазикот преку задачи (Task-Based Language Teaching), природен приод кон учењето јазици (The Natural Approach), кооперативно учење на јазици (Cooperative Language Learning) и постметодска педагогија (Post-method pedagogy). Секое од овие поглавја има иста структура: претставување на методот, објаснување на неговите принципи и процедури, илустрација на час организиран според дадениот метод, претставување на наставните техники кои се користат за време на часот, наведување на предностите и слабостите и заклучок. По секој метод следат активности кои им овозможуваат на студентите да го проверат своето разбирање и да дискутираат за дадениот метод.

Последното поглавје претставува заокружување на методите во наставата по втор/странски јазик. Во него се разгледуваат новата состојба според која не се дава предност на ниту еден метод, но се наведуваат други моменти важни во наставата како автономијата на наставникот и неговото право да избира како ќе ја организира наставата според своето искуство и дадените услови, како и според модерните приоди во наставата во кои се бара создавање соодветни услови за учење, интеракција во наставата, развивање автономија и свесност во учењето, развивање на интегрирани јазични вештини.

По секое поглавје е дадена листа на *користена литература*. На крајот е дадена обемна библиографија на литературата релевантна за дадениот предмет. По библиографијата е даден речник со објасненија на 253 термините со кои студентите би можеле да имаат проблем, а кои се неопходни за разбирање на наставната материја.

**ЗАКЛУЧОК**

Предложениот учебник „ENGLISH LANGUAGE TEACHING METHODS AND APPROACHES" („Методи и приоди во наставата по англиски јазик") од проф. д-р Нина Даскаловска е целосно направен според наставната материја предвидена во програмата за предметот Методика на наставата по англиски јазик 1 кој студентите на Катедрата за англиски јазик и книжевност – наставна насока го слушаат во петтиот семестар. Учебникот е систематски и логички организиран и дава целосен преглед на методите кои се користат во наставата по втор/странски јазик. Со тоа им овозможува на студентите да стекнат значајно познавање од оваа област и да се подготват за својата практична работа како идни наставници. Материјата е презентирана на современ начин и дава можности за активно учество на студентите и развивање критички став кон методите и работата во училницата.

Со оглед на горенаведениот извештај кој ја потврдува соодветноста и потребата од ваков учебник во нашата земја, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов „ENGLISH LANGUAGE TEACHING METHODS AND APPROACHES" („Методи и приоди во наставата по англиски јазик") од проф. д-р Нина Даскаловска како учебник за соодветниот предмет.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Марија Кусевска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Виолета Димова, редовен професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МАШИНИ И АЛАТИ ЗА ОБРАБОТКА СО ПЛАСТИЧНА ДЕФОРМАЦИЈА" ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р СЛАВЧО ЦВЕТКОВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2202-60/10 од 10.4.2019 година, донесена на 84. редовна седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет, одржана на 10.4.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Симеон Симеонов, редовен професор на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
– д-р Радомир Цветаноски, нас. вонреден професор на Машински факултет Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за учебник со наслов „Машини и алати за обработка со пластична деформација" од вон. проф. д-р Славчо Цветков, наменет за студентите на прв циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Машински факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т АЈ

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за учебник со наслов „Машини и алати за обработка со пластична деформација" е наменет за предметот Машини и алати за обработка со пластична деформација. Предметот е задолжителен, се изучува во осми семестар на студиската програма Производно машинство, со фонд на часови 2+1+1. Ракописот е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот има 338 страници, напишани на формат А4, со фонт на букви Arial и големина на фонтот 11, проред 1.0. Содржи 435 скици, дијаграми, цртежи и фотографии, од кои повеќето се во боја и 28 табели. По содржина ракописот ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Согласно со нашите сознанија учебник со наслов „Машини и алати за обработка со пластична деформација" во Република Македонија нема објавено. Ракописот е напишан според важечка наставна програма на Машински факултет при УГД во Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот содржи две глави - I глава Машини за обработка со пластична деформација и II глава Алати за обработка со пластична деформација.

Во I глава *Машини за обработка со пластична деформација* се обработени 13 тематските целини, различни по обем и тоа:

– Машини за обработка со пластична деформација;
– Преси за обработка со пластична деформација;
– Кривајни преси; основни карактеристики, универзални преси, технички карактеристики, конструктивни изведби, ексцентар преси, преси за раздвојување, брзооди преси, преси за фино раздвојување, пробивачки, преси за извлекување на делови од лим, повеќеделни преси, преси за обликување на големи лимени делови, преси за аголно свиткување на лим, ножици за сечење на лим, погонски механизми,

конструктивни елементи, погонски системи, дополнителни уреди кај преси, уреди за измена и стегање на алати;
- Хидраулични преси; основни карактеристики, преси за обработка на лим, универзални преси, преси за длабоко извлекување на делови од лим, повеќеделни преси, преси за фино раздвојување, пробивачки, автоматски линии од хидраулични преси;
- Чекани; карактеристики, носечка структура, паровоздушни, пневматски, механички и современи чекани;
- Навојни преси; конструктивни шеми на навојни преси, фрикциони, електронавојни и хидронавојни преси;
- Кривајни преси за ковање во алати; вертикални и хоризонтални ковачки преси, радијални ковачки машини;
- Преси за калибрирање, ладно втиснување и ковање; кривајно-лактасти преси за калибрирање и втиснување;
- Хидраулични преси за ковање; преси за слободно ковање, преси за ковање во алат, повеќеделни ковачки преси;
- Преси за опсечување на венец и пробивање плочка на отковка;
- Машини за истиснување; кривајни и хидраулични преси за ладно истиснување на отковки, хоризонтални преси за топло истиснување на отковки и профили;
- Ножици за кршење на прачкаст материјал и
- Машини за валање на отковки.

Во II глава *Алати за обработка со пластична деформација* се обработени алати за обработка на лим и алати за волуменско обликување со ковање во 12 тематски целини и тоа:
- Анализа на технологичност на делови изработени од лим;
- Димензии на лимена лента, распоред на парчињата и коефициент на искористување на појдовниот материјал;
- Основни елементи на алатите за изработка на делови од лим; водење на алати и врзување за преси, составни делови на алати за обработка на лим, држачи и носачи на работни делови, делови за водење на подвижниот во однос на неподвижниот дел од алатот, делови за лоцирање, водење и одредување на чекорот на лентата, делови и механизми за симнување на готови парчиња или отпад од работните органи, механизми за претворање на вертикалното движење на притиснувачот во хоризонтално движење на пробивачот, типизирани и стандардни делови, работни елементи за просечување и пробивање, експлоатација на алати за просечување и пробивање, работни елементи на алатите за фино раздвојување и калибрирање, алати за свиткување на лим, алати за извлекување на лим, плочи за брзо врзување на алати за преси, материјали за изработка на составните делови на алатите;
- Конструктивни изведби на алати за пробивање и просечување на лим; основни изведби на алати, технолошки изведби, алати за изработка на делови со нормална точност, еднооперациски алати, комбинирани алати со нормална големина на отпадот, алати за фино раздвојување;
- Конструктивни изведби на алати за свиткување; еднооперциски алати за свиткување, свиткување на делови со V, L, Z и U-облик, свиткување на делови со облик на цилиндрична гилзна, комбинирани алати за пробивање, свиткување и просечување;
- Конструктивни изведби на алати за извлекување: основни изведби, алати за прва операција на извлекување, алати за втора и наредни операции за извлекување, повеќеоперациски алати за просечување и извлекување, комбинирани чекорни алати за извлекување и просечување од лента, повеќеоперациски алати за просечување, извлекување и пробивање, алати за извлекување со смалување на дебелината на лимот;
- Алати за ковење; основи за конструкција на ковачки алати;
- Алати за ковање на чекани; едноделни алати за ковање, алати за ковање со повеќе гравури, основни групи на отковки, фази за изработка на отковки од I, II и III група, конструктивни изведби на алати за ковање;

- Алати за ковање на ковачки преси; ковачки гравури кај алатите, конструктивни изведби, алати за ковање на отковки со разгранет облик во хоризонтална рамнина, алати за ковање на отковки со издолжена главна оска, алати за ковање на отковки кои се коват со методот на истиснување;
- Алати за ковање на навојни преси; конструктивни изведби, алати за ковање отковки со вретенест облик здебелени на едниот крај, алати за ковање на степенести и на едниот крај здебелени осовини и вратила;
- Алати за ковање на хидраулични преси;
- Алати за опсечување венец и пробивање на плочка; алати за опсечување на венец, алати за пробивање на плочка, комбинирани алати.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот „Машини и алати за обработка со пластична деформација“ ќе им биде од исклучителна корист на студентите од студиската програма Производно машинство на Машински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Ракописот има научен квалитет со практична примена и на студентите ќе им послужи за изучување на материјалот и подготовка за испит по предметот Машини и алати за обработка со пластична деформација. Овозможува стекнување со продлабочени знаења за машините и алатите за обработка со пластична деформација. Дипломирани машински инженери учебникот можат да го користат како практично применлива литература по нивното вработување во производни организации. Истиот можат да го користат и машински инженери и стручни лица вработени во работни организации кои се сретнуваат со оваа материја.

Ракописот ги задоволува критериумите за објавување и се категоризира како учебник.

Земајќи го предвид претходно изнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да ја усвои позитивната рецензија на ракописот со наслов „Машини и алати за обработка со пластична деформација“ и да го одобри издавањето во форма на електронски учебник во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Симеон Симеонов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Радомир Цветановски, вонреден професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „СТАТИКА” ОД ПРОФ. Д-Р СИМЕОН СИМЕОНОВ, ВОН. ПРОФ. Д-Р СЛАВЧО ЦВЕТКОВ И ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ЧЕКЕРОВСКА, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2202-60/11 од 10.4.2019 г. донесена на редовна седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет, одржана на 10.4.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Дејан Мираковски, редовен професор, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
– д-р Николинка Донева, вонреден професор, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„**Статика” од ред. проф. Симеон Симеонов, вон. проф. Славчо Цветков и доц. Марија Чекеровска, наменет за студентите на прв циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Машински факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Статика” е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет. Овој учебник ќе се користи како основна литература за предметот Статика, кој се изучува во 2 семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1.

**Податоци за обемот на ракописот:** Број на страници 203, формат А4, 153 слики и 2 табели. Обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Вакви учебници во Република Македонија се објавени на Машински факултет во Скопје – „Техничка механика 1“ од Р. Јосифовска и на Технички факултет во Битола – „Техничка механика 1“ од Андоновиќ, „Механика“ од Е. Бахтовска. Овој ракопис е напишан според Наставната програма на Машинскиот факултет при УГД – Штип.

**Краток опис на содржината:** Во првото поглавје авторите даваат краток осврт на задачата, поделба и основите поими на механиката. Понатаму се воведува поимот за сила, видови на сили, основните закони на механиката, како и рамнотежа и видови на движења.

Во второто поглавје е дадено сложување и разложување на сили во рамнина кои дејствуваат во една точка, сложување на сили со ист правец, сложување на систем од сили. Во овој дел се дефинира и воведува поимот за статички момент, Варињонова теорема, сложување на две сили кои имаат различни нападни точки, како и спрег на сили и систем на спрегови во рамнина.

Третото поглавје е посветено на рамнинските носачи, општо за овие носачи, поимите трансверзална сила, аксијална сила и нападен момент, проста греда товарена со различни товари како и карактеристични случаи со проста греда. Понатаму во ова поглавје се разгледува греда со препуст, Герберова греда, рамковни носачи, решеткасти носачи.

Во четвртото поглавје е дадена статиката во простор, сложување на систем од сили кои дејствуваат на една материјална точка, момент на сила во однос на точка, момент на сила во однос на оска, спрег на сили во простор, сложување на произволен просторен систем од сили.

Во петтото поглавје се дадени просторни носачи, општо за нив, статички големини кај просторните носачи. Во следното шесто поглавје е претставено триењето, триење при лизгање, триење при тркалање и триење на јаже.

Во седмото поглавје е даден поимот за тежиште, тежиште на хомогено тело, површина и линија. Во последното осмо поглавје се дадени решени примери од сите претходни целини.

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот е литература по предметот Статика и ќе биде од корист за студентите на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и истиот ќе послужи за стекнување на основните познавања за статичка пресметка на конструкции, како и за вработени во работни организации кои ја обработуваат оваа проблематика.

Ракописот ги задоволува критериумите за објавување и се категоризира како учебник.

Земајќи го предвид претходно изнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да ја усвои позитивната рецензија на ракописот со наслов „Статика” и да го одобри неговото издавање во форма на електронски учебник во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Дејан Мираковски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Николинка Донева, вонреден професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ" ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р МИЧО АПОСТОЛОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2102-111/7 од 199. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 21.3.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Круме Николоски, редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- д-р Марија Магдинчева-Шопова, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Менаџмент на синџир на снабдување" од вон. проф. д-р Мичо Апостолов наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Менаџмент на синџир на снабдување" е наменет за предметот Менаџмент на синџир на снабдување од четврти семестар со фонд на часови 3+2+2. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот „Менаџмент на синџир на снабдување" се состои од 250 страници во 9 тематски единици за предметот Менаџмент на синџир на снабдување и по обем и содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Менаџмент на синџир на снабдување е релативно нова дисциплина за која сè уште не е објавен ист или сличен ракопис, но со издавање на овој ракопис им се овозможува на студентите да добијат јасна слика и сеопфатност на материјалот кој е предвиден за наставата. Овој ракопис, покрај теоретските, нуди и практични базични знаења по предметот Менаџмент на синџир на снабдување.

**Краток опис на содржината:** Првиот дел *Вовед во менаџмент на синџирот на снабдување - разбирање на синџирите на снабдување* се однесува на целите на синџирот на снабдување и влијанието на синџирот на снабдување во одлуките кои влијаат на успешноста на една фирма, идентификување на три клучни фази на одлука во синџирот на снабдување, циклусите во синџирот на снабдување, како и push/pull основите на синџирот на снабдување и класифицирање на макропроцесите во една фирма до аспект на синџирот на снабдување.

Во вториот дел *Перформанса на синџирот на снабдување - постигнување на стратешка погодност и обем* се објаснува начинот на постигнување на стратешката погодност која е пресудена за севкупниот успех на компанијата. Исто така, се утврдува како една компанија постигнува стратешка погодност помеѓу својата стратегија за синџирот на снабдување и својата конкурентска стратегија. И на крај, во поглавјето се потенцира важноста од проширување на обемот на стратешката погодност преку синџирот на снабдување.

Во третиот дел *Двигатели на синџирот на снабдување и метрика* се воведуваат трите логистички двигатели – просториите, инвентарот и транспортот, и трите двигатели кои се вкрстуваат по функциите – информациите, одредување на изворот и одредување на цените – кои го одредуваат перформансот на секој синџир на снабдување. Понатаму, има содржинска дискусија за тоа како овие двигатели се користат во дизајнот, планирањето и работењето на синџирот на снабдување. Во однос на претходното се одредуваат неколку метрики кои можат да се користат за да се мери перформансот на секој двигател и исто така се воведуваат и многуте пречки со кои се соочуваат менаџерите на синџирот на снабдување.

Во четвртиот дел *Креирање на дистрибутивни мрежи и апликации за е-бизнис* се идентификуваат клучните фактори кои се земат предвид при дизајнирање на дистрибутивната мрежа, се одредуваат факторите кои влијаат на предностите и слабостите на различните опции за дистрибуција. Исто така се дава и објаснување за тоа како е-бизнисот е под влијание на дизајнот на дистрибутивни мрежи во различни индустрии.

Во петтиот дел *Мрежен дизајн во несигурна околина* се идентификуваат неизвесностите кои влијаат на перформансите на синџирот на снабдување и мрежниот дизајн. Во однос на мрежниот дизајн се разработуваат методологиите кои се користат за оценување на одлуките за дизајн на синџирот на снабдување во неизвесна околина. Понатаму, се анализираат одлуките за мрежен дизајн на синџирот на снабдување во несигурна околина.

Во шестиот дел *Менацирање на економии од обем во синџир на снабдување - цикличен инвентар* се прави биланс на трошоци за да се избере оптимална количина на цикличен инвентар во синџирот на снабдување. Дополнително се објаснува влијанието на количествени попусти и трговските промоции врз цикличниот инвентар. Се прави напор да се идентификуваат нивоата со кои се намалува цикличниот инвентар во синџирот на снабдување, без зголемување на трошоците.

Во седмиот дел *Управување со независноста во синџирот на снабдување - безбедносен инвентар* се објаснува улогата на безбедносниот инвентар во синџирот на снабдување, се идентификуваат факторите кои влијаат на потребното ниво на безбедносен инвентар и се одредуваат нивоата за низок безбедносен инвентар за да се подобри достапноста на производот.

Во осмиот дел се обработува темата *Управување со цени, приходи и координација во синџирот на снабдување*. Овој проблем е многу важен и во ова поглавје е дадена улогата на управување со приходите во синџирот за снабдување, поконкретно управување со цените и приходите за повеќекратни кориснички сегменти. Недостатокот на координација доведува до деградација на одговорност и зголемување на трошоците во рамките на синџирот на снабдување.

Во деветтиот дел *Транспорт во синџирот на снабдување* се објаснува улогата на транспортот во синџирот на снабдување, поконкретно, различните начини на транспорт, улогата на инфраструктурата и условите во транспортот, различните транспортни мрежи и опции, како и дизајнирање на транспортна мрежа.

Ракописот е напишан на ниво кое е разбирливо за студентите за предметот Менаџмент на синџир на снабдување, но и за сите кои имаат потреба од доедукација од оваа област. Материјалот е пишуван на македонски јазик и истиот може да го користат и студентите од другите единици на Универзитетот „Гоце Делчев", каде што се изучува или во иднина ќе се изучува предметот.

**ЗАКЛУЧОК**

Од досега наведеното, Комисијата во горенаведениот состав констатира дека ракописот „Менаџмент на синџир на снабдување“, поднесен од авторот д-р Мичо Апостолов е наменет за студентите запишани на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Учебникот е концепиран по однапред утврдени наставен план и програма. Во овој ракопис детално се разработени методите што се користат во логистичките процеси, поконкретно за менаџмент на синџирите на снабдување.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати како позитивен извештајот за ракописот „Менаџмент на синџир на снабдување“ од авторот д-р Мичо Апостолов и да овозможи истиот да се користи во наставата по предметот Менаџмент на синџир на снабдување како рецензиран учебник.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Круме Николоски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Марија Магдинчева-Шопова, вонреден професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ - МЕНАЏМЕНТ НА СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ" ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р МИЧО АПОСТОЛОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2102-111/8 од 199. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 21.3.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Круме Николоски, редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- д-р Марија Магдинчева-Шопова, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Практикум за вежби - Менаџмент на синџир на снабдување" од авторот вон. проф. д-р Мичо Апостолов, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Практикум за вежби - Менаџмент на синџир на снабдување" од авторот вон. проф. д-р Мичо Апостолов е наменет за вежбите по предметот Менаџмент на синџир на снабдување од четврти семестар со фонд на часови 3+2+2. Предвидените вежби како практичен дел за студентите се компатибилни и согласни со теоретските предавања и материјалот опфатени во скриптата „Менаџмент на синџир на снабдување". Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот „Практикум за вежби - Менаџмент на синџир на снабдување" се состои од 50 страници и истиот е конципиран во 9 тематски единици предвидени за вежби на студентите. По обем и содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Менаџмент на синџир на снабдување е релативно нова дисциплина за која сè уште не е објавен ист или сличен ракопис, но со издавање на овој ракопис им се овозможува на студентите да добијат теоретски и практични базични знаења по предметот Менаџмент на синџир на снабдување.

**Краток опис на содржината: „**Практикум за вежби - Менаџмент на синџир на снабдување" се состои од практични примери и задачи согласно со поглавјата од скриптата Менаџмент на синџир на снабдување, и тоа:

1. Вежби за поглавје 1 - Вовед во менаџмент на синџирот на снабдување - разбирање на синџирите на снабдување
- Примери и прашања врзани за целите на синџирот на снабдување и влијанието на синџирот на снабдување во одлуките кои влијаат на успешноста на една фирма;
2. Вежби за поглавје 2 - Перформанса на синџирот на снабдување - постигнување на стратешка погодност и обем
- Примери и прашања со кои се поставуваат основите на постигнување на стратешката погодност која е пресудена за севкупниот успех на компанијата;

3. Вежби за поглавје 3 - Двигатели на синџирот на снабдување и метрика
- Примери и прашања по однос на поставувањето на трите логистички двигатели – просториите, инвентарот и транспортот, и трите двигатели кои се вкрстуваат по функциите – информациите;
- Задачи кои го продлабочуваат знаењето за различните метрики со кои мери перформансот на секој двигател;
4. Вежби за поглавје 4 - Креирање на дистрибутивни мрежи и апликации за е-бизнис
- Примери и прашања со кои се идентификуваат клучните фактори кои се земат предвид при дизајнирање на дистрибутивната мрежа, се одредуваат факторите кои влијаат на предностите и слабостите на различните опции за дистрибуција;
- Задачи за дизајн на дистрибутивни мрежи;
5. Вежби за поглавје 5 - Мрежен дизајн во несигурна околина
- Примери и прашања за идентификација на неизвесностите кои влијаат на перформансите на синџирот на снабдување и мрежниот дизајн;
6. Вежби за поглавје 6 - Менаџирање на економии од обем во синџир на снабдување - цикличен инвентар
- Примери и прашања за утврдување на оптимална количина на цикличен инвентар во синџирот на снабдување
- Задачи за одредување на нивоата со кои се намалува цикличниот инвентар во синџирот на снабдување;
7. Вежби за поглавје 7 – Управување со независноста во синџирот на снабдување - безбедносен инвентар
- Примери и прашања за улогата и факторите на безбедносниот инвентар во синџирот на снабдување;
8. Вежби за поглавје 8 – Управување со цени, приходи и координација во синџирот на снабдување
- Примери и прашања за цени, приходи и координација во синџирот на снабдување
- Задачи за управување со приходите во синџирот за снабдување;
9. Вежби за поглавје 9 – Транспорт во синџирот на снабдување
- Примери и прашања врзани за улогата, начините на транспорт и условите во транспортот;
- Задачи за дизајнирање на транспортни мрежи и опции.

## ЗАКЛУЧОК

Од досега наведеното, Комисијата во горенаведениот состав констатира дека ракописот „Практикум за вежби - Менаџмент на синџир на снабдување", поднесен од авторот проф. д-р Мичо Апостолов е наменет за студентите запишани на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Практикумот е конципиран по однапред утврдени наставен план и програма.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати како позитивен извештајот за ракописот „Практикум за вежби - Менаџмент на синџир на снабдување" од авторот д-р Мичо Апостолов и да овозможи истиот да се користи во наставата по предметот Менаџмент на синџир на снабдување како рецензиран практикум за вежби.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Круме Николоски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Марија Магдинчева-Шопова, вонреден професор, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Факултет за информатика** | | | | |
| 1 | Анализа на пристапот кон е-учење со техники за обработка на големи податоци од Moodle база на податоци | 1502-78/7 од 8.5.2019 г. | Проф. д-р Зоран Здравев | Љупче Јаневски |
| **Филолошки факултет** | | | | |
| 2 | Прилозите во романот „Црна книга” од Орхан Памук и нивните преводни еквиваленти во преводот на Илхами Емин | 1902-69/13 од 2.4.2019 г. | Проф. д-р Марија Леонтиќ | Деспина Минова |
| 3 | Употребата на модалните глаголи во научни трудови на англиски и на македонски јазик | 1902-69/14 од 2.4.2019 г. | Проф. д-р Марија Кусевска | Елена Арсовска |
| **Правен факултет** | | | | |
| 5 | Подемот и падот на печатените медиуми во Република Северна Македонија | 1102-81/17 од 7.5.2019 г. | Проф. д-р Андон Мајхошев | Вања Мицевска |
| 6 | Етиологија и феноменологија на кривичните дела против безбедноста во јавниот сообраќај | 1102-81/19 од 7.5.2019 г. | Проф. д-р Олга Кошевалиска | Сања Петковска |
| 7 | Имунитетот како процесно-правна пречка за остварување на ретрибутивната правда | 1102-81/18 од 7.5.2019 г. | Проф. д-р Олга Кошевалиска | Ненад Петров |
| 8 | Лажните вести како негативна појава во медиумското информирање во западните демократии | 1102-79/23 од 9.5.2018 г. | Проф. д-р Андон Мајхошев | Александар Младеновски |